# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
Од Шестото продолжение на Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 август 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со расправа по текстот на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубе Бошковски, Љубчо Ѓеоргиевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Илија Китановски, Никола Груевски, Трифун Костовски, Ганка Самоиловска Цветанова, Љубисав Иванов Ѕинго, Ѓорѓи Оровчанец, Мендух Тачи, Али Ахмети, Зоран Крстевски, Иван Стоиљковиќ, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на член 12 под в) за бришење на точката 77, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Ѓорѓиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Палошковски, Ристо Пејоски, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Овој амандман се однесува на општина Сарај. Значи, практично ова е вториот амандман од амандманот кој што е заведен под архивски број 3119/113, значи, во првиот амандман кој што беше на член 10, а овој е на член 12 во кој што е списокот на општините, овој амандман беше одбиен. Меѓутоа, се надеваме дека доколку најдеме разбирање кај претставникот на Владата на Република Македонија, или кај парламентарното мнозинство дека ова има правен основ да се искорегира, значи, не е точно тоа дека овој амандман доколку се усвои би бил ништавен, значи постои можност за негово целосно имплементирање во рамките на законот. Инаку амандманот гласи, значи во членот 12 по точката 58 се додава нова точка 58-а која гласи: 58-а општина Сарај, селата Арнакија, Бојане, Буковиќ, Глумово, Горно Свиларе, Грчец, Дворце, Долно Свиларе, Кондово, Копаница, Крушопек, Ласкарци, Љубин, Матка, Паничари, Радуша, Раович, Рашче, Рудник, Семениште, Чајлане, и Шишево. Во истиот член по точка 77 се брише, а тоа е точката 77 практично тоа е под в), тоа се општини во Скопје. Значи, се брише општината Сарај како општина во рамките на Скопје. Што е целта на овој амандман? Целта на овој амандман е општината Сарај да остане самостојна општина во рамките на Република Македонија, значи да не биде како десета скопска општина. Сметаме дека воопшто не држат образложенијата на претставникот на Владата за оправданоста општината Сарај да биде десета скопска општина, бидејќи сметаме дека тоа е плод на политички договор заради двојазичноста на Скопје и мислиме дека на овој начин се прави едно вештачко, или насилно двојазично Скопје кое што сметаме дека нема да биде добро за граѓаните на Скопје и општо за Република Македонија, бидејќи со тоа можат да се дигнат и меѓуетничките тензии. Значи, доколку би дошло до

двојазичност, таа би требало да биде по еден природен пат, или по еден природен прираст на населението кои што не се мнозинство во градот Скопје во конкретниот случај. Сметаме дека општина Сарај при предлагањето на Сарај да биде во списокот на градските општини, тоа е единствениот критериум. Ќе се обидеме да го демантираме тоа со нашите искажувања. Имено, во овој случај ако се направи тоа со Сарај, се поставува прашањето зошто истото не е направено со Сопиште, со Студеничани, со Зелениково, со Петровец, со Илинден, со Арачиново, со Чучер Сандево, значи зошто се прави еден селективен пристап од сите тие приградски општини кои што понапред пред 1996 година кога беа 34 општини во Република Македонија, сите овие општини кои ги набројав, вклучително и Сарај беа во рамките на градот Скопје. Сега се издвојува само општина Сарај, а сите останати си остануваат како самостојни општини надвор од градот Скопје, значи не се градски општини. Значи тука индикативен е тој селективен пристап.

Второ, сметаме дека и тие општини и општина Сарај не се урбанизирани, значи се прави мегаполис од Скопје, значи колку што е Скопје големо уште повеќе му се придодаваат други општини со што бројот на населението се зголемува и што е најважно се прави едно припојување, или соединување на две различни општини со многу различен степен на урбанизација, значи се спојува во Скопје општина која е крајно рурална, впрочем како што се и сите општини кои што се надвор од генералниот урбанистички план на градот Скопје. И со тоа сметам дека ќе настанат повеќе проблеми отколку што ќе има полезности како за градот Скопје така и за општината Сарај. Имено сакам исто така да потенцирам дека со одлука на Советот во првата фаза е донесена одлука, значи Советот на општина Сарај донесе одлука оваа општина да биде независна, а не да биде во рамките на градот Скопје. Зошто е оваа одлука изменета, практично одлуката на Советот е и претпоставувам и волјата на граѓаните, или на жителите на општина Сарај. Зошто е ова променето не ми е јасно. Впрочем не знам ни дали граѓаните на општина Сарај знаат се што добиваат и се што губат, практично повеќе губат со припојувањето на Сарај кон градот Скопје. Имено, на тие граѓани треба да им се објасни дека комуналиите за уредувањето на градежно земјиште 60% од тие комуналии ќе одат за градот Скопје, а 40% ќе остануваат за општина Сарај. Додека односот на даноците ќе

биде 50 : 50%, имено 50% од даноците кои што ќе ги прибира општината ќе одат за градот Скопје. И сега се поставува прашањето колку од овие средства кои ќе бидат трансферирани во градската каса ќе се вратат во општината Сарај. Вака ако гледаме нормално, значи како што се работи во Западна Европа, или во нормалниот свет, во тој случај подобро е некоја рурална општина да се припои кон некоја многу урбана, или супер урбана општина, или град како што е Скопје, бидејќи со тоа ќе ги искористи полезностите и финансиската моќ на градот. Меѓутоа, јас често тоа го напомнувам во моите дискусии, 50-годишната пракса го покажа сосем спротивното. Имено, градовите се затворени во своите градски граници и претежно се ориентирани дури и спрема центарот на градот, дури и периферииите на градот кои што се составен дел на градот исто така сметам дека се далеку понеурбани, отколку кога се движиме спрема центарот на градот, така што тоа е нашиот менталитет. Сметам дека ќе имаат проблем жителите на општина Сарај за да можат средствата кои што тие ги собираат од своите средства лични и одат во градската каса, дека тешко ќе можат во соодветниот процент и соодветниот сооднос да им бидат вратени. Така што овие села кои што ги набројав, да не ги набројувам повторно, значи, ќе испадне дека тие ќе имаат многу поголема штета отколку што ќе имаат корист доколку општината Сарај биде градска општина. Инаку, има објаснување исто така дека Спортскиот рекреативен центар Сарај тој е под градот Скопје, соодветно на тоа нормално би било да биде и општината Сарај под Скопје, исто така Езерото Матка. Меѓутоа јас не се сложувам со тоа бидејќи и сега Спортско рекреативниот центар е под надлежност на градот Скопје, и нема никаков проблем, исто така и Езерото Матка. Значи, како што рече еден колега, мислам дека беше Исмет Рамадани, дека практично ние како да се плашиме дека доколку Сарај не биде во рамките на градот Скопје, во тој случај ќе имаме проблем Спортско рекреативниот центар Сарај, или Матка да бидат непречено користени од сите граѓани на градот Скопје што сметам дека не би требало да биде тоа никаква причина. И сметам дека воопшто не е никаков аргумент за да може да се предлага општината Сарај да биде во рамките на градот Скопје. Ако остане општината Сарај т.е. овие населени места како посебна општина надвор од градот Скопје ќе имаат повеќе ингеренции, бидејќи нормално кога е во рамките на градот Скопје, дел од

ингеренциите ги превзема градот како јавни претпријатија, како одреден дел од надлежностите кои што градот ги има во однос на општините. Ние ќе дојдеме и до законот за градот Скопје. Ќе се потврди оваа моја констатација и дискусија, бидејќи во првиот предлог многу  од ингеренциите беа во градот Скопје, па сега гледам дека во втората фаза има измена на тие ингеренции, меѓутоа сепак, остануваат многу од ингеренциите кои што од општината се пренесени на градот Скопје и што сметам дека овие населени места кои што формираат своја општина ќе имаат помал број на ингеренции отколку кога би биле сама и независна општина. Значи, сепак останува констатацијата која што ние како опозиција сакаме да ја кажеме и која што ја знае целокупната македонска јавност, исто така која што беше и предмет на преговарање на коалиционите партнери СДСМ и ДУИ од почетокот на јуни па се до средината на јули, значи 15 дена од јули, 30 дена од јуни, значи 45 дена практично бевме секојдневно сведоци на еден пазар во врска со трите клучни прашања меѓу кои што беше и двојазичноста на Скопје и се изнајде формулата тоа да биде општината Сарај како најблиска општина, јас се сложувам дека е најблиска од сите останати кои што ги споменав, значи од Сопиште, од Студеничани, од Зелениково, од Петровец, од Илинден, од Арачиново и од Чучер Сандево. Меѓутоа, нејзината блискост не значи дека и треба да биде во рамките на градот Скопје. Значи, се работи за еден микс, се работи за едно спојување кое што навистина е апсурдно. И сметам дека требаше да се прашаат и граѓаните на градот Скопје. Значи градоначалникот Пенов би требало исто така да ги праша со оглед на тоа што сега се припојува една рурална општина и градот  Скопје станува двојазичен. Што ќе значи тоа по расположението на граѓаните на градот Скопје, бидејќи знаеме дека согласно на член 5 од Европската повелба за локална самоуправа чиј што потписник е и Република Македонија  дека доколку се менуваат границите на одредена општина, во тој случај треба, или мора да биде консултирана и локалната самоуправа. Јас сметам дека и градот Скопје е локална самоуправа, можеби поспецифична, или специфична во Република Македонија и затоа постои посебен закон за градот Скопје. Меѓутоа, сепак и тоа е локална самоуправа и останатите граѓани на градот Скопје сепак треба да бидат консултирани за проширувањето на границите на

градот Скопје. Меѓутоа, Пенов упорно молчи. Значи, сепак без согласност и без никаква консултација на граѓаните од градот Скопје, се припојува една рурална општина само со една и единствена цел за да може градот Скопје, значи престолнината на Република Македонија, главниот град да биде двојазичен. Тоа отвора големи дилеми меѓу граѓаните во Република Македонија, меѓу македонскиот народ, да не речам и загриженост и сметам дека...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, сепак држете се за амандманот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Затоа се обидов да ги кажам аргументите поради кои што оваа општина се припојува кон градот Скопје. Сметам дека сепак, сеуште сум на темата. И затоа апелирам до парламентарното мнозинство и до претставникот на Владата да биде прифатен овој амандман. Сметам дека со тоа ќе остане постојната положба. Значи градот Скопје да биде во рамките на генералниот урбанистички план, или онаков во своите граници како што беше и до сега. Така што овие населени места кои што си имаат своја општина и понатаму да бидат во посебна општина Сарај, значи со посебна локална самоуправа и со тоа мислам дека и нивните права ќе бидат поблиску до нив, значи навистина ќе бидат правата децентрализација која што ние сакаме како Република Македонија со пакетот на закони за децентрализација тоа да го направиме. Инаку во спротивно сметам дека настанува обратниот процес, процесот на централизација и со тоа мислам дека во Македонија на некој начин се прават и само политички решенија.

Уште еднаш би апелирал да се прифати овој амандман, бидејќи сепак, мислам дека има аргументи за негово прифаќање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, предлагач на амандманот, Коцевски. Ова е трета, четврта или петта расправа во делот на Коце Трајановски,грешка,

Коце Трајановски се извинувам. Ова е трета, четврта или петта расправа во делот Сарај, Кондово околу делот на осамостојување, со аргументи против аргументи, но отворено и јасно дел од дискутантите и предлагачот укажува дека се бараат Сарај и Кондово да бидат посебно и од аспект на остварување на правата поради двојазичноста, односно службената употреба во градот Скопје, покрај македонскиот и јазикот на припадниците на албанската заедница.

И од вашата дискусија и од сите дискусии досега видливо е дека ваквото организирање на градот Скопје во кој се воведува и двојазичноста не е проблем, освен еден пратеник кој искажа јасно дека тој се противи на тоа, но за по пет минути да укаже дека би се сложил со ваквото организирање на Скопје, доколку би се решил проблемот на Кичево.

Господин Трајановски, на Скопје од ваша страна и на сите пратеници е укажано дека во никоја смисла не ја загрозува употребата на македонскиот јазик туку ваквото организирање било направено на вештачки начин неприродно. Јас дадов одредени аргументи, но би сакал да укажам на едно ваше тврдење кое во овој Парламент се наметнува, овој амандман. Зошто Сарај и Кондово, а не Чучер, Сандево, Студеничани, Петровец, Илинден, Сопиште.

Господин Трајановски скопската котлина или како што виката организирањето на Скопје по пописот од 1994 година или таканаречената скопска котлина припадниците на албанската заедница во целокупното опкружување се над 20%, 21%. Што значи вашите предлози како да го организираме Скопје, од една страна викате со приклучување на Сарај и Кондово како Мегаполис, да ги донесеме сите тие општини кои во основа ја покажуваат дилемата оние приоритети што ги имаат Сарај во делот на живеењето во Скопје. Го имаме пак албанскиот јазик како втор службен јазик.

Ако го гледаме пописот од 2003 година тој процент на припадниците на албанската заедница е 23%. Што значи вашите укажувања не држат врз основа на фактот, дај да ги приклучиме сите. Од една страна имаме амандмани на дел на припадници на албанската заедница - пратеници, дајте само Арачиново, еве и Студеничани кое е доминантно

албанско население, а вие викате дајте да го донесеме Петровец. Значи, не ја менува структурата. Тоа е најважното што сакам да го укажам и таа теза да ја отстранам.

Второт, вие прашувате со приклучувањето на Сарај кои пари ќе се даваат, какви обврски ќе има градот, ќе биде товар на градот. Во генералниот урбанистички план јас укажав и пак ќе укажам во градот Скопје е решено едно многу важно прашање на финансирање на општините на градот Скопје и градот Скопје. Вас ви е познато дека тие имаат изворни приходи кои врз основа на одредени критериуми и формули ги делат градот и општините на градот. И, заедничкиот фонд врз основа на принцип кој уплаќа врз основа на одредени параметри ги добива тие пари.

Исто така, се отвара едно прашање, тоа е на генералниот урбанистички план на градот во кое  е решено во овој закон во кој временски период треба да се усогласат плановите на општините во градот Скопје со генералниот урбанистички план. Сметам дека тврдењата од ваша страна треба да бидат јасни и прецизни. Вие кажувате не сме против употреба покрај македонскиот јазик и кириличното писмо и албанскиот јазик да биде службен јазик во рамките на законските овлстувања и Уставот, тоа ќе биде регулирано пред се со актите на градот Скопје и со посебните закони кои ја регулираат употребата на јазикот како во сите други единици на локална самоуправа, само овде во дел на надлежностите кои се поделени меѓу градот и општините.

Од тие причини сакам уште еднаш да ги соочиме фактите, бидејќи укажувањата и од Владата и од одредени пратеници не влијаат многу на искажувањето. Вие истото го кажувате и по членот 10 и сега по членот 12. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Коце Трајановски, имате 3 минути реплика, беше  подолго од 3 минути излагањето.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, јас сепак ќе кажам министерот Гештаковски, нема да направам пермутација во презимињата. Се чини дека не се разбравме господин министер. Јас не реков дај да ги приклучиме сите општини. Општините не сакаат да се приклучат кон градот Скопје. Илинден неможете да го натерате да се приклучи кон градот

Скопје, ниту Петровец, ниту Зелениково, а верувам и Сопиште. За Илинден и Петровец знам нешто повеќе. Тие сакаат да си бидат сами и независни општини надвор од градот Скопје.

Прашањето беше зошто селективно само Сарај се зема, или нека се каже јасно ова е единствена причина, само двојазичноста на градот Скопје. И, тука е крајот на прашањето. Инаку, јас воопшто ниту се залагам ниту граѓаните или жителите ниту на Чучер, Сандево, ниту на Илинден и на Петровец сакаат да бидат градска општина. Доста беа маргинализирани од градот Скопје 50 години. Тие сакаат да бидат сами и независни општини и сега практично си го имаат својот просперитет во последниве 8 години. Јас верувам дека доколку не е политичкиот мотив, дека и граѓаните на општина Сарај, впрочем и во првата фаза така се изјасни Советот дека сакаат да бидат посебна и независна општина. Единствена мотивација им е политичкиот мотив со двојазичноста на Скопје. На тоа се однесуваше и мојата дискусија и на моите колеги од опозицијата. Ние знаеме што дискутираме, мислам дека имаме стабилност во дискусиите, имаме правец на таа дискусија и држат нашите дискусии. Од постојните општини што се во градот Скопје, земете ја општина Гази Баба има огромни проблеми од средствата да ги врати назад тие средства да се реинвеститаат во општината 50 или 60% кои што се инвестираниво градската каса. Независно од тоа што ќе речеме дека има Совет на град Скопје, има делегирано советници од секоја општина и слично. Нема, градоначалникот на градот Скопје, практично е тој кој што пресекува и сите ингеренции не само во него туку и во другите градоначалници, така да советите имаат своја улога меѓутоа мислам дека сеуште тоа не е така децидно разграничено за да би можело волјата на граѓаните изразена преку советниците и преку Советот биде и реализирана. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господин Хусеини имате реплика. Повелете 3 минуто.

ХУСЕИН ХУСЕИНЦЕВАД:

Почитуван господине, вашата политичка поента е правото на употребата на албанскиот јазик во Скопје.Тука политички поентирате пред вашите избираи, но жалам дека сте многу анахрони. Ќе ви кажам еден случај. Во општина Центар во полициската

станица една албанка жена зема лична карта и случајно тука се нашол вработениот албанец, таа му се обраќа на македонски јазик, а тој и одговара на албански. Ја врши работата многу емоционално, го прегрнува момчето и му вели за прв пат во мојот долг живот, била стара жена, се чувствувам како скопјанка.

Да имаш нешто против своите сограѓани да се чувствуваат како скопјани, навистина е еден проблем, но не мислам дека е политички проблем. Затоа и честитам на колешката која ни предложи еден закон за психолошки посети и овој Парламент да го донесе тој закон зошто навистина ќе има доста работа во иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Малку ги испомеша господинот Хусеинџевад, не рекол психијатар, психолог е сосема нешто друго.

Господине Трајановски, имате една минута контра реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, за еден претставник од политичкото крило на воената ОНА мислам дека беше доволно и јас го поздравувам тоа што го кажа госпоѓата албанка, меѓутоа сакам да го потсетам дека тој и неговата партија или политичката и воената организација ги избркаа македонците од Арачиново и сега ниту еден македонец неможе во Арачиново да си го оствари своето право, право кое што го имале со векови на своите огништа, а сега ми зборува за некои други права. Значи, неможе со таков начин и селективен пристап да одиме ние во Европа.

Ако сакаат тие да бидат прави жители на Република Македонија во тој случај ДУИ нека отиде во Арачиново нека ги врати македонците и нека покаже дека навистина се за соживот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Овој амандман каде што предлагаме во членот 12 по точка 58 да се додаде нова точка 58-а и која би гласела: “Општината Сарај да ја сочинуваат селата Арнакја, Бојане,

Буковиќ, Глумово, Горно Свиларе, Долно Свиларе, Грчец, Дворце, Кондово, Копаница, Крушопек, Ласкарце. Љубин, Матка, Паничари, Радуша, Раовиќ, Рашче, Рудник, Семениште, Чајлане и Шишево".

Морам да ги читам селата да не ме опомenete дека бегам од амандманот. Инаку во основа мојата заложба за овој амандман од она што го предлагаме е да остане општината Сарај како посебна општина, со овие населени места кои и досега таму припаѓаа. И, мислиме дека ако можеби за другите расправи и за другите општини за кој што дискутиравме некаде држеше и не држеше место, меѓутоа, овде е апсолутно оправдано, општината Сарај да биде посебна, со сите критериуми за кои сакаме да расправаме. Меѓутоа, очигледно е дека, општината Сарај, јас сакав кога дискутирав и при првиот амандман, е единствената општина, не е единствена но една од општините која претставува на некој начин жртва на политички договор. Значи, мораше да се најде некоја општина која ќе го положеше тестот да биде жртва за некој да го оствари тој договор.

И, сега ако се вратиме на оние критериуми по кои што Владата и претставникот на Владата кога објаснуваат заради одредени општини, кои што се мали па неможат да опстанат, па заради нив се окрупнуваат што во некој случај се докажало, а во некој случај не, овде општината Сарај во секој случај е способна по сите критериуми да опстои. И, по жители, и по геограскиот критериум и по се она што значи економски, финансиски и така натаму и така натаму. Меѓутоа, за жал при овој случај при случајот на општината Сарај не се водеше сметка за ништо освен за задоволување на критериумот двојазично Скопје. Тоа е најнов критериум. А, сега ќе ви кажам и зошто.

За да дојде до оној партиски договор како Скопје да стане двојазично, а го нема оној потребен минимум од 20%, значи мораше да се бара, да се најде од некаде за да Скопје стане над 20% албанци како би бил градот двојазичен. И сега овде го имаме овој табеларен приказ од Владата доставен при првата фаза, каде што многу јасно се гледа која е причината поради која Сарај мораше да биде жртва.

Еве јас ќе ви прочитам она што е многу битно. Значи, според табелата што ја достави Владата општината Сарај има вкупно 24.253 жители, тоа безмалку е еден град во

Република Македонија, или една поголема општина која до ден денес функционира можеби и со многу помал број на жители. Значи, по тој критериум нема логика зошто Сарај се припојува.

Ако ја гледаме структурата по нацоналната карта на жители, ќе го видиме следниот показате. Значи македонци во општина Сарај од вкупно 24.253 жители има само 1341 жител или тоа би значело 5,53% од вкупното население. Албанци 21.529 или во проценти 88,77%. Власи нема, Роми има 214, Турци 21, Бошњаци 1.000 и останати 96%. Еве ја правата вистина кој е основниот мотив поради кој Владата се одлучила токму општина Сарај да ја припои кон Скопје. Значи 88,77% во таа општина Албанци или скоро 22.000 жители.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господин Караџоски вие сега објаснете го амандманот и вашиот мотив зошто го предлагате, а не мотивот на Владата. Вашиот мотив за ваш амандман, ве молам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Тоа е мотивот поради кој што бараме општина Сарај да остане каде што била и досега. Контра на аруменитите на Владата се нашите аргументи. Јас може да ги читам, ако сакате сите села по жители, амо потоа ќе излезе дека не сме рационални. Суштинскиот проблем е овој, јас сакам да го анализирам од аспект зошто сме го поднеле амандманот. Затоа што сметаме дека нема потреба, зошто ако ги прочитам овде сите аргументи ќе се согласите и вие. Тоа не сакам да го направам, сакам само да завршам со она што е главната причина поради која, е поднесен.

Сега ќе кажам и вака. Тука многу пати ако зборувате за села, а општината не постои, не поминал првиот амандман, и ова што ние сега го зборуваме е беспредметно, затоа што селата кои што ги читаме нема каде да припаднат затоа што општината не поминала. Не е така. Доколку амандамнот се изгласа, за кој што не верувам дека ќе биде, меѓутоа, еве да се случи една таква работа, овие села сега како втор предлог, не како општина Сарај, како села кои би гравитирале во нова општина Сарај доколку се прифати, Владата мора да го прифати и мора ако ништо друго таа да поднесе амандман. Значи не е суштински ништо страшно, се е логички и деловнички.

Значи, тука е почитуван претседтеле, почитувани колеги кога на вкупниот број на жители на Скопје ќе се додата уште 25.000 албанци, само од Сарај, а сега кога ќе видите колку има во Кондово, во Кондово има 10.879 албанци или 97,53% од вкупниот број и заедно со овие од Сарај, ете ја математиката и ете го единствениот критериум. Е, сега, контра тој критериум, ние предлагаме амандман со кој велиме општината Сарај со сите овие села кои што се наброени да биде самостојна како што е сега. Сега тука мора да кажеме една работа, ние тука не сме направиле којзнае што, не сме измислиле топла вода, таа веќе постои, сме го предложиме тоа што е сега.

Многу е интересен ставот на Владата, да речеме во првата фаза Владата оди со предлог каде што општината Сарај и Кондово ги прави една општина. Тоа е првата фаза некаде декември-јануар месец, за да тогаш со аргументите ако ги читате во Предлогот за донесување на законот, првта фаза и овде кога се дискуираше, аргументите беа дека така споени општините имаа подобра перспектива, поголем развој, тоа што и сега го слушаме.

Одеднаш сите тие аргументи внатре во Владата да паднат и сега испадна дека многу подобар развој ќе има една таква рурална средина, а во основа е рурална средина и Сарај и Кондово. Ако се припојат кон Скопје, така ќе имале подобра перспектива и природно припаѓале на Скопје. Тоа се приказни за мали деца, меѓутоа, основно е да најдеме 32 илјади Албанци плус за да можеме Скопје да го направиме двојазично. Тоа е она што не е вред и заради тоа почитуван колеги граѓаните во Република Македонија реагираат, па и ние како пратеници овде поднесуваме, за вас можеби нелогични амандмани, но сакаме да ви укажеме дека ваквиот пристап не е вред. Со ваквиот пристап не мора да не слушате нас, слушнете го Извештајот на Меѓународната кризна група и ќе видите што се кажува таму. Таму ќе ви кажат дека ваквиот нетранспарентен начин и ваквиот начин на договарање со двајца или тројца коалициони партнери, затворени во некои простории, надвор од интересите на граѓаните, надвор од ставовите на политичките партии, сите во Република Македонија, создаваат една несигурност. Тоа ќе раѓа исто така и понатаму несигурност. Значи не се води сметка за интересите на тие што

ние ги застапуваме како пратеници, туку се води сметка овде на двајца, тројца или петмина да се задоволат апетитите.

Во прилог на тоа, не случајно претседателе работиме сега во август месец. Не е тоа случајност, има некоја причина, а причината е што два месеци владеачката СДСМ не можеше да се убеди, два месеци велеше не го даваме Скопје да биде двојазично. Значи и кај нив постоеја дилемите. Само тоа сакав да го кажам за да не одземам кој знае колку време.

Ако кај нас пратениците постои желба и должност кон граѓаните, не треба да има дилеми во однос на овој амандман, амандманот треба да се усвои. Ако сакаме и понатаму некој да ни ја креира судбината во некакви канцеларии, затворен, за да го направи интересот на владеачката ДУИ за да не се растури коалицијата, ова никаде не не води. Ќе дојдеме и до Струга, ќе дојдеме и до Кичево, ќе видите дека тука аргументите ќе се судрат.

Благодарам почитуван претседателе што имавте трпение да ме сослушате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас имам трпение сите да ги сослушам.

Реплика за г. Абдулади Вејсели, повелете три минути.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги, почитуван министер,

Беше речено дека амандманот кој што е поднесен има основа во Деловникот за работа на Парламентот, и јас се согласувам со тоа дека има основа во Деловникот бидејќи според Деловникот се даваат и амандмани, врз основа на проектите предложени од Владата. Но од друга страна ќе се согласам со сето она дека овие амандмани кои се поднесуваат од страна на македонската опозиција односно ВМРО-ДПМНЕ навистина немаат никаква логика, тие се алогични.

Како прво, пратениците од оваа партија, кога ги изговараат имињата на селата од Сарај и Кондово навистина се зачудувам. Тие никогаш не биле во тие села Кондово и Сарај, затоа што не биле заинтересирани и веројатно не сакале да одат, а сега наоѓаат причина да застанат во заштита на овие граѓани жители на Сарај и Кондово. Разговарајќи

во постојаните контакти со жителите на Сарај и Кондово, тие велат дека немаат потреба да бидат бранети од ВМРО-ДПМНЕ.

Второ, нема потреба да се зголемува раздорот меѓу граѓаните преку политички маркетинг и добивајќи политички поени во една заедница во Република Македонија. Не знам колку пати треба да се каже, да се реплицира на оваа тема во врска со овој амандман. Секогаш се спомнуваат средини каде живеат Албанци и навистина се чудам не само јас туку и останатите со овие акти, со овие изрази против Албанците и албанскиот јазик во Републичкиот Парламент.

Се спомна првата фаза од законот. Во првата фаза на законот навистина се предложи Скопје без Кондово и Сарај, но дали ги видовте стенограмите. Тогаш имаше забелешки по првата фаза од страна на Албанците пратеници, од моја страна дека на Скопје треба да се припојат средини кои природно се дел од Скопје, а тоа се Сарај, Кондово, Арачиново и Студеничани. Но Владата сметаше дека треба да се прифати само Сарај и Кондово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Вејсели, можеби граѓаните каде што вие се шетате во тие општини немаат потреба да ги брани ВМРО-ДПМНЕ, но да ве уверам во една работа. Токму тие граѓани меѓу кои шетате во тие општини што ги кажавте имаат најмалку потреба да ги брани ПДП. Да ве прашам, која партија е ПДП, на двајца пратеници се сведе, па сте во коалиција со едни, потоа со други и на крајот ни со едни ни со други. Трчавте за ДУИ, полневте кутии заедно со нив, сега сте повторно опозоција, ако воопшто знаете што сте. Ако тие граѓани на вас се потпреле и во вас како партија гледаат иднина, тешко на нив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рамадани, имате три минути реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Малку почитуван Караџоски, вие се занимавате со ПДП, но ПДП сега е една партија која има заслуги. Јас кратко ќе ви кажам за овие три минути дека добра страна е што

отворено ги кажувате работите. Кажавте дека сте против употребата на албанскиот јазик во Скопје. Ова е ваша јасна опција. Но вие контрадикторноста ја почнувате тогаш кога велите дека треба да има соживот со Албанците, но не им го сакате јазикот и писмото, велите пријатно, таа работа не може да се направи. Имате и друга опција која вели дека Сарај и Кондово во Скопје можат и поради комуникациските врски и многу други работи, но треба да се каже посилно коалицијата - да, сме за тоа, втор службен јазик во Скопје да биде албанскиот јазик и тука сме многу јасни во поглед на ова. Но тука се поставува прашањето, ако некој друг даде проценка каде ќе ве смести вас со овие предлози и каде ќе не смести нас со другите предлози. Меѓународниот фактор и нормалниот човек вас ќе ве смести таму каде што е полошо и да знаете дека таму е многу лошо. Затоа, нашите пораки, колку и да се од двајца пратеници, да знаете дека се подобри пораки за иднината на Македонија. Јас ќе ви поставам едно техничко прашање: доколку сте вие коалиција, ќе изнајдете друга албанска партија која ќе прифати компромис за неупотреба на албанскиот јазик како втор службен јазик во Скопје? Нема да наидете на таква партија. Ниту ПДП ниту ДПА, ниту друга албанска партија. Овде треба да биде сериозно уверени и за ваше добро велам дека е апсурд и анахроно, светот се смее со вас. Дали Америка или Европската унија или други институции, со овие работи не можете да излезете пред меѓународниот фактор, со вакви опции бидејќи ст егубитници. Велам губитници и колку да се трудите со предлагање амандмани, соберете ја целата опозиција, не одете по тие кои немаат ниту еден пратеник овде во Парламентот, излегуваат на говорница и говорат во името на народот, со еден амандман овде говори во името на народот. Немојте господине. Народот значи повеќе од еден амандман. Вие сте партија со поголема одговорност бидејќи вие сте партија со 20 пратеници. Груевски има 4 пратеници, вие не знам колку имате. Не одете по тие кои работат за власт, додека сакаат да прават нешто повеќе за народот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не знам дали во преводот беше грешка “малку почитуван Караџоски”, но за разлика од тоа јас ќе кажам многу почитуван Рамадани, колега Рамадани. Значи, нашиот став или мојот став е многу јасен. Јас сум против тоа Скопје да биде двојазично тоа е чисто како солза. Меѓутоа, немојте да ги извртувате работите и да кажувате дека ние сме против албанскиот јазик. Против албанскиот јазик не сме, но не на начин како што тоа го правите, на вештачки начин. Ако има услови какви што има, какви што има во другите општини, разбирам, меѓутоа сега припојувате вакви или онакви општини само за да стане нешто двојазично надвое од сите други аргументи, тоа не држи место.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Денес, сега, во овој момент расправаме за опстојување на општината Сарај во границите како што е предложено со амандманот. Очигледно е дека се разви доста дискусија во врска и со ставовите на ПДП и ставовите на ВМРО-ДПМНЕ и на опозицијата, меѓутоа, јас ќе се навратам на онаа дискусија или полемика што ја имав вчера со министерот за локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не се навраќајте на полемики, зборувајте за амандманот, ве молам.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас ќе се навратам, а вие прекинете ме и ќе ви кажам зошто.

Вчера со министерот полемизиравме за амандманот за Зрновци и имаше определено објаснување. Во овој амандман за Сарај и територијата која ќе ја зафати Скопје согласно новата територијална поделба, ќе се потврди онаа теза за која вчера зборував дека ние ќе направиме магалополиси. Тука би сакала да видам дали министерот ќе може да ме демантира, за Зрновци и Кочани можеби не, меѓутоа за главниот град на Република Македонија во ваков состав и предлог како што го предлага Владата, ние ќе се доведеме почитуван претседателе до ситуација Скопје да го направиме мегалополис. Нефункционален, ќе повторам нефункционален и гломазен.

Министерот не ни објасни кој критериум е земен, а ќе ги прочитам критериумите кои биле појдовни за да може да се предложи ваква теторииторијална поделба со која ние го предлагаме Сарај. Првиот критериум е демогравската големина на општината и општинскиот центар. Вториот критериум е економската одржливост на општинската способност, па имаме објекти од општествен стандард, инфраструктурна опременост на општинскиот центар, природни и геогравски услови и специфични критериуми, историски, културни и еколошки и развој на урбаната и месната самоуправа претходно по достигнат степен во развојот на комуналниот систем.

Колку што се сеќавам, градоначалникот на Сарај учествуваше неколку пати во дебатите кои беа на различни медиуми. Неговите ставови такви какви што тој ги презентираше, од неговите ставови не можеше до крај да се утврди дали Сарај ќе остане општина или ќе се приклучи кон градот Скопје. Со она што го кажуваше господинот Караџоски за бројот на жителите на општина Сарај - ќе ги повторам, тоа се 24.256 жители - тоа е во рангот на општина од 20 - 50 илјади жители или такви се 14 општини: Врапчиште, Гевгелија, Дебар, Желино, Кавадарци, Каменање, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Липково, Радовиш, Свети Николе, Теарци и Штип. Во тој критериум, демогравската големина на општината Сарај од 20 - 50 илјади жители, овие 14 градови кои ги набројав се урбани градови, градови кои имаат определен диференциран облик, а сега Владата предлага ваквата големина на градот да се припои кон главниот град Скопје. Апсолутно не ја гледам логиката тука, можеби министерот ќе ни објасни кои биле мотивите општината Сарај да влезе во градот Скопје.

Нашиот амандман е општината Сарај да си остане во постојните граници. Колегата Коце Трајановски зборуваше за финансискиот дел, каде градоначалникот на Сарај ќе има 40%, генерално земено, од ингеренциите што сега ги има, во однос на собирањето на даноците, меѓутоа, за јацикот и двојазичноста, како што се разви дискусијата од колегите, со објаснувањето кое ќе го даде министерот можеби ќе имаме информации кои биле мотивите, а не била двојазичноста Сарај да влезе во мегалополисот Скопје кој верувајте дека ќе се формира. Не сакам да коментирам, ќе оставам можност повторно да се јавам за збор, ако има потреба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа можете да го имате секогаш, бидејќи не се ограничени дискусиите.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Погрешно ги читате, толкувате или презентирате фактите. Вие читате за територијалната организација на Република Македонија и споредувате општина. Општината Сарај која е заедно со Кондово е дадена во градот Скопје и читајте таму и споредувајте дали општината Шуто Оризари, Гази Баба, дел од Бутел ги исполнуваат или не ги исполнуваат условите. Кога ќе дојдеме кај градот Скопје ќе ви објаснам целосно како е организиран градот Скопје, дали е мегаполис и вие расчистете ги ставовите бидејќи дел од Вашата пратеничка група бара да се приклучат Илинден, Петровец и дел од други општини. Сметам дека потполно погрешно ги читате законите. Кога ќе дојдеме кај законот за градот Скопје ќе споредуваме дали општината Сарај со 35 илјади жители ги исполнува условите за општината Скопје, дали ќе биде на товар на другите општини, бидејќи со законот за градот Скопје го организираме градот Скопје како една целина во која граѓаните ги задоволуваат своите функции. Тука ќе ги објасниме проблемите. Инаку, со Зрновци не може да се споредува и од тие причини Сарај е приклучен кон делот на градот Скопје. Тоа јасно го кажавме. Зошто вие предлагате Сарај да излезе од градот Скопје? Да не се употребува албанскиот јазик како втор службен јазик? Да. Владата кажа отворено и гласно, да не повторуваме, со приклучувањето на Сарај и Кондово кон Скопје. Врз основа на одредбите од Рамковниот договор Амандманот В, во Скопје, во градот Скопје, од надлежност на градот Скопје, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во службена употреба ќе биде јазикот и писмото на припадниците на албанската заедница. Тоа е она што Владата го предлага. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате право на реплика. Ти помалку од три минути беше.

Контрареплика може г-ѓо Којзеклиска, а после г-динот Есад Рахиќ има реплика, или сакате да ја чуете реплликата на г-динот Есад Рахиќ.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас само кратко ќе му одговорам на министерот.

Мислам дека министерот не требаше да чека да дојде градот Скопје па да ни ги образложи причините зошто Сарај се прилучува кон градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАСНОВСКИ:

Министерот е рационален.

Повелете г-дине Есад Рахиќ имате три минути.

ЕСАД РАХИЌ:

Сакам да кажам на моите колеги од опозицијаста, оние што имаат амандмани за приклучувањето на општина Сарај кон градот Скопје, односно на враќањето на Сарај во градот Скопје, бидејќи пред 1996 година, Сарај беше во Скопје и ние како ученици во основно и средно училиште одевме често на излет, па и како граѓани.

Јас би ги замолил во делот од тоа што го кажуваат во нивните дискусии дека со припојувањето на Сарај кон Скопје, Скопје ќе биде мегалополис, тежок за управување, за живеење и слично, би ги замолил и се согласувам со тоа дека е така, тогаш да не доаѓаат во Скопје да купуваат станови со нивните жени да останат во Скопје, затоа што во таков град сигурно тешко ќе се живее.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Којзеклиска една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас само ќе го цитирам почитуваниот колега Трендафилов кој рече дека ваков град Скопје, ние ќе си бараме друг главен град на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Ви благодарам г-дине претседателе,

Навистина започнав со елаборирање на она што спомнав претходно, бидејќи репликата трае само три минути и затоа бев принуден да земам збор.

Овие денови се внесува едно недоразбирање кај граѓаните на Република Македонија. Навистина на средбите и контактите што ги имаме со граѓаните на Република Македонија многумина не се информирани за што се разговара и поради што се разговара, а особено кога станува збор за Сарај и Кондово за амандманот во врска со член 10, а сега и во врска со член 12. Еднаш засекогаш треба да расчистиме една дилема.

Законот кој што се предлага и кој треба да се усвои во Парламентот освен што треба да има мнозинство од вкупниот број на пратениците, треба да има и мнозинство од вкупниот број на пратеници кои не припаѓаат на македонската заедница во Република Македонија. Овој Закон како прва точка е закон консесуален и не се обидувајте со вашите амандмани да ја излажете јавоста. Јавноста е информирана и треба да се информира дека може да се усвои и без тоа што сакаат припадниците на другите заедници во Република Македонија, како што се албанците, турците и другите што живеат во Република Македонија. Мислам дека како малце повеќе да ја допирате оваа точка, овој проблем. Сакате оваа позиција да ја искористите за зголемување на раздорот меѓу граЃаните на Република Македонија, сакате да бидеме против или да не бидеме дел од Европските интеграции, од Евроатланските структури.

Трето, како мислите да продолжиме со соживот доколку сте против нас.

Доколку албанскиот јазик стане втор официјален, службен јазик во Скопје навистина ништо нема со македонскот јазик. Доколку им се даде право на албанците не значи автоматски дека им се одземаат правата на македонците, туку напротив ги имаме бенефициите сите, сите граѓани на Скопје имаат исти обврски и затоа треба да ги имаат и истите бенифиции.

Сарај и Кондово во првата фаза на Предлогот на законот не беше предложено од страна на Владата да биде составен дел на Град Скопје, но јас претходно кажав и тука застанав, но сакам да продолжам дека забелешките беа болеми од страна на албанските пратеници, дека Скопје, неможе да се отстрани Сарај, Кондово, Студеничани, Арачиново, имајќи го предвид дека и други општини треба да се припојат кон Скопје. Но, вие гледате дека врз основа на јавната дебата, врз основа на предлозите на пратениците од првата

фаза, Владата ги имаше  сите дискусии во предвид и донесе одлука во втората фаза Сарај и Кондово да бидат составен дел на Скопје.

Јас уште еднаш сакам да ги негирам сите оние дискусии кои што ова го нарекуваат политички договор. Еднаш реков од оваа говорница и уште еднаш ќе повторам Охридскиот рамаковен договор е политички договор. Многу закони, но и овој закон произлегува од Охридскиот рамковен договор и сите ние сме потписници на тој договор. Треба да го почитуваме тој договор, односно да го почитуваме потписот што го ставивме затоа што нема друга алтернатива, нема друг пат. Колку и да не се почитуваме меѓу себе, не е добро овој раздор да го оставиме на другите генерации. Ние треба да соработуваме за доброто на сите граѓани и затоа не треба да имате аверзии кон албанците и албанскиот јазик, бидејќи Скопје и вака, а доколку се припои и Студеничани и арачиново ќе остане Скопје каде што доминантни жители ќе бидат македонците, но не треба а се негираат правата на албанците да го употребуваат својот мајчин јазик, бидејќи ова право им го дозволува уставот.

Од сега натаму се што ќе направат со амандманите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, држете се до амандманот, до темата.

АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Се е во врска со амандманот. Некогаш ситуацијата импонира да дадеш една поширока аргументација затоа што не е пречка и не треба да биде пречка за пратениците од македонската опозиција Сарај и Кондово да бидат составен дел на град Скопје.

Доколку одиме на друга страна, Сарај и Кондово може би ќе загубат некои компетенции како општина ако останат самостојни, но тука не станува збор за ова прашање. Сеуште се зборува за територијална организација на Република Македонија и доколку на некого му пречи во Скопје да се зборува албански јазик мислам дека тоа не е нешто во ред со него. Верувајте ми дека не е нешто во ред со самиот него.

Мислам дека секоја дискусија која што ќе оди на оваа адреса, каде што ќе се фрлаат камења врз албанците и албанскиот јазик тие немаат иднина. Верувајте дека немаат иднина. Пред малку мојот колега кажа нешто од говорницата на парламентот, вие

да бевте во позиција, актуелната македонска опозиција дали ќе најдевте еден албанец кој што ќе ги прифати вашите проекти. Дали знаете дека во Македонија не може да постои Влада без албанците  бидејќи тие се над 20% во Република Македонија и тие се граѓани луѓе кои што се родите, живееле и ќе умрат во оваа држава, немаат намера да одат на друго место. Помина времето на недемократска Македонија. Сега имаме нова реалност, имаме една нова Македонија, мултиетничка Македонија, демократска Македонија, Македонија по 2001 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Навистина морам да ве прекинам.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Благодрам, г-дине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Блаже Стојанокси.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам, г-дине претседателе,

Тргнувајќи од првичниот предлог за донесување на овој закон што го поднесе Владата на Република Македонија во месец декември минатата година. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да ве прашам само воведот колкав ќе биде, затоа што од првичниот предлог ние сме сега на амандман поднесен за Сарај.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас го поздравувам првичниот предлог, а сега знам дека е амандман.

Целта на моето спомнување на предлогот за донесување на закон од страна на Владата кој што беше доставен до Собранието во декември месец минатата година не е ништо друго туку идентичен став кој што бараме да биде почитуван преку поднесувањето на овој амандман.

Имено со тој предлог на закон општината Сарај со Кондово не беше дел од главниот град на Република Македонија Скопје, туку беше надвор од неа, заедно со

другите општии чии граници се определуваат согласно законот за теритријална поделба на Република Македонија.

Меѓутоа, и низ дискусиите и она што го кажа министерот многу јасно зборува што е причината заприпојувањето во оваа втора фаза односно за така наглото менување на ставот кој што го искажа тогаш Владата. Значи, ако пред шест месеци Влдата имаше еден став по однос на овој амандман, односно тој амандман го вгради во самиот предлог за донесување на Закон сега излегува со сосема спротивен став и сосема различни аргументи од оние кои што тогаш ги почитуваше. Значи, ако зборуваме за критериуми при одредувањето на тоа општината Сарај да опстои во оние граници кои што беа предложени со предлогот на законот, односно кои што бараме со овој амандман да ги има тогаш навистина критериумите на кои што се повикува Владата дека ги почитува апсолутно не важат затоа што за шест месеци не се сменети податоци во толкава мера, за да тој критериум биде сменет толку драстично односно со едно сосема спротивно решение.

Значи, бидејќи не се работи за критериуми тогаш единствено за што се работи е дека некој се договарал како Скопје да стане двојазично и одлучил врз основа на структурата на општината Сарајво која што влегуваат Сарај и Кондово тие да се припојат кон Скопје и на тој начин, да се оствари неконцензусот, затоа што тоа не е консензус, туку е остварување на интересите на ДУИ за двојазично Скпоје односно за двојазичност на главниот град на Република Македонија.

Од каде се тргнало? Се тргнало од етничкиот принцип. Општината Сарај со вкупно население во кое што влегуваат општините Сарај и Кондово со вкупно население е 35.408 жители, од кои македонци има 1377, што значи 3,89%. 32408 има албанци или 91,53%. 273 роми 45 турци, 1120 бошњаци итн., значи единствен критериум бил како Скопје да биде двојазично во Согласност со постојниот закон за локална самоуправа и со амандманите и Уставот на Република Македонија.

Целта која што сакала да ја постигне ДУИ со внесувањето на општина Сарај во Скопје сигурно не е за користење на албанскиот јазик во општина Кисела Вода или онаму каде што не живеат албанци, каде што со овој предлог на закон ќе мора сите табли на

основните училишта и на сите други институции дасе пишуваат и на македонски и на албански јазик, туку целта била главниот град на Република Македонија да стане двојазичен затоа што тоа претставува иманентна карактеристика федералните држави. Меѓутоа, независно од тоа сметам дека навистина не постои друга причина, затоа што во општина Сарај албанскиот јазик може да сеупотребува најнормално, затоа што над 90% од населението се албанци, и тоа е најнормално да го користат својот мајчин јазик во општината во која што живеат. Исто, како што е најнормално согласно Уставните решенија да го користат својот мајчин јазик онаму каде што престојуваат над 20%, а тоа е во сите оние општини кои што влегуваат во градот Скопје, а кои што имаат над 20% албанско население. Меѓутоа, за целината на градот Скопје, да се прави вештачки процент над 20% тоа не претставува ништо друго туку само намера која што ја кажав претходно, а која што се однесува единствнео главниот град на Република Македонија да стане двојазичен, а не се однесува на реалните потреби за употреба на албанскиот јазик, затоа што и онака ќе го употребуваат во општините кои што се составен дел на Скопје.

Меѓутоа, да се вратиме на Сарај, кој што навистина има свои специфичности, има свои реални потреби кои што треба да ги координира населението кое што живее во оваа општина и сите оние аргументи кои што ги кажува Владата, дека рекреативниот центар Сарај е во Сарај, рекреативното езеро Треска, локалитетот Матка, изворот Рашче се во оваа општина, ако веќе одиме кон децентрализација тоа значи дека со овие објекти, со развојот на овие објекти, со организацијата на животот на населението во контекст на потребите за подобрување на можностите на овие простори значи граѓаните кои што живеат таму, населението од оваа општина самостојно да може да ги организира тие работи и да води грижа за локалниот економски развој кој што се појавува како еден од главните мотиви и за донесувањето на самиот закон за територијална организација и другите закони кои се во контекст на процесот на децентрализација на Република Македонија.

Меѓутоа, овде што се прави? Овде фактички се делат надлежностите кои што треба да ги има општина Сарај со надлежностите кои што согласно Законот за градот Скопје треба да ги има Градот Скопје. Значи, градот Скопје на овој начин ќе има контрола

согласно ингеренциите што ги има во Законот врз сегашните општини Сарај и Кондово, односно општината Сарај која што настанува на овој начин со спојување на овие две општини.

Од овие причини нема шанси да се подобри непосредното одлучување за локалните потреби што претставува основна цел на деценртрализацијата туку напротив ќе се направи двојство во решавањето на тековните проблеми на живеењето на жителите на оваа општина.

Инаку, ако веќе се прифаќа принцип како што слушнавме повеќе пати од позицијата дека нормално било, бидејќи до 1996 година Сарај било во Скопје и сега да биде Сарај во Скопје, затоа  што дотогаш бил, тогаш ако се воведе тој принцип треба да се воведе принципот во кои граници беше Скопје до 1996 година, кои општини, кои што сега не се во Скопје, зошто не се или дали треба да бидат во Скопје, а не само Сарај заради етничката структура и на тој начин да зборуваме за принципиелен однос кон опстојувањето на општина Сарај и кон реална двојазичност на одделни општини, или пак кон реално остварување на овие критериуми кои што се наведени во овој закон како критериуми што ги почитувала Владата. Нека имаше еден посебен критериум кој што ќе гласеше политички потреби на Владата, на коалиционата Влада односно на партиите од коалицијата и тогаш апсолутно немаше никаква потреба ние овде да дискутираме за тие критериуми, затоа што ќе имаше еден критериум кој ќе беше над сите критериуми и на тој начин ќе беше реализирано сето ова што е предложено овде и во контекст на општината Сарај за да нема никакви дилеми по однос на принципиелното однесување на Владата по однос на ова прашање.

Инаку, барањата од страна на албанските политички партии покрај Сарај и Кондово во Скопје да влезат и Студеничани и Арачиново дефинитивно значи само за . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам тоа е надвор од амандманот 2.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Зборувам за принцип во контекст на Сарај. Значи, ако се бара само врз етничка основа општината Сарај да се припои кон Скопје, како и некои други општини што се

предлага да се припојат во Скопје, а на тоа не се оди, независно од етничката припадност, туку врз основа на реални критериуми кои што ќе значат можности за опстојување на тие општини, дали подобро ќе функционираат заедно со градот или во рамките на Градот,или како самостојни општини. Затоа, општината Сарај со рекреативниот центар, со изворот Рашче може да функционира и како општина Сарај во овие граници, бидејќи таа е и општина, меѓутоа, зошто се мешаат ингеренциите на Градот Скпоје во општината Сарај. Која е логиката да се нема доверба во локалните власти на оваа општина целосно самостојно да ги остваруваат ингеренциите кои што ги има согласно Законот за локална самоуправа, а не се води сметка за други општини каде што исто така имате мотиви да кажете дека овој објект, на пример аеродромот е во Петровец, и затоа Петровец треба да биде дел од Скопје, или посебна општина. Меѓутоа, ако зборуваме за принципиелен однос, факт е она што го признавте и не сакам да должам повеќе, факт е дека за општина Сарај критериумот е политички договор меѓу СДСМ и ДУИ односно прифаќање на СДСМ за двојазичност на главниот град на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ: :

Повелете г-дине Ѓорчев имате збор.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам г-дине претседателе.

Јас во врска со амандманот 2 во членот 12, точката 58 за додавање нова точка 58-а, со редоследот општина Сарај и селата наведени кои што се во овој амандман, би сакал да се произнесам со мое видување. Меѓутоа се надевам дека Ќе има еден различен агол на гледање од аспект на тоа да проговориме за нашите обврски, нашите должности и на тоа што се нашите одлуки тука, ние мислиме дека донесуваме одлносон изразуваме една праведност кон граѓаните на општина Сарај и дефакто при изразувањето на една таква праведност, ние им го одземаме најсуштественото. Имено, за што се работи? Обидувајќи се оваа општина која што навистина во еден компактен дел заедно со општина Кондово, со протегање исток-запад, зафаќање северозападната и

јужната падина на Жеден и едноставно со толку многу ресурси, природни ресурси и обидувајќи се тие ресурси да ги сместиме во една гратска средина, ние на граѓаните на општина Сарај им го одземаме најдрагоценото што моеже да го поседуваат, а тоа е природата. Градот Скопје е град кој што навистина сосема по својата конфигурација, кон начинот на протегање, опфајќајќи ги двата брега на Реката Вардар, правец на протегање север - југ, нема ништо заедничко со општина Сарај. Апсолутно, мислам граничниот опфат на Градот Скопје, планината Водно, планината Скопска Црна  Гора, двете котлини,должината на градот од ѓорче Петров до Драчево 33 км, потегот на кој што градското подрачје со тек на време, особено после земјотресот настојувало да се урбанизира, а не се урбанизирало токму од вакви причини кои што сега ги правиме. Значи, додавање на еден неприроден елемент, како што е општината Сарај кон градското подрачје. Во иминатите 40 години после земјотресот од 1963 година, наваму Градот Скопје прерасна во чудовишни размери, во една градска средина која што навистина нема оптимални услови за урбанизација на градското јадро, со огромен број на дивоградби, со огромен број на нерегулирани градежн дозволи, со огромен број неурбани решенија, нерешени комунални прашања итн. Дефакто , на овие граѓани кои имаат многу благопријатни услови за развој, тука е течението на долниот дел на реката Треска и вливот во реката Вардар. Едни прекрасни излетнички површини кои што во минатото биле предизвик за сите граѓани од Скопје таму да одат. Ресурси, рудник Радуша, хидроцентралата “Матка”, огромно обработливо земјиште заедно со Кондово над 6000 хектари. Демографска експанзија некаде над 120 или 130 илјади жители по метар квадратен живеат заеднички во овие населени места некаде се околу 40 се селата околу општините Сарај и Кондово. Порано тие беа две општини со седиште во Кондово и Сарај со седиште во Сарај, иако населените места Сарај, Глумово, Шишево и Матка и порано беа вон опфатот на општината Сарај и беа во градското подрачје. Меѓутоа, во градското подрачје, кое за 13 години не донесе квалитетен градежен глобален урбанистички план, градски глобален урбанистички план не можеше да се донесе. Јас тоа го говорам и од практично искуство. Не можеше да се донесе покрај 20.000 дивоградби во Кисела Вода, покрај 10.000 дивоградби во Чаир, покрај 5000 дивоградби во Гази Баба, покрај сега

узурпираните површини на националниот парк Водно, за кој што читаме секојдневно. Градот Скопје си има свој проблеми. Тие проблеми не смееме ако сме праведни да ги пренесеме на граѓаните на општина Сарај. Тие жители таму апсолутно немаат допир со овие проблеми што ги има Градот Скопје. Тие имаат една благопријатна клима, живеат во една прекрасна природа, си имаат површини кои што обезбедуваат пласман на пазарите во ѓорче Петров, во Капиштец, на пазарите во центар, Зелено Пазарче, Бит Пазар итн. Едноставно, нивната конфигурација и близината до Скопје 10,12 или 15 км, и оневозможува да живеат во природа, што е секаде во светот би рекол предизвик, а да посредуваат, да изведуваат претприемачки активности со Градот Скопје. Тука, должноста на политиката, која што е некогаш камен околу вратот и можеби некои аспекти на практикување на власт од страна на позицијата, наметнува едно нелогично решение. Затоа што, ако гледаме по населените места, во што е разликата помеѓу Арнакија и Долно Соње. Арнакија е село во кое што јас сум бил таму, имам и пријатели таму, точон знам каде се наоѓа и исто тоа е одалечено од центарот до Скопје, колку што е одалечено од Долно Соње. Дури, Долно Соње можеби има подобра патна инфраструктура и комуникациска врска со Скопје и сега општината Сопиште која што се протега на јужната падина на Планината Водно и зафаќа накај котлината кон централниот македонски масиф во Лешница, Јакупица и Даутица, за разлика од општината Сарај, која се протега по течението на Реката Треска и јужната падина на планината Жеден, во што е тогаш разликата Сопиште да остане рурална општина кога Сопиште има послаби природни ресурси, водни потенцијали, воздушни потенцијали, од општината Сарај. Подобра општина која е надвор од Скопје, а која што обезбедува подобра земјоделска површина обработлива, затоа што тоа е на вливот на Реката Треска во Вардар и тоа е најубавото земјиште за обработка, таму се најубавите винарски култури, таму е најдобрата ерација, нема болести, нема растителни болести на културите кои што се одгледуваат таму. Едноставно, во тој дел економската логика на опстојувањето на општината Сарај, со сите ресурси за кои што говорев, сега говорам за Сарај, заедно со конкретно таа општина, заради амандманот, инаку глобално мислам на општина Сарај и Кондово, кои што стануваат еден сега дел од градскиот конгломерат. На таков начин, ние постапуваме

неправедно. Ако мислиме од луѓето кои живеат во Сарај да направиме граѓани на Скопје, ние им даваме помала шанса, одколку што тие ќе имаа шанса како граѓани на општина Сарај да се развиваат самостојно, затоа што пак ќе проговорам за она што не чека во иднина.

Ние ќе бидеме дел од Европа кога и да е, дали ќе бидеме во 2012 или 2014 година, ќе станеме дел од Европа. Многу поголеми шанси има градоначалникот на Сарај, благодарение на еколошката димензија на неговата општина да поднесе проект во Гроналд да се избори за тој проект и да направи една мала, да речеме хидроцентрала на Реката Треска или да обезбеди полнење до долниот дел на изворот Рашче на флаширана вода од изворот. Едноставон, сите тие потенцијали, а така е, затоа што најдобрите проекти кои ги добија градоначалниците беа во општиние околуб Кичево, правам дигресија и гледам некои тука се насмеаа, проектот на германската техничка помош за меѓуетничка соработка во Оломеј, Зајас, Другово и Кичево овозможи најподатливи проекти од таа германска техничка помош и препорака  во Гроналд тие да бида подржани. Кичево не доби ниеден проект и покрај заложбите на централната државна власт за потребите од Студенчица или проблемите за вода на градот Прилеп. Не, добија руралните општини. Европа ја протежира еколошката димензија. На Сарај му го одземаме најдрагоценото, природата. Ги префрламе на асфалтот, а на асфалтот нема проекти. Главниот град ќе биде должен, градоначалникот на Скопје заедно со градскиот совет и сите други градоначалници да ги решаваат проблеите на начин кој што нема да биде соодветен на потребите на граѓаните на Сарај. Вие не можете, со тоа што ќе поставите една асфалтирана улица да пледирате дека тие луѓе сте ги ставиле во градски амбиент. Градскиот амбиент во Карпош, во Чаир и градскиот амбиент во Кисела Вода се разликува од амбиентот во Драчево, која не беше прифатена како општина, а Драчево има 600% поголеми градски аспекти, одколку што има општината Сарај, затоа што ја нема таа природа. Но, ете сега, Драчево останува во опфатот на Кисела Вода. Сопиште останува вон градскиот атар, а Сарај се припојува кон Градот Скопје.

Сега, доаѓаме до она најосетливото, најболното што должноста на политиката им го одзема на луѓето, а тоа е заедно со овој економски аспект на одземањето на правото

на натаможен развој и ставање во градска средина се допира она најосетливото, тоа е употребата на јазикот во централното градско подрачје. Со вклучувањето на општината Сарај од 34000 жители, од кои најголем дел 90% се од албанска етничка заедница, дефакто се постигнува цензусот од 20% во Градот Скопје. Од аспект на правото на културолошката димензија, од аспект на она што значи унапредување на културниот развој на Република Македонија во целина, можеби може да се најде некоја оправданост на предлогот, но од аспект на тоа дека механички, вештачки се припојува една општина која што нема никаква сегашна поврзаност со градскиот глобален урбанистички план на Скопје, затоа што Скопје сега се протега до Јегуновце, се протега до државната граница со Србија и Црна Гора, територија која што утре може да биде независен објект на постоење - Косово, значи, со границата на Косово, што не му е иманентно на Скопје. Скопје како главен град на држава на Република Македонија , треба да биде вон граничните региони, а сега на еден тесен потег над Радуша, веќе Скопје граничи со Косово, кое што очигледно после извесен период на време ќе биде еден ентитет или една заедница, државна заедница во облик кој што ќе го определат ОН. Едноставно, ние ги мешаме тука работите. Значи мешаме употреба на јазик и уште еднаш ќе кажам, се повикуваме многу на некои работи за духот на некои минати договори кои што не држат. Затоа што, ако требаше ние да решиме за двојазичноста на Скопје, тогаш тоа ќе се решеше во Охрид, во мај месец. Таму точно ќе се набележеше дека Скопје ќе биде двојазично и дека таму треба 20% да има и да се зборува оној втор службен јазик, а тоа е албанскиот јазик. По природен пат тоа можеби ќе се случи по пет, 10 години и тоа е нормална димензија. Јазикот е пракса, која што треба заради комуникациски врски, заради економски врски да се практикува. Меѓутоа, од аспект на економијата, од аспект на стратегијата на Скопје, од аспект на градскиот урбанистички план, од аспект на глобалниот развој, од аспект на праведноста на градското ткиво на Скопје и праведноста на природното ткиво на Сарај, ние правиме неспоив продукт. Едноставно, јас се залагам општината Сарај на овие места, овие луѓе кои таму живеат да им ја задржиме природата, да им дадеме шанси да бидат поблиску. Убеден сум дека после 10 години ќе зборуваме дека луѓето кои живеат во руралните средини, можеби ќе имаат подобар животен

стандард, од живеењето тука во асфалтот. Тоа е перспективата и така е секаде во Европа. Поголеми пари заработува тој што живее Грасел, одколку тој што живее во Минхен, во Баварија, затоа што едноставно не може да се задржи механичката дисторзија на иселување од руралните подрачја во големите градски центри. Мора да му платите повеќе пари, мора да им дадете подобри услови за живот, да имаат квалитетен ТВ и радио сигнал, телефонски комуникации, можеби хеликоптер да слетува во нивното населено место, а употребата на јазикот, сите овие аспекти кои што денес не обременуваат, ќе си дојдат природно сами по себе, во еден природен демографски развој на Република Македонија во Европска димензија. Така како што тоа во Белгија го решаваат фломанците и валонците или така како што го решаваат во Стразбург, германците и французите. Ние вака како што го решаваме денес само создаваме одбивност кон македонците, кои во Скопје се мнозинство, а вештачкото припојување на албанското население од Сарај кои таму се мнозинство, создава една механичка интерперенција, која што никому не оди во корист.

Уште еднаш ќе кажам , се залагам секогаш за малие рурални општини. Овде Сарај не е рурална општина. Тоа е една можеби од најпреспективните општини, говорев за Маврови Анови и ќе говорам за некои општини и говорев за Конопиште, а сега кажувам дека оваа општина има она што тие општини го немаат, а тоа е популацијата, тоа е демогравскиот прираст, тоа е младото активно способно работно населени. Тоа население, не само во Скопје, тоа утре ќе си најде работа и во Белград, во Загреб и во Минхен и ако треба и во Брисел. Се работи за следново. Ние не можеме да правиме од Скопје вештачки град. Еднаш тоа го направивме како отворен град и од 200.000 жители Скопје стана 600.000 жители и во компарација со другите градови, е најнеурбаниот град во споредба со времето од поранешна Југославија, во споредба со Љубљана, Загреб, каде никаде нема такви приливи како што имаше во Скопје. Сега, со овие 35.000 жители на Скопје му правиме мечкина услуга и нема да се развива така како што треба, а Сарај ќе го угушиме. Сарај, наместо да бидат прекрасни природни потенцијали, Сарај ќе стане место, каде што ќе има пластични депонии, каде граѓаните на Скопје можеби ќе купуваат

места за викендички, за куќи кои таму треба да бидат надвор од градот, но ќе ја угушиме природната димензија на општина Сарај.

Во таа смисла се залагам овој амандман да се усвои, да им дадеме право на граѓаните во Сарај да си имаат своја општина, да си имаат свој градоначалник, свој совет и за нив е подобро. А, со тоа што ќе граничат со Косово, ќе им дадеме можност да пледираат на меѓународни проекти со некоја општина од страната на Косово, ќе можат утре да поднесат барање во Европската локална самоуправа и да добијат пари за развој на двете општини од Косовска страна и од Македонска страна.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Ѓорчев.

Министерот за локална самоуправа има збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Ѓорчев, сигурно ќе имаме конструктивна расправа кога ќе дојде Градот Скопје. Покренавте некои прашања што се многу интересни, но морам да интервенирам на две работи, мислам по расправата за Градот Скопје ќе расчистиме некои праШања.

Зборувате за Градот Скопје согласно генералниот урбанистички план, зборувате за посебната единица на локалната Скопје и доближивте една тема, па затоа и повеќе се јавив, особено последното што го потенциравте дека Скопје ќе излегува на границата со Косово, со Сарај и Кондово.

Г-дине Ѓорчев, Скопје и сега со Ѓорче Петров излегува на границата. Тоа ви е јасно и немојте во тој дел, барем од вас да го слушаме тоа. Мислам, во кој контекст беше речено. Скопје сега кога бараме да го задржиме граничи со делот на Кучково и другите села и излегува на граница. Ја гледате картата како е организирано, како се развива, гледате сами. Уште нешто би сакал да укажам, немојте да се свати погрешно дека Ѓорче Петров, Кисела Вода, Сарај, Кондово не ги имаат овластувњата на другите општини. Ќе бидат ограничени во изградба на улици и др. Новата организација на Градот Скопје, во која врз основа на одредени дискусии ќе дискутираме, нуди друго решение во делот на изворните надлежности меѓу општините и градот. Би сакал да ги погледате и да ги

прочитате и тогаш ќе зборуваме кои надлежности ги има конкретно Сарај општината, доколку би била самостојна и кои надлежности ќе ги нема, бидејќи е во Скопје. За тоа ќе зборуваме кога ќе дојде Градот Скопје. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика повелете г-дине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Со сета почит кон тешката обврса што ја имате, јас уште еднаш ќе го кажам моето залагање. Подобро е да се биде прв на село, отколку последен во град. Во Скопје јас сум сигурен во градскиот совет, во дебатите со градоначалникот на Скопје, нема да има ист приоритет потребите на општината Сарај така како што самите тие преку своите посредни форми градоначалникот на Сарај и советот на општина Сарај ќе си ги решаваат своите потреби така како што мислат да си ги решат. Во тоа е суштината на моето залагање, да си бидат први, да си бидат свои на своето, а тука во градскиот совет по два делегати од сите општини, во една широка дебата, дали е подобро да се гради Камениот Мост да се догради или некој друг булевар и да се направи нешто за Сарај, мислам дека Ќе ја изгубат битката. Во тоа се состои мојата заложба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Хусеини имате реплика три минути.

ХУСЕНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Г-динот Ѓорчев многу го почитувам и жалам што му правам една реплика, но нешто не ми е јасно во однос на неговиот говор. Говориме за урбаните подрачја и руралните и за големите предности што ги имаат руралните врз основа на урбаните подрачја. Да, г-дине, така е. Но, селанец од Кондово и Сарај можеби сака да биде урбан дел , што значи неговиот син на тој селанец, кој целиот живот го поминал на улица, нудејќи ви вас лубеница  кога поминувате таму за да има можности неговиот син да биде нешто повеќе во градот да има можност за еден поголем напредок.

Во однос на соработката, не знам како може да биде против регионалната соработка, кога директивите на ЕУ се за регионални соработки, меѓугранични соработки.

Што ви смета во таа насока? Ви смета дека Косово е наш сосед и не можеме на друго место да го однесеме. Ниту, населението на местово не можеме да го измениме. Вие навистина го направивте: “Фали село, живеј во град”.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута г-дине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Навистина жалам  што почитуваниот пратеник не ја разбрал суштината на мојата дискусија. Токму со тоа што општината Сарај ќе си остане општинска заедница, не само единица на локалната самоуправа и ќе има шанси да претендира на средства ,односно европски средства од структурните фондови наменети за локална самоуправа, со тоа што се граничи со Косово, сигурен сум ќе се обезбедат подобри проекти, затоа што подобро си ја знаат општината и ќе си обезбедат рамномерен развој онаков каков што тие сметаат да го имаат. За разлика од тоа ако бидат во Градот Скопје, каде што повторно ќе кажам , јас со мојот пријател Бесим Руси кој што беше директор на училиштето во Сарај со години, 30 години наназад живееме и тврдам дека таму одевме во Сарај за да се надишеме чист воздух, а сега ги носиме луѓето од Сарај во Скопје, каде што нависитна,незнам  каков воздух дишиме.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рафис Алити , имате три минути реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Ви благодарам претседателе,

Сио внимание го проследив пратеникот Марјан Ѓорчев, кој што нависитна се обиде , народот вели кога се обидуваш да направиш една работа, треба да ја направиш барем добро таа работа. На пратеникот Марјан Ѓорчев да ги убеди жителите на општина Сарај , познавајки ги многу добро природните ресурси и богатства не само од општина Сарај, туку и пошироко и во оваа насока навистина беше добар. Но што се однесува до она да ги

убеди жителите од оваа страна дека навистина ќе им биде полошо, доколку нивната општина биде дел од другите урбани општини, мислам дека не успеа во тоа , доколку пратеникот ќе оди во таа општина и ќе разговара со жителите, нивните забелешки се навистина  на спротивна страна, дека општина Сарај своето седиште  треба да го има во делот, како што се нарекува Дексион еден и Дексион два, бидејки тоа е дел од Сарај. Додека  седиштето сегашно на општината  е во село Сарај. Кога би се инсистирало во оваа насока јас би ги подржал и жителите од таа страна . И не држи дека на механички начин го слушнавме и од другите пратеници, дека на вештачки начин општина Сарај се припојува кон главниот град.

Доколку се погледне малку во историјата и на Сарај и на селата во околината не само по 20 или 40 години, тие биле дел од Скопје и сеуште се дел на Скопје, така што ништо не се прави на механички начин. Напротив, тоа е едно многу логично решение на Владата што треба да го подржи и од опозицијата . Што се однесува до тоа дека дел од Радуша се граничи со Косово, би било добро доколку пратеникот даде  некоја забелешка зошто и Ѓорче Петров се проширува до Блаце, каде што исто така се граничи со Косово.

Мислам дека нависитна аргументите кои што опозицијата се обидува да ги каже овде , зошто општина Сарај и Кондово не треба да бидат дел од главниот град, мислам дека не држат . Не држат од повеќе причини г-дине Ѓорчев. Вие порано сте оделе во Сарај да се надишите со чист воздух, сега ќе ви биде уште полесно бидејки ќе биде дел од урбаната средина и истовремено ќе одите како досега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ѓорчев, повелете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Јас само сакам да кажам дека јас сум за тоа да им дадеме шанса на граѓанит еод Сарај и Кондово сами да решат низ непосредна форма, референдум, да се изјаснат каде сакаат да живеат во своја општина или во Градот Скопје. Јас сум за тоа, таа шанса да имја дадеме не од браненици на политичката димензија, туку чисто од димензија на иднината на нивното живеење, каде е подобро да живеат, тие сами да си решат. Ако тие

решат дека е подобро да живеат во градска средина, тогаш тоа нека биде нивна воља. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Аднан Ќахил, имате збор.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитувани пратеници, немав намера да земем збор, но очигледно дека во изминатите денови, често пати се зборува, ќе парафразирам за доброто на сите граѓани во Градот и во Република Македонија во рамки на овие општини. Ќе проговорам за една димензија во врска со овој амандман за Сарај дека е ова политичка одлука зоштоне се преферираат добрата на сите граѓани, да се имаШе предвид тоа ќе се решеше поинаку. Доста од тезите вов рска со општината Сарај кажа г-дин Марјан Ѓорчев и кажа само една работа дека во прва фаза Советот на општината Сарај има Одлука за посебна општина. Јас се согласувам дека самит елуѓе, самите граѓани треба да одлучат дали да бидат дел или да не бидат. Тоа да биде нивна одлука, ама како што кажа самиот минситер дека ова е политичка одлука за припојување на општината кон Градот Скопје. Јас се согласувам дека и општина Сарај како и другите општини порано биле дел од Градот Скопје и тие фактички дефакто се дел од Градот Скопје, но не е тоа суштината. Во минатиот период се определија за фактот дека треба да се нарпават помали општиниза да има развој во тој дел. Се работи за ситуација каде што треба да се постигне цензус од 20%, да се користи албанскиот јазик во Град Скопје. Очигледно дека не само Град Скопје, а ќе проговорам кога ќе дојде за Градот Скопје многу повеќе и пошироко, бидјеки се работи за овојамандман, не е во ред да се зборува сега. Мислам дека не е во ред да се донесат политички одлуки, а само да се постигне цензус од 20%. Мислам дека ако се имаше воља и сенс од владеачката гарнитура можеШе тоа да го направи и без да има 20% , со одлука да се користи  албанскиот јазик во Градот Скопје, без да се припојуваат општини. И да се припојуваат општини врз основа на критеријуми, анализи, врз основа на она што се вели анализи на теренот за доброто живеење на сите граѓани во тие општини.

Ако беше таа целта, мислам дека немаше потреба натаму нешто да се направи, со оглед на тоа што во прва фаза тие требаше да останат посебна општина, со одлука можеше да се донесе иако во Градот Скопје има 17% албанци да се користи албанскиот јазик  и тоа мислам дека е тренд, како што многу кажаа, тренд во иднината дека користењето на јазиците ќе биде многу поважна работа , бидјеки кога ќе завршиме со оваа работа за децентрализација на овој начин, добар или лош времето ќе покаже, ќе дојде на дневен ред економскиот амбиент, економското живеење. Токму за тоа економско живеење користењето на јазиците, познавањето на културата, негувањето на разните култури, зборувам за мултиетнички култури ќе биде предност на Македонија. Но по Предлогот,не само за Град Скопје и за Сарај во целина, мултиетничноста не се отсликува во овој предлог. Нема мултиетничност. Имаме биетничност.  Немојте ве молам во името на мултиетничност да се протурка нешто. Зборуваме за мултиетничка Македонија, мултиетнички Град Скопје, мултиетничност за сите граѓани, а сите граѓани треба да ги добијат подеднакво овие придобивки.

Јас само ќе направам една паралела. Ако се имаше предвид потребите на сите граѓани, а очигледно дека во овој контекс процентите играат најважна улога, по мене не би требало., тогаш зошто не се припои кон општина на Град Скопје, општина Студеничани. Таму има приличен број турци. Во тојслучај процентот на турците во Град Скопје  е веќе повеќе.  Ако се сакаше да се има мултиетничност,во тој случај мислам дека ќе беше многу поцелисходно , само паралела сакам да направам, само во тој случај и Студеничани да се припои кон Град Скопје и во тој случај ќе имавме еден друг пристап дека сите други рурални општини се припојуваат кон Град Скопје и ќе дадеме друга димензија, а не политичка димензија и димензија на процентуален состав, процентуалност. Впрочем, ќе видиме во расправата дека  општина Центар се распарчува, таму процентот на турците се намалува, без никој да внимава на тоа. Ве молам, ако сме за тоа  да имаме придобивки сите граѓани на Република Македонија сега треба и во Град Скопје и во другите општини кога ќе дискутираме, треба да се има чувство за сите граѓани, за сите заедници. Не ни е возможно, не ни е прифатливо сите други заедници да се стават адакта и да се зборува  едно димензијално за потребите на една заедница.

Всушност, потребите на таа заедница се многу големи и затоа се направени тие договори за да се оди во таа насока, затоа се прават тие напори, сета оваа проблематика да се среши на соодветен начин за да влеземе во ЕУ и кажувам дека во идната ЕУ која што нема да има граници , дали  и тогаш процентите ќе играат улога. Мислам дека не би требало да играат улога. Ако тогаш нема да играат улога, а истите луѓе ќе бидат присутни и тогаш, а тогаш ќе бидеме гласноговорници за непроцентуален пристап кон пробелмите и во тојслучај би требало да имаме систем каде штопроценките нема да играат улога само  потребите, економскиот амбиент и вољата на граѓаните да бидат или да не бидат кон руралната општина, да биде приоритет. Никаква политичка одлука во тој домен не ми е прифатлива. Ми е приватлива политичка одлука кога ќе ги тангира потребите на сите заедници, а во даден момент припојувањето само на две општини, а не припојување на една општина каде што живеат турци. Ако се припоеше, би сватил дека проблематиката дека Владата  го согледала од сите аспекти проблемот, тогаш би ми било прифатливо. Во ваков контес, апсолутно не е прифатлива оваа проблематика.Сега повторно ќе повторам. Немаше потреба од оваа работа да се припојуваат Сарај и Кондово да се направи 20%. Можеше и требаше Владата да има сенс и со 17% и со 15% да прифати двојазичност на Град Скопје, или полијазичност ако имаше потреба, каде што впрочем, видовме дека и советите на општините можат да донесат одлука за користење на јазиците на заедниците. Мислам дека политичка одлука од ваков тип ги става економските решенија на втор план и за мене не е тоа прифатливо. Ќе ми беше прифатливо, ќе ми беше логично со Сарај и Кондово да беше приклучено и Студеничани, каде што  процентот и на турците и на албанците ќе се зголеми и ќе биде во контекс на сето она што се вели напредок и само напредок по принципот на децентрализација на власта и територијалната поделба.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Џелили.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван колега Аднан, присутноста на албанците во Скопје е реалност, како и самата Македонија  што е една нова реалност која воопшто не ја познавате , или за жал, не сакате да ја признаете.  Убеден сум дека воопшто не сакате да гопризнаете ни Охридскиот договор, ниту Уставот кој добро ги има дефинирано овие работи. И би ви сугерирал да не вршите политика во полза на другите, туку правете ваша автохтона политика.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Аднан.

АДНАН ЌАХИЛ:

Јас правам моја автохтона политика и не спроведувам ничија политика, а очигледно вие г-дине Зуди не ја познавате работата. Јас сум против Рамковниот договор. Не учествувавме ни како турци , ни како партија во креирањето на политиката, но очигледно дека вие во рамки на Република Македонија сте против една заедница каде што протежирате и реалноста е тоа дека рурална Македонија точно, живеат албанци, албанци се дел од Република Македонија, но покрај албанците и турците се реалност и живеат во Република Македонија. И во таа идна Европа, кога ќе бидеме дел од таа идна Европа  и Македонија, и Турција и Албанија ќе видиме процентуалнот состав каков ќе биде  100:1 и дали тие проценти ќе бидат валидни, или невалидни и дали тие проценти ќе ги протежирате како што сега ги протежирате.

Јас не сум против барањето и потребите на албанците во РМ во Скопје, но очигледно дека сте вие против барањата и потребите на турците во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 9 гласале за амандманот, 1 воздржан, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес  по амандманот на член 12 за додавање нова точка 60-а по точката 60 и на точката 21 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Спиро Мавровски и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави пратеникот Спиро Мавровски, а потоа нека се подготви пратеникот Илија Србиновски.

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседател,

Минатиот пат ми поминаа десетте секунди, расправата за општината Сапотница не ја ни почнавме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете г-дине Мавровски. Само сакам да ви кажам дека ...

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ве молам претседателе, се движи се тука низ салата така што ќе причекам малку. Ме деконцентрираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам г-дине Мавровски немојте вие мене да ме учите за деконцентрација и концентрација. Го имавме тоа и го издржавме.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Амандманот се однесува на општината Сапотница. Бисакал колегите пратеници да ги запознаам со основните карактеристики на општината. Територијално зазема делод поранешната општина Демир Хисар. Му припаѓа на горното сливно подрачје на Црна

река, која всушност извира на овој простор. Извира во селото Железниц и тоа е една од основните карактеристики и некој спомна пред неколку дена во една расправа дека опозицијата многу често зборува за овие рурални општини, како да е тоа се толку убаво и толку добро како да изгледа Швајцарија на Балканот. Токму овој дел може да претставува тоа во Република Македонија, Швајцарија на Балканот, со сите природни карактеристики што ги има општината и со реката Црна.

По долината на реката се протега нејзината аловијална рамнина , а над просторот се издига до сртовите н аоколните планини Плаќенска и Љубен. Таа се граничи со општините Демир Хисар, со Крушево, Другово и Белчишта и на тесен дел со Ресен. Преку неа води главниот пат од Демир Хисар до Кичево, а во Источниот дел населбите не се далеку од патот Демир Хисар - Крушево.

Територијата на општината зазема површина од 260 км2 и се вбројува во средно големите општини во Репбуликата. Просечната густина на населеноста изнесува некаде од 11,4 чители на 1 км2 и оттука гледаме дека општината е поретко населена и е нужна популациска ревитализација. Во составот на општината се наоѓаат 18 населби, за кои што говориме во членот 12 во точката 60 каде што бараме да се постави нова точка 60-а . Тоа се селата Велмевци, Мало Илино, Големо Илино, Железнец, Зашле, Брезово, Доленци, Бабино, Базерник, Жван, Радово, Слоештица, Суво Грло, Мренога, Вирово, Боиште и Церово.

Во 1994 година во општината Сапотница имало 2991 жители, што во споредба со 1961 година, кога популацијата имала 7783 жители, бројот на населението се намалил за 4700 жители, или за 61% а тоа е значителна емиграција на популацијата, па затоа е потребна поефикасна популациска ревитализација , за која што ќе проговориме малку подоцна. Вкупната аграрна површина на општината Сапотница зафаќа 23817 хектари . Од неа необработливо земјиште отпаѓа 4322 хектара , или 18% , пасиштата со 32% и шумите кои го зафаќаат најголемиот дел од површината 149,7%.

Што е целта на овој амандман, бидјеки општината Сапотница се припојува со своите 260 км2 на општина Демир Хисар, која што има само 212 метри квадратни.

Од друга страна во својот состав има повеќе од 22 села, значи на овој начин постигнуваме нешто што мислам дека апсолутно не е коректно додека на ваков начин, потполно се согасувам со колеагата Марјан Ѓорчев, дека токму руралните средини и малите места во овие 8 години од своето постоење го покажаа она зошто било направено и како опстоиле и колку проекти се направени.

Се што е поголемо, се што стигнало во некои градски средини видовме како поминало изминатите 40 години и токму од тие причини денеска се договараме за оваа политичка делба и договор кој мислам дека нема да му донесе ништо добро на народот, посебно во овие рурални средини.

Зошто го говорам тоа? Општината Демир Хисар со предлогот што ни го даде Владата во членот 10 стои дека треба да ги има следните населени места: градот Демир Хисар и селата Бабино, Базерник, Бараково, Белче, Боиште, Брезов, Вардино, Велмевци, Вирово, Големо Илино, Граиште, Доленци, Единаковци, Жван, Железнец, Журче, Загориче, Зашле, Кочиште, Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Растоица, Света, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суво Грло, Суводол, Утово и Церово.

За една општина како што е Демир Хисар, можеби Владата се поведе од она што значеше развој на општината Демир Хисар, барем за последните неколку години кога се дојде во ситуација во општината Демир Хисар да проработат сите економски капацитети како Југотутун, Дехитекс, се отвори фабрика за преработка на печурки и така во одредени моменти општината Демир Хисар...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски зборуваме за Сопотница, а не за Демир Хисар.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Да, за Сопотница, но Сопотница се припојува на општината Демир Хисар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Но вие барате да се одвои.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Точно да се одвои, но бидете малку стрпливи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кажете кои се предностите ако се одвои.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Токму така кажувам кои се маните ако биде припоена кон Демир Хисар, а вие како сакате сфатете. Тоа е истото.

Значи, овие 40 села кои во моментот ќе ги има општината Демир Хисар во последните две години сите што знаат нешто за ова подрачје, знаат дека овие капацитети се веќе затворени и за разлика од тогаш кога луѓето доаѓаа и од Битола да работат во Демир Хисар, во моментот Демир Хисар е скоро мртов град.

Затоа, со припојувањето на општината Сопотница кон Демир Хисар не добива ниту општината Демир Хисар, а уште помалку општината Сопотница. Во општината Сопотница во одредени села како што се Жван, Слоештица, Бабино има одредени ресурси кои можат и ги задоволуваат потребите на овие граѓани и во основа граѓаните од сопотница и граѓаните од Демир Хисар својата иднина ја наоѓале во градот Битола. Оваа миграција од 1961 година во општината Сопотница со некаде 4.000 жители и општината Демир Хисар во градот Битола можеби имале некоја перспектива се до 1994 година кога бројот на невработените рапидно се зголемил од 10 на 20.000, се затворија голем број на капацитети како што беше фабриката за фрижидери, Битолатекс, Кожара, Свилара и останати капацитети кои и на просторите на бивша Југославија значеа многу. Голем дел од овие граѓани останаа во градот, останаа невработени и сега е моментот со една законска регулатива, со давање на поголеми права на овие општини едноставно тие граѓани да можат да се бвратат на сопствените атари и да почнат да работат.

Како што зборувавме за општините од Мариово, како што се Старавина, Витолиште и Конопиште, исто за оваа општина Сопотница една од најубавите во Република Македонија, тоа е дефинитивно, со сите оние рибници што ги поседува со чиста и здрава храна која може да ја понуди и на македонскиот и на европскиот пазар, едноставно треба да најдеме начин како овие села да заживеат и како понатаму да опстојуваат.

Рудникот Сопотница почна да работи, може да работи уште повеќе, тука е Сачмарата која во даден момент зависи од еконмскиот развој на ниво на Република

Македонија ќе донесе нови вработувања и ќе можеме да вратиме многу луѓе на тие простори.

Но, господа, на овој начин, со тоа што ја припојуваме општината Сопотница на општина Демир Хисар со 18 населени места, а општина Демир Хисар која има 22 така добиваме 40 населени места за една општина Демир Хисар со капацитетот што го има мислам дека апсолутно не нудиме на граѓаните ништо ново, апсолутно никакво решение кое понатаму ќе може да донесе просперитет и развој за Сопотница. Самите пролеми на општината Демир Хисар се многу големи, посебно од инфраструктурата и покрај тоа што добар дел е завршен, но сега се припојува и општината Сопотница така што она што рековме секој на својот атар е најсилен. Затоа мислам дека е тука, бидејќи се работи за голема површина, припојуваме територија која е многу поголема од местото на кое ја припојуваме и од прилика бројот на селата и покрај тоа што не се населени во голем број некаде околу 3.000 луѓе односно 2.700, мислам дека треба да се најде начин оваа општина да се остави и понатаму да се развива самостојно и овие села да ја формираат општината Сопотница, мислам дека и од стратешки поглед оваа општина ќе биде многу важна за скоро време затоа што граничи до близината на Кичево, така што таа перспектива и тој развој во насока на Кичево, а досегашниот развој бил секогаш кон Демир Хисар и Битола, мислам дека може да донесе до еден просперитет.

Значи, се она што се повторуваше години наназад бројот на жителите во Битола драстично се зголемуваше, бројот на сите жители во општините околу Битола се намалуваше, дојдовме во ситуација се додека постоеше некоја економска оправданост за сето тоа беше во ред, сега претставува баласт и проблем, а ние ја зголемуваме и општината Битола, припојуваме некои општини кои воопшто можат и самите да опстојат, за разлика од она што се случуваше до сега и едноставно моето размислување е дека општина Сопотница со овие села кои ги набројав како Велмевци, Мало Илино, Големо Илино, Железнец, Зашле, Брезово, Доленци, Бабино, Базерник, Жван, Радово, Слоештица, Суво Грло, Мренога, Вирово, Боиште и Церово може да опстојува и понатаму самостојно, како што опстојувале до сега.

(Со седницата продолжи да раководи госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е јавен господинот Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Му благодарам на господинот Спиро Мавровски што се обиде да ја отслика општината Сопотница. Меѓутоа, направи две-три грешки.

Прво, погрешно го интерпретираше бројот на жителите во оваа општина од 3.000, а таа има 2.400 и нешто.

Села во кои пред 10 години имаше по 50-60 луѓе, пред некој ден бев во тие села што ги спомна гледам 8 жители. Знаете што ми рече еден од нив. Бев некни во Сопотница да земам уверение. Таму го најдов градоначалникот и чистачката. Уверение не можев да земам оти требаше да одам во Демир Хисар. Такви општини господине Мавровски нам не ни требаат. Нам ни требаат општини каде граѓаните кога ќе појдат во нив ќе си ја завршат работата.

Сметам дека тоа за што се залагате да опстоите можеби беше во едно друго време кога во Сопотница работеше рудникот, работеа и уште неколку други објекти кои сега ги нема, а овие граѓани се сите над 70 години што ги спомна Спиро во таа погрешна бројка.

Уште една грешка да го исправам, оваа општина не граничи со Кичево, оваа општина граничи со Другово.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Мавровски

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека бројот на жителите, она што го добивме, е 2.319, тука нема дилеми, а јас не кажав дека граничи со општина Кичево, реков дека граѓаните можат да гравитираат кон општина Кичево и тоа е многу различно од ова што вие го кажавте. Тоа е во ред.

Она што кажавте дека во општината имало градоначалник и чистачка и не можел да земе уверение, во Битола можеби има и градоначалник и уште колку службеници, па пак не ќе можете да земете уверение и потврда, ќе мора да одие три дена. Дали тоа

значи подобра локална самоуправа од оваа што е, а тоа е факт, ќе ги прашате граѓаните. (Господинот Макрадули му упаѓа од место).

Се извинувам господине Макрадули ако имате реплика повелете, немојте така од место да ми упаѓате во збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Мавровски не влегувајте во дијалог, довршете со контра репликата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, јас мислам дека господинот што барал потврда кога ќе оди и во Демир Хисар ќе му се случи истото, повторно ќе биде градоначалникот и чистачката, па потоа ќе треба да го препратиме кон Битола. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за дискусија е јавен господинот Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке,

Минатиот пат зборувавме и се придружувам кон господинот Спиро Мавровски за она што го кажа за местоположбата и состојбата на оваа општина зошто треба да остане како општина Сопотница. Целта на постоење на една општина е да се подобрат условите за живот на граѓаните преку поттикнување на иницијативи, давање идеи, подготовка на проекти и за реализација на истите. Токму затоа велам дека оваа општина би требало да остане затоа што со еден голем број на проекти од кои се дадени тие проекти можат да се реализираат, тука мислам на проектот за фекалната канализација и пречистителна станица во Сопотница, проект со мини зафат на Црна Река, доводен канал за наводнување на Доленци со 65 илјади евра, проект за водоснабдување на населено место Зашле, проект за водоснабдување на населено место Големо Илино, проект за изградба на локален пат Радово, проект за локален пат Церово, проект за уредување на извори на Црна Река, иницијативи кои се произлезени од граѓаните кои општината ги поддржува и се залага за нивна конечна реализација. Затоа велам доколку се укине оваа општина овие проекти ќе пропаднат, а бидејќи изобилува со големи ресурси, местоположбата што го зафаќа самата општина, има природни богатства, има рудни

богатства, општина Сопотница е позната, пишува во книгите, во земјоделието дека со еден жвански грав познат во цела Република Македонија  и затоа велам дека оваа општина покрај овие рудни богатства што ги поседува како општина Сопотница може да се издржува самата општина и затоа велам дека оваа општина би требало да остане како општина.

Треба да се има во предвид дека е донесен заклучок на Советот на општината Сопотница одржана на седница на Советот на 29.12.2003 година на која биле присутни сите 13 советници го разлгедале Предлогот за донесување на закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија  и едногласно го отфрлија како неприфатлив членот 10 ставот 1 точка 16 од спомнатиот Предлог-закон каде населените места од општина Сопотница се  припојуваат кон општина Демир Хисар.

Овој заклучок треба да се има предвид како советници кои го изгласале и мислам дека треба да се земе волјата на граѓаните, покрај заклучокот, кој сакаат да остане самостојна општина Сопотница. Од тие причини повторно се јавив и велам дека треба да се има во предвид дека оваа општина Сопотница треба да остане како самостојна.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме ги молам сите колеги пратенци да влезат во салата.

Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата се присутни 65 пратеници, можеме да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, од кои 6 за, нема воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 за додавање нова точка 60-а по точката 60 и на точка 21, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Спиро Мавровски и Илија Китановски.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 60-а по точката 60 и на точка 46, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Илија Србиновски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Врз основа на расправите по овие амандмани кога расправавме по членот 10 врз основа на аргументите кои беа изнесени од предлагачите на овој амандман, нашите размислувања за функционирање на овие реони, амандманот не се прифаќа на член 12.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

За збор е пријавен господинот Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке, почитуван министре, мислев дека бидејќи по втор пат се расправа, ќе најдете доблест барем една општина да оставиме како рурална општина, Старавина е многу битен фактор да остане како општина Старавина иако нема жители, иако има 500 жители, но има околу 330 км2 површина, територија и мислам дека можеше да остане една општина, ако не повеќе, за проба да видиме како ќе работи понатаму со новата територијална организација.

Токму затоа велам дека ќе дадам едно мало образложение зошто би требало да остане оваа општина.

Со една чиста еколошка средина што слободно можам да кажам дури и географски ретка во Европа, со производство на природна еколошки здрава храна, идеални услови за развој на селскиот туризам, риболов за странци. Голем капацитет на руди и шумски богатства, шуми на околу 33 хектари, богато културно наследство, манастири, црвки и тн.

Прекуграничната соработка со Република Грција, ја имаат веќе восопставено постојните грanoначалници.

Заради сите овие факти општината Старавина има силна подршка од странските амбасадори. Личен сведок сум, кога бев таму во посета на Старавина, беа амбасадорите на Америка, беше амбасадорот на Германија, на Шведска и тн. и тоа што тие го увидоа како амбасадори рекоа дека може ова општина да остане како самостојна општина. Поради тие причини Мариово како подсрачје, Старавина како општина, како дел од него, секогаш било предмет на планирање и било опфатено со развојните планови на Битола, Прилеп и Кавадарци. Меѓутоа, никогаш не му е дадено, одделно не бил планиран неговиот развој.

Во 1983 година, преземена е конкретна активност. Институтот за просторно планирање од Охрид направи просторен план за развој на Мариово до 2000 година, но за жал од тоа никогаш ништо не беше реализирано. Непознати се причините зошто. Времето го направи своето, населнието го напушти Мариово и останаа само старечки семејства и поединци, молејќи се на бога ги чекаат последните моменти од својот живот.

Од 1996 година, Старавина или битолскиот дел на Мариово е самостојна општина. До 1996 година, во регионот на битолско Мариово, општина Старавина не е инвестиран ниту еден денар од страна на државните институции. Затоа сликата се менува од 1996 година. Сега, овој дел на битолско Мариово е распнат меѓу две можности, да биде предмет на развој и инвестиции со што би прераснал во вистински дипломатски центар или пак со укинувањето на општината да се направи вистински атак врз животот на ова подрачје.

До 1960 година, постоеше општина во која што влегуваше делот на битолското Мариово. Со укинување на општината започнува процесот на миграција и масовно иселување село-град. Така битолско Мариово благодарение ваквите процеси од регион со 6.000 жители станува место во кое живеат едвај 500 жители.

Еве, на пример, што се направи во делувањето на локалната самоуправа и нејзините надлежности:

Се изгради регионален водовод Мариово од кој, со вода за пиење се снабдуваат селата Градешница, Старавина Будимирци, Зовиќ. Се изгради далноводот од Прилеп преку Бешиште до селата Градешница, Будимирци, Старавина и Зовиќ. Поставени се над 80 бетонски бандери, бетонски бандери се разделени од селата Орле, Маково и Рапеш. Се проби, се тампонира локални патишта до селата Зовиќ, Будимирци, кои до тогаш слободно можам да кажам дека беа непроодни. Се проби пат до селата Брник и Груништа, се асвалтира локалниот пат Старавина-Градешница во должина од 3,3 километри, се асвалтира регионалниот пат Рапеш-Старавина во должина од 3 километри. Пробиен е патот до манастирот "Свети Димитрија" во село Будимирци во должина повеќе од 5 километри. Со помош на РЕК од Битола, се направија полски пристапни патишта во селата Орле, Маково, Рапеш. Во сите села во општина Старавина поставено е улично осветлување. Изработен е генерален урбанистички план за населбата Старавина и изготвена е урбанистичка документација до населбата Маково. Поставен е споен телефонски приклучок во секое село и сателитски предаватели од кое секое семејство ќе може да добие телефонски приклучок.

Мислам дека и минатиот пат сето ова го напомнав и колку да зборувам натаму морам да напомнам дека овој дел Мариово, Градешница, изобилува со голем сточен фонд. А, доколку остане како општина мислам дека ќе има уште поголем сточен фонд, било на крупе добиток, било на ситен добиток. Верувајте, кога се направи патот, кога се изгради од Градешница до Старавина и од Маково за Старавина, верувајте со ова жителите на овие села кажуваат дека после 50 години Мариово се спојува, општина Старавина се спојува во Република Македонија. Затоа, кога зборувам за оваа општина, со такви природни богатства, со чиста еколошка здрава храна, за производство, мислам дека ќе си го најде местото, жителите ќе си најдат начин и ќе се вратат и самите жители што се иселени. А, во едни вакви тешки услови, со ваков економски развој за државата на Република Македонија општина Старавина би претставувала како развој за земјоделството со чиста и еколошка храна. Токму затоа, од тие причини мислам дека треба да остане општината Старавина како самостојна општина.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За збор се јави господинот Гештаковски, министер за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Србиновски, слободно да им кажете на амбасадорите, вие и градоначалникот, ако треба и јас ќе им кажам, шумите ќе останат, чистиот воздух ќе остане, можноста за лов ќе остане, ќе се градат патишта, добро јагнешко ќе има и понатаму од сточниот фонд и ништо нема да се измени со приклучувањето во Новаци. Баш напротив, ќе се создадат услови и сите ние да го развиваме тој крај, особено погранично, со помош на сите заљубеници во ваквите краеви.

Кажете ми слободно што ќе се измени со приклучувањето кон Новаци и со можностите што ги дава развојот на локалната самоуправа?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Илија Србиновски, имате реплика, повелете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Господине министре,

Што ќе постигнете на пример, вие ако останат две посиромашни општини?Јас токму знам, дојдоа, амбасадорите ги посетија, лично присуствував со амбасадорот Батлер, бевме таму, тој е импресиониран од тој крај и самиот рече дека ќе се залага за општина Старавина да остане. Меѓутоа знаете, народната поговорка вели, сосема е друго кога ќе се грижи секој сам за себе отколку друг да се грижи. Токму заради тоа треба да остане како општина сама Старавина, што докажале, навистина претставува еден бисер во Европа со таа чиста и здрава средина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму со дискусии.

Има збор господин Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Почитуван министре, почиувани колеги пратеници,

Точно во контекс на овие разговори и послените прашања од господинот министер, ќе се обидам накратко да елаборирам за општината Старавина и перспективните можности што мислам дека не смеат да се пропуштат и оваа општина понатаму да опстојува таква каква што е.

Мариово како подрачје, општината Старавина како дел од него отсекогаш било дел на планирање и секогаш било опфатено со развојните планови на Битола, Прилеп и Кавадарци. Меѓутоа, никогаш не му е дадено посебно значење и никогаш одделно не бил планиран неговиот развој.

Во 1983 година преземена е конкретна активност, прва до тогаш Институтот за просторно планирање од Охрид направи просторен план за развој на Мариово до 2000 година. Но, за жал од тоа никогаш ништо не беше реализирано. Непознати се причините зошто. Времето го направи своето, населението го напушти Мариово и останаа само старечките семејства и поединци молејќи се на бога да ги чекаат своите последни моменти во овој земен живот.

Господине министре,

Дали општината Новаци ќе биде таа што го ревитализира Мариово, апсолоутно се сомневам, искажувам сомнеж и знам дека тоа нема да биде, затаа што и општината Новаци има свои проблеми. Општината Новаци со својата територија со Вашиот Предлог-закон го доделивте и општината Бач каде што, како што кажав не постои ниту пат да може некој и да побара потврда од месната заедница или од градоначалникот на Новаци, ќе треба да помине низ други две општини за да стигне до општината Новаци, а што ќе биде со овие стари луѓе кои се 350 на број од Старавина за да можат да стигнат до Новаци да побараат таква потврда. Мислам дека ниту општината Новаци ќе има интерес да го прави тоа, ниту ќе може да го прави со постоечките ресурси, како понатаму тоа ќе се развива.

Но, за разлика од општина Новаци што во својот дел го има и РЕК Битола, има многу рамнински и полски села и што ќе може да опстојува и да живее доста добро, општината Мариово, општината Старавина во овој случај, тоа што се залагаме цело време, тоа што неколку пати се обидовме да го кажеме и што ние како пратеници и Владата на Република Македонија, како Предлог-план што ни беше доделен, доставен до сите нас, а ние го гласавме многу скоро, перспективите и развојот мислам дека токму се гледаат во општината Старавина, во делот на рудните богатства, на експлоатација на минералните рессурси што е веќе почнато да се прави. Потоа, во ловот, во риболовот, тоа што значи експлоатација на шумите. Но, јас сепак би се задржал на она што значи рудно богатство, што може и треба да донесе повеќе жители во општина Мариово и тоа млади луѓе кои ќе работат, ќе работат на отворање на рудникот Мариово и што е предвиден во периодот од 2010 до 2020 година, а за чија изградба ќе треба да се потрошат 7 до 8 години. Значи 7 до 8 години поголем број на работници, со механизација би работеле на тој простор.

Моментално, во државата има многу невработени повеќе од 400.000. Голем дел би прифатил таква работа, со тоа што гаранцијата и експлоатацијата на рудникот за наредните 20-30 години, обезбедува еден перспективен развој. Тоа е првата работа што треба да ја гледаме во оваа ситуација.

Втората е хидропотенцијалот. Хидропотенцијалот за кој што говоревме, за кој што сега сме горди и кажуваме дека направивме хидроцентрала што може да замени голем дел од енергината на РЕК Битола, со тоа се лажеме самите. Хидропотенцијалот во двете хидроцентрали што се во планот за развој на Република Македонија се Хидроелектрананата “Чебрен” и “Галиште”. Чебрен со инсталирана моќ од 253 мегавати снага е онаа водена енергетска сила што и треба на Република Македонија. И тоа е дефинитивно така. Тоа мораме да го направиме. Дали тоа ќе биде под концесија, дали државата ќе најде средства, дали ќе најдеме странски изведувачи, но нешто што мора да се направи тоа е ХЕ”Чебрен”. Затоа што сакајќи или несакајќи Рудникот “Суводол” се ближи кон својот крај. Наредните 10-12 години нема ни да постои повеќе. Така што ние

мораме да размислуваме за замена на тие капацитети што сега овозможуваат безбеден опстанок на Република Македонија, посебно во енергетскиот дел.

Овие два капацитети Чебрен и Галиште, вкупно со капацитет од некаде 450 мегавати снага и производство на 549 гигавати, што мора да се смета дека е нешто добро и нешто големо, затоа што “Матка - 2” би имала само 53 или 10% од овој капацитет на производство на електрична енергија. Козјак со некаде 156 гигават часови годишно производство, мислам дека таа инвестиција што е вложена од Електростопанство во Македонија во наредните 30-40 години не ќе може да ги врати тие пари. Затоа кажувам, во овој дел, изградбата на еден таков голем објект, значи преградување и правење на Чебрен исто ќе бара ангажман на голем број луѓе, млади луѓе. Сигурно овие не ќе можеме тука да ги задржиме, но затоа да им дадеме можност на општината Старавина, опстојувајте, ова што сега го прават е за пофалба а направиле многу. Дали тоа биле амасадорите, дали биле донации, некои странски можности што ги искористиле во секој случај дефинитивно знаеме дека од 1996 година се направени многу работи. Затоа што од 1961 година овој дел е избришан. Останати се некаде само 8% од вкупното население што постоело на овие простори. Дури ни толку. Имало повеќе од 6.000 жители на просторот на Старавина. Сега стаса до бројката од 315 и тука е проблемот.

Ако не обезбедиме услови тие луѓе да ги вратиме, ова што кажувате со сточарството, со земјоделството, едноставно мислам дека развојот ги кажа тие три дела од Мариово се она што треба да ја презентира Република Македонија. Тоа е делот каде што ние имаме комплетно најдолга гранична линија со Република Грција, во која што за среќа баш на овие подрачја во последните неколку годин се случува интензивен развој за разлика од годините претходно. Тие подрачја беа многу пасивни. Сега доста се инвестира. Дали е тоа во туризам, дали е тоа отворање на скијачки центри, што овозможува непосредно поврзување на овие два региони и искористување а тие странски туристи за посета во мариовскиот крај.

Сето ова мислам дека го слушнавме. Јас уште еднаш ве замолувам и покрај тоа што бројот на жители демографски кажуваме дека според критерумите што ги имате, едноставно не задоволува, но сведоци сме дека такви прекршувања има  и во многу

подруги ситуации. Општини од 15.000 жители се припојуваат една кон друга. Ако се и двете по 15.000, се постигнува општина со 30.000 жители. Оваа општина е многу специфичен регион во Република Македонија. Ова што го нуди перспективно, ова што го гледаме и што е понудено и во планот за развој за Мариово и Република Македонија мислам дека треба да го прифатите и дека треба да се размисли и овој дел да доживее, токму во овие моменти, процут затоа што во нашата држава, ако продолжиме на вакво ниво да ги решаваме проблемите од страна на енергетиката, ќе дојдеме во многу тешка ситуација.

Затоа, многу поскоро, барем она што е предвидено во плановите, да се придржуваме кон дел од нив и да можеме, токму тоа е чинот на кој што Мариово повторно ќе заживее. Ќе обезбедиме враќање на тие луѓе во Мариово. Јас морам да кажам дека за тоа што имавме дискусија од пратениците или реплики од пратениците на СДС, имаме писмо упатено и денеска јавно објавено во Весникот “Дневник” каде што кажуваат дека е изнесена една голема невистина во однос на тоа што се кажа за купување на мобилни телефони. Тие пари некаде околу 1.300.000 денари се потрошени за изградба на улица во селото Рапеш.Тоа одговорно го тврди и градноначалникот и Советот на општината Старавина. Јас чувствувам потреба тоа да го кажам.

Останува на колегите ратеници уште еднаш да ги замолам а и вас господине министре, ако постои минимана шанса оваа општина едноставно да опстојува и понатаму, затоа што она што го направи и она што го кажувавме до сега, еве, јас стојам на тоа дека руралната средина, оној кој се грижи, што велиме дека е добар домаќин за своето семејство, ќе биде добар за секого. Сигурно, колку што е подалеку од вашиот атар толку помалку ќе гледате, толку помалку проекти ќе бидат насочени кон Старавина. Дали таа ќе биде во Новаци, дали ќе биде со Бач, дали ќе биде со Бистрица, или во Битола, едноставно годините претходно годините наназад покажале дека и како држава и како општина Битола не сме воделе доволно грижа и не сме направиле апсолутно ништо сем што тие луѓе се дојдени во Битола и тука опстојуваат како што опстојуваат во овие моменти.

Да им дадеме можност повторно да можат да работат и државата едноставно да вложи во овие предели, затоа што миниералните ресурси, хидро богхатството, рудните богатства обезбедуваат еден фантастичен развој на Мариово. Колку ние како држава можеме да го следиме сето тоа, зависи од вашата политика, економскиот тренд и она што ќе обезбедиме како законски услови за влегување на странски капитал во Република Македонија.

Значи, останува уште еднаш да ве замолам да размислите и сите колеги пратеници дали оваа општина и понатаму може да опстојува.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Колегата Спиро Мавровски во повеќе наврати во текот на дискусијата по оваа точка ги споменува големите енергетски капацитети на Мариово и можностите за инвестирање во енергетски обејкти. Заради информација на јавноста, веќе не можам да се воздржам да не реплицирам на ова што го зборува. Сите тие објекти кои што ги наведува колегата, се објекти кои што не се само економски исплатливи. Значи сите тие хидроелектрани Чебрен, Бошков Мост кои се споменуваат и миниралните ресурси не се исплатливи сами по себе економски. Такви објекти во светот се градат вообичаено со големи субвенции од страна на државата и тие субвенции ги надминуваат можностите на држави како нашата кои што не се економски многу развиени. Што значи дека инвестирањето, изградбата на овие објекти нема поголема врска со локалниот развој. Значи, нашата држава во состојбата економска која што е сега не може многу лесно да се носи со такви објекти, туку би биле потребни странски инвестиции за тоа, а камоли ако такви потенцијали и такви можности такви проекти се остават да ги носи една општина од Мариовско. Според тоа, тие аргументи сметам дека немаат некоја поголема врска со децентрализацијата и со територијалната поделба на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, повелете една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас ќе бев многу среќен ако ова госпоѓата Борозан го кажеше и на господата од Електростопанство кога почнаа со изградбата на Хидроелектраната Козјак која што не е ни хидроенергетски објект, да кажеме дека и за 40 години нема да ги врати парите. Јас многу добро кажав дека ова е хидрообјект и потенцијал за кој што треба да се направи законско решение за да се изгради со странски инвестиции. Затоа што ние не ќе можеме да ги вратиме оние пари што ги дадовме за воден објект да направиме. А госпоѓо Борозан вие и колегите од позицијата ме убедуваа дека ова што го гласавме, а тоа е Просторниот план на Република Македонија е токму ова што вие го предвидувате да го работиме. Значи, имаме двојство. Или ова не е точно што го потврдивме како пратеници, или пак не е точно ова што вие го говорите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 4 пратеници гласале за, нема воздржани и 60 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 63-а по точката 63, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Само кратко би се осврнал. Ова е практично трет амандман од оваа група за таа општина Струмичко-Прилепска-Дебарска за која што се сложивме дека е апсурдно, барем тука се сложивме. Би сакал да кажам зошто овој амандман воопшто го дадов. Кога го видов законот за територијална организација во размислувањето сватив кои се критериумите и постапките и ефектите кои треба да произлезат од тој закон, меѓутоа во една друга конотација практично, користејќи ги истите тие критериуми и постапки со крајна иста ефективност на свој начин, можеби саркастичен, неприлагоден за оваа ситуација, меѓутоа да биде упатен за да се види тоа, затоа што ги хипертрофира и ги хиперболизира постапките по кои се носи законот за територијалната организација. Мене ми е мило што барем тука се сложивме со министерот и мојата цел околу овој амандман за да ја покаже небулозата на Законот за територијална организација на Република Македонија успеа и поради тоа овој амандман го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на точка 66, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Овој амандман на госпоѓата Бонева исто така беше доста дискутиран во членот 10, се однесува околу организирање на селата на општината Тетово. Од аргументите кои беа изнесени и размена на мислења, амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам почитуван претседателе, овој е еден од седумте амандмани исто така со кој што предлагав една нова територијална организација на регионот Тетово. Новата општина Тетово која што со овој амандман ја предлагам е со една единствена цел, навистина и овде да се почувствува процесот на децентрализација кој што треба да го спроведеме. Во новиот предлог на Владата општина Тетово се предлага да има над 86 илјади жители, додека досегашната општина Тетово броеше нешто над 65 илјади жители. Значи, за повеќе од 21 илјади жители се зголемува бројот на населението на новата општина Тетово во еден процес кој што го велиме дека е процес на децентрализација. Ако им се ускратува на граѓаните од општина Шипковица и Џепчиште да имаат своја сопствена општина наспроти нивната волја, ако се прави една огромна општина со огромна територија, јас не знам како граѓаните на оваа нова општина Тетово, повторно ќе кажам, ќе го почувствуваат процесот на децентрализација, како ќе бидат поблиску услугите од локалните власти до нив, како тие повеќе ќе учествуваат во одлучувањето на сопствената локална самоуправа. И токму заради тоа го доставив овој предлог и од аспект на тоа навистина да зборуваме за процес на децентрализација и од аспект на тоа дека градот Тетово треба навистина да продолжи да се развива неоптоварен со руралните општини околу него, со нивните проблеми, бидејќи тие многу поуспешно ќе ги решаваат своите проблеми отколку што тоа ќе го прави градот Тетово, во тоа сум убедена и токму заради тоа го правиме овој процес на децентрализација. Понатаму, во моментот во општина Тетово процентот на застапеноста на етничките заедници е таков што Македонците се некаде над 29% и ако е таков процентот на застапеност на Македонците од кажувања на граѓаните Македонци од сегашната општина Тетово, тие зборуваат дека скоро 90% од институциите, подрачните единици се раководени од граѓани од албанската етничка заедница. И сметам дека со новиот предлог кој што го поднесувам пред колегите во Парламентот и пред Владата процентот на Македонците ќе се зголеми на 40%, значи 40% ќе има Македонци, градот Тетово ќе биде растоварен од руралните општини околу него, Албанците ќе бидат 50%, а другите етнички заедници 10%. Со тоа се отвора една прекрасна можност за коалиции, локални коалиции помеѓу партиите навистина за бранење на интересите на сите граѓани на општина Тетово и

сметам дека овде нема ниту губитници, ниту некој што добива. Албанците нема апсолутно ништо да изгубат, Македонците и другите етнички заедници навистина доколку, постојано тука зборуваме за духот на Рамковниот договор, еве еден прилог кон заедничкиот соживот кон градење на довербата, не постојано со целокупната оваа територијална организација во општините да го зголемуваме бројот на албанското население што е случај дури и овде во општина Тетово, да се намалува процентот на македонското население, еве една можност да се покаже дека навистина сакаме соживот, навистина сакаме јакнење на довербата помеѓу етничките заедници, а со тоа навистина ништо не губи албанската етничка заедница. Сметам дека предлгот кој што го доставувам е навистина сериозен и не треба несериозно Владата и пратениците да се однесуваат кон него. Уште еднаш го замолувам господинот министер и колегите пратеници навистина да размислат, бидејќи овој предлог не се коси ниту со Рамковниот договор, ниту со нашиот процес на децентрализација кој што треба да го спроведуваме, туку обратно, ќе одиме во прилог на волјата на граѓаните, ќе им го доближиме процесот на децентрализација до нив, ќе им ги доближиме услугите на локалната самоуправа до нив, а во исто време ќе работиме на процесот на јакнење на довербата помеѓу етничките заедници во Тетовскиот регион.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Абдилаким Адеми.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател. И во амандманите кои се однесуваа на членот 10 од Законот за територијалната организација реплицирав на дискусијата на госпоѓа Бонева, но и сега сакам да реплицирам, бидејќи се занимава со една општина која воопшто не ја познава. Дури таа во својот говор спомену дека на жителите од Шипковица и Џепчиште им се зема правото да имаат општина, да се здружат со Тетово итн, се нарушува етничкиот баланс итн. Јас ќе ја потсетам госпоѓа Бонева, или би сугерирал да ги види статистиките кои ги имаме изготвени од министерот за локална самоуправа каде може да види дека Тетово без Џепчиште и Шипковица има околу 64% Албанци. Со овие општини има 74%, 23% Македонци, значи не се нарушува етничкиот

состав во Тетово. И доколку и Голема Речица и Мала Речица ако ги отстраниме од Тетово и Џепчиште и Шипковица да не се припојат со Тетово, повторно мнозинство во Тетово ќе бидат Албанците со околу 60%. Овде немате воопшто право и попусти ви се овие пресметки кои ги вршите за да ги отстраните Албанците од Тетово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Очигледно дека колегата воопшто не ме следел во моите кажувања. Јас немам намера да ги отстранам Албанците од Тетово. Албанците се таму како што се таму и Македонците. Во однос на статистичките податоци токму тоа и јас го зборував, процентот на Албанците во моментов е токму тој што го кажа господинот, меѓутоа ако доколку се усвои предлгот, тогаш процентот на Македонците во општина Тетово ќе се зголеми од сегашните 29 на 40%, или од сегашните 23, со новиот предлог на општина Тетово некаде околу 40%. Тоа не значи дека јас го намалувам бројот на Албанците и ги отстранувам, тие се тука. Меѓутоа, колегата навистина требаше сериозно да размисли, бидејќи ништо не им се ускратува од правата на Албанците дека треба да се покаже добра волја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Ви благодарам. Не сакам да реплицирам на целата дискусија, туку ќе се задржам на еден дел кој што е многу значаен и тоа дезинформација за пошироката јавност во Република Македонија кога станува збор за една етничка заедница која што е малцинство, во конкретниов случај во Тетово. Јас сакам да ви кажам дека Македонците имаат многу повеќе отколку што им припаѓа. За илустрација, во Тетово во регионалните министерства е 50:50 меѓу Албанците и Македонците, да не го сомнувам Пензискиот фонд, Заводот за вработување каде што на чело на овие институции се Македонците, а она што е позначајно доколку одиме во другиот сектор кој што е сектор се обидува да се приватизира кој што е граден 50 години од сите граѓани на општина Тетово без оглед на нивната етничка припадност, или религиозна. Тогаш, ќе спомнам, во Тетово постојат 4,

или 5 големи организации општествени кои што се обидуваат да се приватизираат, а на чело на тие организации се Македонци. Сакам да го спомнам само Тетекс, Млекарницата и многу други Жито Полог во Тетово и други претпријатија на чие чело се Македонци. Затоа не треба да се дезинформира јавноста дека во Тетово се прави отстранување на Македонците од општествените институции. Но, мислам дека е направена една навистина неправда кон Албанците во изминатите 50 години и сега не случајно на чело на тие институции се Македонците. Но, ете такви се законите, тие се дискриминаторски во однос на еден дел на населението, а на чело на тие институции се Македонци. Да не се спомнува една друга област ако Албанците не се мнозинство за вработување во Тетово и во Гостивар, тогаш каде ќе се направи, реализира 25%, да речеме 60:40 во однос на Македонците во обвинителството. Не знам од каде произлегува овој ваш израз, ова ваше изразување пред јавноста дека во Тетово нема Македонци кои што не се вработени во државните институции, или приватни институции.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега, јас навистина ќе бидам задоволна од она што вие го искажавте доколку успеете да ги убедите Македонците од Тетово дека она што го зборувате вие е вистина. Токму заради тоа е и овој предлог на закон и Македонците, како и Албанците што бараат одредени проценти во општините каде што не се мнозинско население да бидат застапени и во државните институции и во локалните. Целта на овој амандман е токму тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 6 за амандманот, нема воздржани, 53 против амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето беа присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(по паузата седницата почна со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците и претставниците да влезат во салата.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 66 поднесенод пратеникот Ристала Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да сепроизнесе.

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

И овој амандман е сличен на петходниот во делот на територијалното организирање на општина Тетово. Од наведените причини амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете г-ѓа Лалчевска имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам, г-дине пртседателе,

Не ме изненадува што не го прифати амандманот министерот, не прифати ниеден амандман, не очекував ни овој да го прифати.

Јас накратко ќе образложам зошто го поднесов овој амандман и кои се моите видувања за територијалната организација, во општината која што ја предлагам.

Имено, јас во амандманот предлагам во точка 12 член 66 после зборот градот Тетово да се стави точка и тука да заврши. Кога го предложив овој амандман бев водена од три основни критериуми.

Прво, затоа што со ваквата територијална организација да остане како општина само Градот Тетово без рурални средини, се водев воглавно од три основни принципи или критериуми, како сакате наречете ги.

Прво, и со ваквото територијално организирање нема да има етнички конфликт на интереси, значи не постои никаков конфликт на интереси. И, со овој предложен амандман Градот Тетово според бројот на жители ќе биде со доминантно албанско население, процентуално македонско население помалку од албанското, турско, ромско и тн., значи ќе постигнеме едно групирање на сите етникуми кои што се застапени во Македонија со еден баланс, да речам, без некоја посебна бројчана доминација на еден етникум.

Тоа ни беше битно бидејќи со вакво балансирање на етникумите на градот Тетово ќе покажеме дека навистина не треба да не водат етничките принципи, ќе покажеме дека ќе создадеме една средина во која нема да има мајоризација на ниеден етникум, ќе создадеме една општина каде што ќе можат сите да покажат и да докажат дека навистина дека сме за мултиетничка Македонија, а не сме за Македонија каде што ќе доминира еден или друг етникум. Ќе ја побиеме теоријата дека  се движиме и тоа брзо кон двоетничка држава, а не мултиетничка Македонија со повеќе етникуми.

Вториот принцип или критериум кој ме водеше да го поднесам овој амандман е раздвојување на градска и рурална средина што мислам дека Министерството при правењето на Предлогот за територијална организација требаше строго да води сметка. Никогаш руралната и градската  средина немаат заеднички интереси. Руралната средина има поинакви потреби за задоволување и поинакви интереси и поинакви правци и параметри за развој. Градската има сосема поинакви. Затоа секогаш спојувањето на градската и руралната средина не е добра, бидејќи градската средина на некој начин ќе биде уназадувана а руралната средина не ќе може да ги добие и да ги задоволи своите потреби. Градот никогаш нема да има доволен интерес за селото. Тоа е докажано низ историјата многу пати, и мислам дека околу тоа не треба да дебатираме и во принцип, секаде се прават организации каде што се грипираат рурални и тоа во два типа поразвиени рурални средини и понеразвиени рурални средини и градски средини. За да не ги мешаме градските и руралните средини да им дадеме можност секој да се развива во правец кој му е најсоодветен, и најсоодветно да ги приближиме луѓето до локалната власт, да ги видат благодетите од децентрализацијата која следи потребно беше целиот предлог да биде изработен токму врз основа на овој критериум. Одвојување од градската

од руралната средина.И, како трето што беше можеби пресудно за да се одлучам на овој амандман е што сите рурални средини во тетовско, ги задоволуваат сите свои критериуми да опстојуваат како општини. Значи немаат ниаква потреба да се врзуваат за градот Тетово  затоа што градот тетово не може многу да им понуди на руралните средини тие се и економски и инфраструктурно и во сите погледи доволно добро развиени викам доволно затоа што секогаш можат да бидат поразвиени, за да може да опстојуваат како општини за да можат своите потреби да ги задоволуваат најблиску во својата општина. А, не да мораат да бидат врзани за градот кој пак од друга страна нема апсолутно никакви допирни точки со руралните средини затоа што градот во своите развојни компоненти има потреба од некои други елементи. Јас мислам дека сите добро знаеме колку и како е развиен градот Тетово колку број на жители има, јас не би зборувала за тоа.

Сигурно градот Тетово како општина ќе има повеќе можности да се развива ако остане како градско јадро и да ги задоволува потребите на своите граѓани како градска структура.

Токму од ваквите причини, јас го поднесов овој амандман и мислам дека предлагачот требаше на овие три критериуми за кои јас говорев доволно да обрне внимание за да територијалната организација што ја предложи да биде во функција на жителите кои ќе живеат во тие општини.

Уште еднаш апелирам до парламентарното мнозинство да размисли дали е подобро да ги мешаме градските и руралните средини или е подобро да и да и дадеме шанса и на руралната средина да се развива според потребите на нејзините жители, а градската според потребите на нејзините жители, или е потребно да правиме некакви мешавини каде што во секој случај и едните и другите ќе трпат. И, дали градот Тетово не е  ретка прилика да докажеме и покажеме дека навистина сме за мултиетничка Македонија, заради тоа што тој е неверојатно избалансиран од сите етникуми.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има министерот за локална самоуправа, повелете г-дине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска во ред се вашите размислувања за меѓуетничка толеранција, за организирањето на Тетово и предлагате едно многу едноставно решение, селата кои што гравитираат, кои што се поврзани по сите критериуми да ги извлечеме од Тетово, само не кажувате ништо каде тие села ќе одат и како ќе се избалансираат другите меѓуетнички односи во организирањето на Тетово.

Знаете, треба да се нудат комплексни решенија и решенија од кои ќе се оди чекор или два понапред. Вие го организирате Тетово, а селата со три - четири илјади жители чисто етнички албански, Голема речица, па Селце со три илјади, Пали со 600, Вејце со 1200, знаете, не изгледа така едноставно како што вие замислувате. Треба да се гледа организирањето на целокупниот дел. Вие не кажувате, не ги гледате другите општини во Тетово, како што е Брвеница со 36%избалансирана, како што е Теарце, како што е Јегуновце со Вратница, за кои зборувавме. Незнам како ќе функционираат во вашиот концепт. Тетово е избалансирано во некој процент, 50, 35, 45 кој го спомнува Бонева, а другиот дел пред Тетово мора да го организираме и како ќе функционираме. Како ќе ги организираме и како ќе живеат тие луѓе кога врз основа на вашите размислувања мора да постојат критериумите према гравитирањето на луѓето и не е спорно во територијалната организација спрема градот да се приклучат во некои кои доаѓаат и живеат, во дел на приградски.

Вие знаете како е организирано Тетово, сигурно колегите патеници ќе ви објаснат кои живеат таму. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине министре,

Вие очигледно воопшто не ја следите амандманската расправа, затоа што пред два дена одеа другиот дел од амандманите каде што јас предлагав како треба да бидат организирани руралните средини во Тетово. А, ова е 4-от амандман, а тие три претходни

вие без многу размислување и без образлагање ги одбивте, а сега 4-от амандман што се однесуваат на Тетово и тетовско, во претходните три точно и прецизно беше дадено како ќе се организираат руралните средини. Таму покрај постоечките општини од рурален тип јас предложив основање уште на некоку општини каде што многу добро е избалансирано, беа предложени нови општини. Вие без да размислувате ги одбивте тие амандмани и сега ме напаѓате дека јас не сум размислувала за руралните средини. А, погледнете ги претходните амандмани, ќе видите дека не е така.Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Адеми имате реплика, повелете три минути.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам г-дине претседател,

Од претходниот говорник слушнавме за три нејзини критериуми од кои е раководена, за да го поднесе овој амандман за територијалната организација во Тетово. Јас да ви ја кажам вистината, не сум изненаден, од ова, но сум изненаден од ставовите на опозицијата кои има спротивни ставови од амандман во амандман и во зависност за која општина станува збор тие имаат и принципи и спротивни ставови.

Таа во својата дискусија вели дека не треба да се претводиме од етничките принципи туку токму тој амандман што таа го предлага се раководи од овој принцип. Значи, од етничките принципи за да се наруши етничкиот баланс. И, предлага сите општини и сите албански села во организацијата како што ја замислува да се одвојат од Тетово.

Околу етничкиот состав мислам дека не треба да се грижите многу, албанците се тука и нема каде да ги однесеме. Јас мислев дека вие почитувана госпоѓо, ќе го повлечете овој апсурден амандман но не се случи тоа. Околу децентрализацијата, кога вие говорите за децентрализацијата треба да го имате во предвид законот за локална власт и новите надлежности кои наредните општини треба да ги стекнат. Во руралните општини и во општина Тетово, во околината на Тетово но и во цела Македонија мислам дека во руралните општини граѓаните ниту ќе го почувствуваат процесот на децентрализација, бидејќи претседателот на таа општина може да именува началник на

полицијата, нема да може да именува директори на средни училишта, бидејќи нема такви училишта, не може да именува директори на социјални центри бидејќи нив ги нема.

Оправдано е здружувањето на руралните центри со урбаните бидејќи овој процес на децентрализација во тие општини може и да се почувствува.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Лалчевска имате збор, една минута.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Ценет колега, овој предлог очигледно доведе до нараснати етнички тензии, а јас овој амандман го предложив токму за да опаднат етничките тензии и ако вие го прифатевте бидејќи таму нема нарушување на бројот на процентот на албанци, македонци и други, таму вие сепак ќе бевте доминантен етникум значи не се работи за тоа дека ќе доминира некоја друга етничка групација, повторно остануваат доминантни албанците. Затоа јас си го предложив. А, вие со прифаќањето ќе покажевте и ќе докажевте дека за мултиетничка Македонија, ако го врзете селото за градот вие не му давате ништо. Градот има свои други потреби, селото други потреби. Децентрализацијата ќе ја почувствуваат ако им дадете општина која што е поблиску до народот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Лалчевска. Процедурално г-дин Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе,

Г-динот кој претходно зборуваше вие требаше да го опомените кога употреби израз албански села во Македонија. Такви села во Македонија непостојат. Во Македонија има македонски села, населени со македонски граѓани, од албанска национална припадност. Мора да се реагира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, можеби вас тоа ве погоди, тоа е природен израз без задна намера. Ве молам, немојте до тоа ниво да ги интерпретираме нештата. Нешто што е природно, да се каже.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандмаот и ги молам пратениците да влезат во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам службите да го урврдат бројот на присутнте пратеници во салата.

Во салата се присутни 56 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молат службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, еден пратеник гласал за амандманот, нема воздржани, 59 пратеници гласале против.

Како што реков, во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 66-а, по точката 66 и на точката 17, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, нема за, нема воздржани, 56 пратеници гласале против, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете г-дине Аднан Ќахил процедурално.

АДНАН ЌАХИЛ:

Кога рековте да гласаме, јас го притиснав копчето, но не видов дека е извадена картичката. Вие не ми дадовте збор. Ве молам, гледате точно на хронометар штоперица и човек може да погреши. Очигледно дека грешките на другите ви се ирелевантни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Ќахил, јас гледам овде на екранот. Вие можеби сте го притиснале копчето, можеби не сте притиснале, не ви гледам рацете , на екранот се гледа дека никој не беше пријавен за збор.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 66-а, по точката 66 и на точката 53 поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го омлам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

И овој амандман како и претходниот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

На време се пријавив со цел да не задоцнам и ви благодарам за зборот што ми го дадовте за да се изјаснам во однос на овој амандман.

Овој амандман се однесува на опстојување на општина Тополчани во границите што ги има во овој момент. Во него се наведени сите оние населени места кои до сега припаѓаа на општина Тополчани да се издвојат од предложеното решение на Владата,

односон од општина Прилеп и да се формира посебна општина која ќе значи зачувување на досегашната општина Тополчани. Таа како општина функционира од 1996 година, нејзиното постоење го има оправдано, дека се специфични и различни интересите на населените места кои влегуваат во општина Тополчани од интересите на жителите во урбаната средина Прилеп тоа е многу лесно воочливо и фактот што општина Тополчани како едн аопштина што функционира со мешаон население, односно со население што припаѓа и на турската етничка заедница јасно зборува дека Владата не водела сметка за помалите етнички заедници, туку се водело сметка само за остварување за интересите на албанците, односно за реализација на барањата кои ги имале нивните политички претставници на сметка на реалната суштинска децентрализација, која ќе значи вистинско остварување и доближување на граѓаните до можноста да решаваат преку непосредни преставници за локалните работи.

Инаку, овој амандман е предложен и од страна на жителите на општина Тополчани, затоа што преку референдумот кои тие го реализираа јасно го искажаа својот став за опстанок на нивната општина, јасно го искажаа својот став дека врските кои се направени на општина Тополчани со градови од Република Турција треба да продолжат, да се продлабочат, меѓутоа, тоа нема да биде можно доколку општина Тополчани не опстои како посебен субјект како посебна општина. Од друга страна, потребите за разни иницијативи односно апликации за добивање средства до различни фондации кои имаат издвоено средства за вакви намени, како што се изградба на водоводи, изградба на патишта, како што е довршувањето да речеме на водоводот во село Ерековци, изградбата на патишта за селата кои припаѓаат во оваа општина и досегашните иницијативи и активности кои ги имаат реализирано органите на локалната самоуправа, односно градоначалникот на  општина Тополчани, Советот на оваа општина, како и локалната администрација, укажуваат на фактот дека преку опстојувањето на оваа општина ќе може многу подобро, посериозно, поквалитетно и позначајно да се покаже иницијатнивност за реализација на сите оние проблеми кои долг временски период station наназад не биле решавани, зартоа  што ако зборуваме за реализација  на изградба на водовод во населено место, кое е основен предуслов за обезбедување на нормален

живот на жителите на тоа населено место, а тоа не било реализирано повеќе од 50 или 60 години station наназад, тоа значи дека онаа концепција која била присутна пред создавањето на општина Тополчани како таква не значела ништо друго туку укажување или утврдување на фактот дека различни се интересите на населените места кои припаѓаат претежно на земјоделска општина, земјоделско сточарска општина од оние кои припаѓаат на урбаните центри, чии потреби се сосема различни од нивните и се однесуваат на сосема различни цели.

Затоа, локалното население имајќи ги предвид овие факти и преку локалните власти и на непосреден начин преку референдум се обидоа да и укажат на Владата дека тие сакаат да опстои нивната општина, дека изградбата да речеме на културниот дом, на општинската зграда, изградбата на голем број на инфраструктурни објекти во ова подрачје немало да биде можна до колку некој на локално ниво кој живее таму не се грижел за реализавција на тие проекти. Затоа, иницијативите кои произлегоа преку референдумот и активностите на локалната самоуправа и фактот дека овој амандман е поднесен врз основа на тие иницијативи, ние како претставници на тие граѓани кои гласале за нас 2002 година, сакаме да ги искажеме сите овие аргументи кои се однесуваат на нивниоте укажувања и истовремено да се обидеме да ја убедиме Владата да ги прифати овие амандмани. Меѓутоа, амандманот за општина Тополчани факт е дека на два пати до сега не беше прифатен, беше одбиен и не беше прифатен ниту принципот на спојување на општина Тополчани со Кривогаштани, за разлика од принципот кој што го прифати Владата за спојување на општина Житоше кон Донени, кој е заснован на сосема спротивни аргументи од оние што ги кажував во однос на општината Тополчани. Она што единствено им останува на жителите на оваа општина е да појдат во Подрачната единица на Министерството за правда и на еден обврзувачки начин со давањето на својот потпис да се обидат да ја задржат општината Тополчани во сегашните граници и на тој начин да ја реализираат својата волја која беше искажана преку референдумското искажување на жителите на оваа општина. Фактот што општина Тополчани постоела долго време во еден период наназад, фактот што сите оние работи кои беа кажани во однос на претходните амандмани, кои не сакам да ги повторувам, сите држат место за

опстојување на оваа општина, фактот што сите политички субјекти кои се преставени во општина Тополчани се залагаат за зачувување на оваа општина не кажува ништо друго туку дека Владата е отуѓена  и од сопствената партиска основа, од основните организации на нивните партии, меѓутоа, и од граѓаните кои во добар дел го дадоа својот глас во 2002 година, меѓутоа, тој глас не го дадоа за да бидат укинати нивните општини, тој глас не го дадоа за СДСМ да ги исполнува желбите на ДУИ за создвање на некаква федерална Македонија или незнам какви други опции кои можат да излезат на виделина во идниот период.

Од овие причини, сметам дека оправданоста за постоење на општина Тополчани е евидентна и се надевам дека со помал број на гласови против ќе биде одбиен овој амандман, затоа што да се надева некој во вакви околности дека ќе биде прифатен овој амандман е еднакво на работи кои не треба да се кажат преку оваа говорница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 9 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани, 59 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање нова точка 69-а, по точката 69 и на ч!лен 12 точка 66, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г-ѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

И овој и следниот амандман ги повлекувам заради тоа што после толку расправа веќе е јасно дека територијалната организација за регионот на општина Тетово што сакав да го понудам не е прифатен од страна на парламентарното мнозинство и мислам дека нема потреба уште еднаш да се навраќам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот што сега го разгледувавме е на членот 12 за додавање нова точка 69-а, по точката 69 и на член 12 очка 66, поднесен од пратеникот Силвана Бонева. Тој амандман е повлечен, како и амандманот на член 12 за додавање нова точка 69-а, по точката 69 и на член 12 точка 66, поднесен од пратеникот Силвана Бонева, се повлечени од самиот поднесувач.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 71, поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Гомолам претставникот на Владата да се произнесе.

Има лзбор г-динот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г-ѓо Лалчевска, имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Со овој амандман предлагам во членот 12 точка 71 да се бришат зборовите “село Долно Лисиче”, затоа што претходно имав еден амандман каде Што селото Долно Лисиче го припојувам кон Драчево и барав со тој амандман да се основа нова општина Драчево.

Врската на селото Лисиче со општината Аеродром навистина е многу неприродна, бидејќи Долно Лисиче според сите природни, демографски и други критериуми припаѓа во

Драчево, односно во таа општина што за жал министерот не ја прифати, во општината Драчево. Поради тоа што не беше прифатен претходниот амандман за основање на нова општина Драчево, јас навистина не можам понатаму да дебатирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и ги молам пратениците да влезат.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, од кои 2 за амандманот, нема воздржани и 56 против амандманот.

Молам, службите да го утврдат точниот број на пристуни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Во моментот на гласање во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 под в) за бришење на точка 72 и за менвуање на точка 79 поднесен од пратениците Коце Трајановски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, молам дали некој бара збор?

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Овој амандман е на членот 12 под точка в), по точката 72 каде што пишува општина Бутел со селата Љубанци, Љуботен и Радишани се брише, а во точката 79 каде што е општина Чаир се менува и гласи: општина Чаир со селата Визбегово, Љубанци, Љуботен и Радишани.

Што сакаме со овој амандман.

Ние предлагачите со овој амандман сакаме и предлагаме општината Чаир да остане во постојните граници бидјеки сметаме дека тоа е волјата на граѓаните на општина Чаир која многу јасно беше искажано на референдумот кој што се одржа во општина Чаир.  Тој референдум го организираше општината во која што учествуваа повеќе политички партии. Успешноста на  референдумот беше презентирано во јавноста. Значи, се работи за правата на жителите на постојната општина Чаир декларирани преку Европската повелба за локална самоуправа каде што во членот 5, кој што ние многу често го искажуваме многу јасно и недвосмислено пишува дека општинските граници не смеат или применвуање мора, ќе потенцирам, мора или обавезно мора да се консултира локалната самоуправа како експонент на мислењето на граѓаните.

Мислам дека со овој потег што го прави Владата ги узурпира или ги игнорира токму мислењата на локалната самоуправа или на граѓаните на општина Чаир и ја прекршува точката 5 од Европската повелба за локална самоуправа.

Досегашната општина Чаир практично со новиот Предлог се дели на две општини општина Чаир и општина Бутел. Ние предлагаме општина Бутел во Предлогот да биде избришана т.е. селата Љубанци, Љуботен и Радишани, бидјеки на овој начин на кој што е формирана општината Бутел јасно и недвосмислено покажува дека општината утел многу потешко ќе опстојува. Граѓаните кои што се на општина Чаир, а сега ќе потпаднат на општина Бутел ќе им бидат ускратени, или ќе им биде оневозможено сето она што го граделе во својата заедничка или постојна општина Чаир во која што живеат сега да не можат да ги уживаат плодовите, а особено што селото Визбеговокое е составен дел на општина Чаир и претставува индустриска зона веќе не е во општина Чаир, ниту во новоформираната општина Бутел.

Значи, со овој амандман се залагаме општина Чаир да опстане во постојните граници бидејки сметаме дека на овој начин ќе се задржи и релативно добриот однос на етничките заедници кои што живеат во општина Чаир.

Доколку се прифати предлогот на Владата т.е. не се прифати амандманот кој ние го предлагаме и со кој што сакаме да корегираме сметаме дека ќе настанат и меѓуетнички

тензии така да сметаме дека ќе анстане и едно побрзо иселување на македонците од општина Чаир.

Значи,со предложената поделба значителен дел односно најурбанизираниот дел ќе припадне во општина Чаир додека во општина Бутел ќе остане само еден мал дел на урбана средина, иако во првиот говор бев демантиран за населбата Радишани, јас се согласувам, меѓутоа тука се селата Радишани, Љубанци, Бутел, кои се даелку од тоа да бидат урбанизирани како што е урбаниот дле на општина Чаир.

Делот што се предвидува да припадне кон новата општина Чаир, значи таа не е на дневен ред, туку тука е спомната само заради селата кои што би требао да припаднат доколку остане општина Чаир во постојните граници, дел од постојната општина Чаир, тој што припаѓа во новата општина Чаир, каде постои солидна инфраструктура, се простира највредниот имот на општината, сопственост на општината, државни институции, институции од областа на образованието, за згрижување на деца, од областа на здравството, таму е најстарата Гимназија “Цветан Димов”, основни училишта, матични градинки, стадион, спортска сала, базент, поликлиника, новата општинска зграда на која што раководството на постојната локална самоуправа вложи големи напори за да општината има една пристојна зграда во која што ќе може навистина да личи на една општинска зграда. Практично оној дел каде што е сега општината ќе потпадне под општина Бутел и пак ќе биде проблем со тоа. Значи, никогаш човек не знае, барем кај нас, доколку инвестира дека после неколку години ќе се донесе некој закон според кој тоа што го инвестира ќе припадне во некој друг дел. Исто така и Топланата Чаир, покриениот базен, трговскиот центар “Рајко Жинзифов”, трговскиот центар “Васил Главинов”, имотите на месните заедници во постојната општина Чаир. Значи, со ова се создава едно нетрпение кај граѓаните од кои се предвидува да живеат во новата општина Бутел, доколку не се прифати амандманот навистина ќе имаме деветата или десетта општина во Градот Скопје.

Сметам дека треба да се усвои овој амандман и да не се делат граѓаните од општина Чаир на две општини, општина Бутел и постојна општина Чаир бидјеки, и делот од овие населени места што ги набројав Љубанци, Љуботен, Радишани, во дел од нив

недостасува водоснабдување, нормално снабдување со електрична енергија, фекална канализација, дел од улици, патишта и друго. Не останува некоја позначајна државна институција освен 7 основни училишта. Сето тоа зборува дека оваа општина практично ќе бид етешко да опстанвуа од економски аспект, затоа штонема ни стоански објекти, а како што кажав и областа на селото Визбегово, кој што раководството на општина Чаир упорно го градеше и го создаваше како индустриска зона, во која што има огромен број на стопански објекти кои што практично значат и една голема економска моќ и способност општината да опстане и да се развива. Сметам дека ова сега ќе им биде ускратено особено што со новиот Предлог, јас не можев да видам точно, меѓутоа колегите ме исправија, наводно некаде пишувало дека Визбегово ќе потпадне под општина Карпош и мислам дека е така по сите најави. Сметам дека тоа е голема неправда према општина Чаир. Значи би требало општина Чаир да остане во постојните граници, а со тоа во неговите рамки да остане и селото Визбегово во кое има можеби околу стотина стопански објекти од средното и малото стопанство.

Референдумот кој што го распиша општина Чаир се одржа на 13.06.2004 година. Граѓаните се изјаснија по прашањето дали сте за задржување на општина Чаир во сегашните граници. На референдумот излегоа околу 29 илјади избирачи запишани во единствениот избирачки список, или 52, 53% т.е. повеќе од 50% од вкупно запишаните избирачи што доволно зборува дека референдумот е легитимен. Впрочем ние и претседател на држава избравме така тесно, со над 50% излезени избирачи, а попрашањето се изјасниле 28.590 избирачи, што претставува 98,40% од излезените гласачи. Значи, тоа е волјата на граѓаните на општина Чаир, не реков на сите сто посто, затоа што најверователно ќе бидам демантиран, туку над пвоеќе од 50% од граѓаните кои што припаѓаат на општина Чаир, а да не зборувам за населените места Визбегово, Љубанци, Љуботен и Радишани.

Што се однесува до меѓуетничкиот соживот таму живеат граѓани од различни националности кои досега немале некое недоразбирање и несогласвуање. Општина Чаир секогаш ја карактеризира мултиетничкиот соживот на граѓаните и затоа сметаме дека Чаир и понатаму треба да остане во старите граници и со постојната структура на

населението. Значи, со овој начин како што сега се прави сметаме дека единствен критериум е политичкиот критериум кој што за жал за Скопје, за Кичево и Струга е доминантен, инаку никао не можеме да објасниме како се создава новата општина Бутел. Највероватно таа е производ на меѓупартиските или политичките пазарења се со цел  во Скопје да се основа општина која  ќе преставува некоја слика на старата општина Кале, далеку од тоа да бид екале, меѓутоа да  биде старата општина Кале со тоа што делови од новоформираната општина Чаир зафаќаат и од општина Центар и од постојната општина Чаир. Сметам дека тоа е  една од причините поради која што граѓаните на Градот Скопје и пошироко во РМ се вознемирени од ваквиот начин на предлагање на законот.

Сметам дека претходно би требало да бидат консултирани  граѓаните за да би можел овој предлог да биде издржан за да би можело да се слушне нивниот глас, за да би можела да се почитува Европската повелба за локална самоуправа.

Затоа сметам дека ќе направиме голема неправда спрема граѓаните на новоформираната општина Бутел доколку ги издвоимеод нивната сегашна  и матична општина. Последиците сметам дека ќе бидат подалекусежни и затоа апелираме да се прифати овој амандман, бидјеки сеуште има можност и општина Чаир да остане во постојните рамки во кои што сега се наоѓа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам ,кој бара збор.

Има збор Ристо Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Почитуван  Коце Трајановски, во вашето образложение и одбрана на амандманот доминираше прашањето на референдумот и ако не го повторувавте тоа во повеќе наврати јас бев склон да поверувам дека се е во ред,  меѓутоа прашање е дали референдумот е таков каков што го претставивте вие и таков како што го објави Комиисјата за спроведување на референдумот.

Има индиции дека излезеноста не беше толку колку што ја кажавте 52,52%, туку дека беше далеку , далеку помала, а тие индиции се поткрепени и со фактот што Советот

на општината  иако помина доста долго време сеуште го нема усвоено извештајто  за спроведениот референдум.

Покрај тоа има и укажувања и докази дека излезеноста на граѓаните при спроведувањето на референдумот е можеби помалку и од 15%. Ако сакаме сами да ги прогласуваме резултатие и тие што го организираат референдумот однапред со сценарио да  вадат аргументи тоа е друго прашање.

Исто така во вашата дискусија од една страна спомнавте дека како мултиетничка општина во Чаир, постои хармонизиран соживот, а од друга страна го спомнавте и пробелмто на иселување.

Што се однесува  до соживотот можеби не е на највисоко ниво, меѓутоа постои, а што се однесува до проблемот на иселувањето не е добро да се свати и прифати дека тој проблем само сега е присутен, во овој момент, туку се работи за еден проблем кој што трае подолго време. Во тој дел, во сегашните граници на општина Чаир имало и мигрирање и емигрирање и од македонци и од други припадници на заедниците. Но една од причините за иселувањето е токму и нефункционирањето и неквалитетното функционирање и неизвршување на функциите на локалната самоуправа.

Имено граѓаните сакаат да живеат подобро, сакаат да живеат во подобро уредени средини. За жал, во нашите средини, во Чаир заради неисполнување на обврските на органите на локалната самоуправа, можат да се најдат и неурбани средини, можат да се најдат и неуредни улици, можат да се најдат и запуштени зелени површини итн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски сакате контра реплика ? Повелете една  минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам Претседателе,

Јас  првпат слушам, се оспорува референдумот а сега еве и тоа од мојот ценет колега Бислимовски имаше можност тоа да го каже и преку медиумите, доколку смета дека е така, барем да знаат сите граѓани, особено на општината Чаир. Меѓутоа би го поставил  обратното прашање. Зошто вие како власт, значи оние кои го предлагаат овој

закон и кои имаат обврска согласно на Европската поделба за Локална самоуправа во членот 5, да ги консултираат локалните самоуправи а вака на овој начин, еве се оспорува, можеби  да е така, јас не можам да кажам, туку зборувам на тоа што ни е доставено како информација од единиците за локална самоуправа. Инаку, се сложувам во врска со иселувањето дека имало, меѓутоа, со ваква територијална поделба не се согласувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 8 пратеници гласале за амандманот, 58 пратеници гласале против амандманот, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот по член 12 за додавање нова точка 74 а
по точката 74, поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе .

Има збор министерот Гештаковски.

Повелете господине Министре .

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ

И овој амандман е сличен како и претходниот амандман за кој расправавме и од тие причини овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА

Благодарам господине претседателе,

Со овој амандман предлагам општина Драчево со селото Долно Лисиче. Ние веќе дебатиравме околу мојот предлог амандман на нова општина Драчево. Не најдовме разбирање ниту со министерот ниту со парламентарното мнозинство, иако драчевци не се откажуваат од својот сон да имаат своја општина. Тоа јасно го искажаа со потписите што ги имаат собрано за општина Драчево. Нивната општина ги исполнува сите критериуми. Тоа беше потврдено во расправата. Апсалутно сите критериуми, општината Драчево заедно со селото Лисиче се основа како посебна општина во рамките на градот Скопје. За тоа е многу дебатирано и кажано дека сите критериуми по однос на број на жителство, по однос на инфраструктура, економска моќ, по однос на објекти кои ги има на територијата на општина Драчево, по однос на стопански субјекти, кои ќе има прилив во касата на идната општина Драчево се исполнети. За жал, ниту министерот, ниту парлааментарното мнозинство не дадоа виза за основање на општина Драчево. Мене ми е жал што и општини кои ги исполнуваат сите критериуми, ако веќе наоѓа разбирање за некои општини за кои се тврди дека има мал број на жители, мал економски капацитет итн,. значи се ставени под знак прашалник, оваа општина апсолутно не е ставена под знак прашалник затоа што сите критериуми ги исполнува за да биде самостојна општина во рамките на градот Скопје.

Пред малку од Министерството за локална самоуправа ни се поделени некакви папки во кои стои Децентрализација да одлучуваме сами за себе. Јас мислам дека ова е само пуста желба на граѓаните, затоа што грашаните посакаа да одлучат сами за себе, да одлучат за своите општини. Во случајот и жителите на општина Драчево сакаат да одлучуваат за своите општински граници и за основање на таа општина Драчево, меѓутоа, наидоа на зид пред Министерството, наидоа на неразбирање од Министерот, иако според сите критериуми оваа општина може да опстојува и да се основа. Министерот згази на волјата на Драчевци и згази на Европската повелба на локална самоуправа и на нејзиниот идентитет дека граѓаните се тие што ќе одлучуваат за општинските граници.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Министре за локална самоуправа, повелете имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ

Госпоѓо Лалчевска, зборувате за Драчево како да зборувате за Косел или за Мешеишта. Зборувате за Драчево како општина во градот Скопје, организирање на главниот град во 10 општини или 11 општини, тогаш зборувајте за критериумите и читајте ги параметрите на 10 предложени општини, Ако знаете што претставува Драчево во организирањето и функционирањето на градска општина, во дел и на Кисела Вода и во дел на другите општини, големината на другите општини, тогаш ќе зборувате поинаку и нема да употребувате такви изрази во делот на министерството - министерот. Ако зборувате за критериумите за територијално организирање на општини во Република Македонија, да,  Драчево ги исполнува 12.000 жители и има финансиска моќ. Но ако зборувате за организирање во ;посебната единица, тоа е Градот Скопје, тогаш мислам корегирајте се и самите преиспитајте се и немојте да употребувате такви зборови. 10 општини е Скопје, а незнам колку има населби ако почнеме така, да, Драчево беше предвидена во организирањето на градот Скопје во реони и квартови, во кои имавме варијанта  на 14, 16 и врз основа на расправата во овој парламент, врз основа на укажувањата преминавме на организирање на општини во градот Скопје со сите надлежности, кои ги имаат и другите општини. Да, и плус градот Скопје кој ги врши работите од заеднички интерес на сите граѓани кои се неделиви од градот Скопје. Преминавме на принцип во кој Вие ни укажувавте и му дадовме шанса, врз основа на јасни чесни определби на надлежностите меѓу градот и општините во финансиските средства, во начинот на координирање итн. Во тие услови во таа организација на градот Скопје, сигурно критериумите укажуваат дека Драчево не би можело да биде посебна општина. Ако така гледате Ви благодарам, иако останувате на Вашиот став.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Имате една минута Госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА

Би било многу интересно господите министре да дадете паралелно објаснување на критериумите, на пример за идната општина Драчево што јас ја предлагам зошто може или неможе да биде општина во градот Скопје  и да речеме Сарај, кои се тие посебни критериуми што ги исполнува Сарај за да биде општина на град Скопје, а Драчево не ги исполнува, кога економски капацитетите на Драчево се поголеми и исто припаѓа и е во непосредна близина на градот Скопје. Кои се тие посебни критериуми што ги исполнува Сарај да биде приклучена на градот Скопје како општина во градот Скопје., навистина би било интересно за јавноста тоа да го појасните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Благодарам,

Повелете министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ

Сингелиќ, Радишани, Маџари се слични а гравитираат во другите општини. Тоа е одговорот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Збор има господинот Слободан Даневски, а потоа нека се подготви Силвана Бонева.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господин министер.

Се приклучувам кон амандманот, она што значи исполнување на сите услови и критериуми општината Драчево да биде посебна општина. Дали ќе биде во склопот на Скопје, јас сум за ова и да не зборувам паушално, би ги наброил некои елементарни критериуми, за да види дали ова што е направено е како една елаборација или принципи и критериуми за дефинирање на територијалното организирање на општина Драчево, кое е изготвено од едно координативно тело, кое се состои од повеќе граѓани кои живеат во општина Драчево. Еве јас ќе ги прочитам за да не испадне дека станува збор за некои фантомски измислени имиња. Тоа се: Ангеле Трајковски, Панче Кечовски, Гоце Станковски, Јованче Божиновски, Часлав Митричевски, Ѓорги Чакоров, Светозар

Павловски, Ивица Гиевски, Павле Арсовски, Киро Филиповски, Фидан Китановски, Имер Демировски, Весна Ристевска, Владо Стојковски, Трајко Најдовски, Цветан Филиповски, Ване Татаминов, Цветко Коневски, Борис Петров, Славица Ацевска, Борис Пандилов, Сокол Соколовски, Радован Митричевски, Кире Цветановски, Миле Стојановски. Овие господа се потрудиле да направат едно фино убаво матријалче со кое на еден сликовит начин прикажуваат зошто и како треба да опстане општината Драчево, затоа што си ги исполнува сите критериуми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Малку згрешивте, не да опстане, туку да стане општина.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ

Да се основа. Добро, грешка, секогаш вие слушате, како и што броите. Обично се 59, кај вас испаѓаат 61. Вашата бројка е дефинитивна и кој може да ви преправи на Вас. Ги ставате во многу лоша позиција и жениве што бројат и тие се срамат. Ги гледаме се фаќаат за коса, што да правиме ќе не набрка претседателот, ама тоа е тоа, тоа е работата на власта, што да правиме.

Значи, број на жители 30.000, површина 19,3 км.$^2$, број на населени места три месни заедници, населба Драчево, село Драчево и село Долно Лисиче. Алтернатива плус од месни заедници Батинци, Љубош, како посебна целина се дефинирани населбите по железничка станица Мерис, Илија Ристевски и Чатал. Местоположба, Југоисточниот дел на Скопје, главни стопански гранки, трговија, мало стопанство, разновидно, машинска индустрија, леарница, дрвна и текстилна преработувачка, индустрија, земјоделство, асфалтна база и други. Буџетот е 45 милиони денари. Мислам дека она што требаше, главно, да ја насочиме целата наша расправа во делот на она што значи децентрализација, тоа беше колкави средства ќе се издвојуваат. Ние, тука ја изместивме работата, зборувам од политичка гледна точка, ги кроиме, ги прекројуваме, ги спојуваме вештачки, не ја почитуваме волјата на граѓаните, она што е задолжително со Европската Повелба за локалната самоуправа, членот 5, да се изразуваат непосредно граѓаните, нивните желби. Ние ова право го скративме, затоа што во моментот знаеме какво е расположението и како стојат силите во Парламентот. Исто така, знаеме дека било која

иницијатива или било кое нешто што ќе дојде од било кој пратеник, без разлика дали е од опозиција, она што е начелен договор или двете политички партии кои што се имаат договорено, дека нема да помине. Сведоци сме дека во изминативе денови ниеден амандман не е прифатен ни во она што не е усогласено. Или се прави малку шминка за една или за две општини што е однапред договорено или се тактизира.

Ова го зборувам од причини затоа што сите услови и сите критериуми, генерално гледано, може да се формира општина Драчево. И, сега, оваа желба на граѓаните незнам од кои причини би ја одбиле. Мислам дека образложението на министерот Скопје има и други општини, кои би можеле, почнувајќи од Маџари, Сингелиќ, Радишани, па може и Буковиќ, каде што еве ни доаѓаат од Косово интензивно се гради и тоа еден ден ќе биде Скопје. Буковиќ кој е на 30 километри од Скопје, таму се гради. Сега, профитно е да се даваат жителства и потоа да бидат државјанства, но така се напаѓа Република Македонија. Тоа е во континуитет, но што да правиме. Не само сега, а и во минатот се даваа дозволи за живеалишта и така го правиме Скопје еден голем конгломерат. Но, тоа ќе не удри еден ден од глава. Меѓутоа, сега од позиција на власт, не ги гледаме тие работи.

Не би должел повеќе, мислам дека расположението е такво што нема расположение да се изгласа овој амандман. Би ги разочарале граѓаните од село Драчево и сите оние кои гравитираат. Но, тоа е реалноста. Сигурно, тие нема да заборават, тие ќе помнат, доаѓаат локални избори, доаѓаат парламентарни избори и нема потоа да се лутат граѓаните што ни се случува, погрешивме. Е, сега, сте погрешиле, следниот пат не грешете. Некој ќе каже што ќе ни се случи тогаш. Ние одиме на разнебитување на Република Македонија и џабе ќе бидат тие избори, кој ќе ги добие, џабе ќе биде да кажуваме кој бил на власт, џабе во една разнебитена Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, вие сте на ред, а нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, господине министре,

Сакам само да се приклучам кон барањето на моите колеги општина Драчево да се основа со населбата Драчево, село Драчево и Долно Лисиче. Навистина, не можам и покрај кажувањата на министерот да се откажат од она јас како го разбирам процесот на децентрализација, од тоа што значи тој процес, посебно не фиктивно, туку конкретно како ќе го почувствуваат тој процес граѓаните. Овде сега се зборува за граѓаните од идната општина Драчево, која што е предложена да се основа.

Навистина, незнам како овие луѓе може да се откажат од бенефициите кои што го нуди процесот на децентрализација и незнам како ќе ги убедите дека подобро ќе и биде во општина Кисела Вода како до сега, бидејќи тие навистина не се задоволни од начинот на живот односно од решавање на нивните комунални проблеми и инфраструктурни и тн. Токму заради тоа, тие сметаат дека најдобро ќе и биде, доколку имаат сопствена општина, доколку имаат сопствен градоначалник и советници, кои што директно ќе се грижат за потребите на овие три населени места, односно населба Драчево, село Драчево и Долно Лисиче.

Овде чувме од господинот министер образложение дека демографскиот критериум не може да биде ист како и за другите населени места во државата, бидејќи се работи за населба од градот Скопје. Меѓутоа, ако 30 илјади жители во една идна општина односно не можат 30.000 жители да имаат своја општина, можат 5.000, па и 3.000 жители, а сепак оваа општина, не тргнуваме за опстојувањето на оваа општина само од демографскиот критериум, туку тие го исполнуваат и економскиот критериум. Тие имаат економски потенцијал, имаат повеќе од 9.000 вработени, повеќе од 50 индустриски капацитети. Значи, имаат основа да им преживее општината. Навистина, во исто време пак имаат инфраструктурни објекти, сосема е јасно дека имаат и основни и средни училишта, а имаат и објекти за нудење на здравствени услуги. Не гледам зошто една ваква општина, ако може општина Сарај, без толкав потенцијал од вработени и во исто време и индустриски капацитети, таа може да опстои како посебна општина, а додека општина Драчево не може да биде прифатена. Токму заради тоа мислам дека уште еднаш треба да се размисли, пред се', почитуванќи ја волјата на граѓаните. Тие јасно ја искажаа својата волја со потписите кои ги имаа доставено овде до извршната власт. Токму заради

тоа, повторно ќе апелирам општина Драчево односно амандманот за опстојување за основање на новата општина Драчево да биде прифатен од парламентарното мнозинство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, со оглед на тоа што зборував во првиот дел кога беше членот 10 за основање на нова општина Драчево во рамките на Скопје, значи како 11-та скопска општина, ќе се обидам на кратко и во некоја поскратена форма да кажам уште еднаш, бидејќи ова е последна можност, со која што сакаме да кажеме, да ги истакнеме нашите аргументи за формирање на нова општина во рамките на градот Скопје. Инаку во членот 12 после точката 74 се додава нова точка 74-а, која гласи општина Драчево со селото Долно Лисиче. Значи, сметаме дека оваа општина треба да се формира бидејќи ако претходно зборувавме ние за општина Бутел како новоформирана, како на предлог на Владата на Република Македонија со околу 34 до 35 илјади жители и без стопански субјекти, или капацитети на нејзина територија, тогаш се запрашуваме зошто населбата Драчево со селото Драчево и со селото Долно Лисиче на бидат предложени од страна на Владата како посебна општина, бидејќи тие имаат околу 30 илјади жители и имаат три населени места, значи сконцентриран на територија која е соголема густина на населеност и гледајќи според тоа како е општината Бутел и поради тоа што оваа општина Драчево, значи со нејзините 30 илјади жители би претставувала и во рамките на Република Македонија 15-та општина со број на жители меѓу 20 и 50 илјади, како што е тоа додадено во образложението на Предлогот на законот, бидејќи таму децидно стои има 14 општини кои имаат број на жители меѓу 20 и 50 илјади. Зошто ние како опозиција и како партија бараме да биде формирана новата општина Драчево? Ние пред се, и над се, гледајќи ги аргументите, тргнавме и од иницијативата, или координативното тело формирано од овие населени места, кои што имаа направено елаборат, собрано и доволен број на потписи, господинот Даневски дел од нив ги кажа, бидејќи беа оспорени во претходната дискусија која беше за членот 10 за формирањето на новата општина,

значи тие потписи постојат, изразена е волјата во добар дел, значи не целосно, волјата на жителите на овие населени места. Исто така негодуваат и поради тоа што постојната општина Кисела Вода, бидејќи сега се дели на општина Аеродром, општина Кисела Вода, значи на две општини, значи постојната општина не ја прифатила нивната иницијатива дадена до Советот на општината за распишување на референдум, со кој што недвосмислено ќе се види волјата на граѓаните на овие населени места.

Граѓаните на населба Драчево, село Драчево и Долно Лисиче, бараат да бидат посебна општина, поради тоа што не се задоволни од досегашното ангажирање на најголемата општина во Република Македонија, на општина Кисела Вода, околу решавањето на нивните основни проблеми. Инаку, општина Драчево функционирала се до 1965 година, со 26 населени места, значи има своја историја како општински центар и пред малку кога минатите денови дискутиравме за Зелениково кажавме дека таа пред 1965 година се припојува кон општинскиот центар Драчево.

Што е најзначајно оваа општина, новоформирана, доколку се прифати амандманот кој што е поднесен, има економска издржливост, значи општината би имала своја економска оправданост, бидејќи има индустриска зона, во која што има пет објекти од дрвопреработувачка индустрија, три од машинска индустрија, два од текстилна индустрија, три за преработка на хартија, индустрија за тули и керамиди, асфалтна база и други помали фирми, кои што не би можеле овде да ги спомнеме. Значи имаат и своја економска стопанска моќ, за да би можела оваа општина да опстои како посебна општина, нормално како скопска, 11-та скопска општина. Значи ако може да се предложи општина Сарај да биде во рамките на градот Скопје, тогаш и општина Драчево, сметам дека и по бројот на жители и слично и поурбанизирано би можела да се издвои како посебна општина, со тоа на овие 30 илјади жители приближно ќе им се овозможи да имаат поблиска права децентрализација практично, значи поблиску да бидат со локалната самоуправа и понепосредно да одлучуваат за своите потреби и надлежности, кои што ќе им бидат дадени согласно на законите за децентрализација и законот за градот Скопје, вклучително и тука со оглед на тоа дека ќе биде оваа градска општина. Значи би се состоела од три населени места. Населба Драчево со 14.750 жители, село

Драчево со 9.820 жители и село Долно Лисиче со 2.530 жители, значи еден доволен број на жители, значи многу далеку над бројот 5.000 кој што е долниот лимит. Инаку општина Драчево исто така е многу блиску до градот Скопје, има добра поврзаност со градот Скопје, исто така претставува посебна целина, одделена со Маркова Река, така да ги има сите според нас предуслови да биде 11-та општина во градот Скопје и сметаме дека на тој начин овие населени три места многу повеќе и многу подобро и поефикасно ќе го уредат својот начин на живеење.

Инаку, исто така во оваа новоформирана општина, доколку се прифати нашиот амандман кој што се предлага ги има инфраструктурните објекти, пошта, полициска станица, поликлиника, амбуланта, пазар, ценрален пазарен простор, има училишта, неколку средни училишта, има основни училишта, така да сметаме дека воопшто не е проблем од аспект на нивната инфраструктура и да речам со државни институции опремена општина.

Поради тоа сметаме дека  би било добро овие три населени места да потпаднат под новоформирана скопска општина Драчево, 11-та општина во рамките на градот Скопје. Затоа апелираме до парламентарното мнозинство и до претставникот на Владата на Република Македонија  да ги уважи нашите аргументи и нашиот амандман да биде прифатен. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овој амандман е на госпоѓа Ристана Лалчевска.

Повелете господине Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Се јавувам по втор пат господине претседателе, еве би ги почитувал и укажувањата од господинот министер. Ако зборуваме дека битни се бројките и ќе ги почитуваме бројките, со новиот предлог што го дава Владата и Министерството, општината Кисела Вода би броела 53.403 жители. Ако Драчево има  30 иљади жители зошто Драчево да не биде центар на општината. Седиштето нека биде во Драчево. Вие министре што велите за ова?

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Даневски може, не е никаков проблем. На сите овие општини седиштето им е во градот Скопје. Така пишува и во законот. Зградата каде ќе биде ќе се договорат граѓаните. Читајќи ги законите така пишува, и општина Центар седиштето и е во градот Скпоје. За сите општини не е тоа проблем. Тоа е право за избор на граѓаните каде им е најзгодно да ги остваруваат и со своите дисперзирани канцеларии. Ние можеме да зборуваме колку сакаме за децентрализација па да правиме општини од 2000 или 1000 жители, и Драчево да ја направиме. Ако не направиме општинските служби да ги приближиме до граѓаните истото и во Драчево и од сите општини ќе патуваат, ќе чекаат. Ние зборуваме и за месна самоуправа, која месна самоуправа ќе има и месни канцеларии, дисперзирани канцеларии и на општините и на градот Скопје. Инаку вашиот предлог не е проблем. Можете како пријател на Иницијативниот одбор да покренеме и да биде седиштето таму ако се согласуваат. Правно формални пречки нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Миаслам дека размислуваме сега на иста референца, само постои едно друго големо прашање. Вие не им дозволувате на граѓаните да се договорат господине министре. Во оваа прилика апсолутно никој не го слушаше гласот на граѓаните. Иако се залагаме, велиме да го чуеме гласот на народот, граѓаните кој ги прашува во оваа држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеника, 9 гласале за, нема воздржан, 61 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 точка 76, поднесен од пратеникот Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ

Овој амандман е на член 12 за онаа расправа која претходно ја водевме се однесува за истата работа и од тие причини не се прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Точно така, овој амандман ќе беше корекција, која ќе беше потребна да се изврши ако се прифатеа претходните амандмани, односно во членот 12 точка 76, да се избрише Драчево, за да основаме нова општина. Јас сепак не го повлекувам амандманот, им давам време да размисли  уште еднаш парламентарното мнозинство. Ако го прифатат овој амандман, тогаш ќе мора министерот да ги прифати и претходните да ги корегира.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 9 гласале за, нема воздржани, 62 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници, ние сме сега на 106 амандман по списокот. Почнуваме повторно со член 10 и повторно ќе ја имаме онаа нелогичност која што беше укажана од страна на опозицијата. Затоа ги повикувам координаторите во Охридската сала да се договориме како ќе одиме понатаму. За тоа давам пауза од полоцина час.

(Пауза од 15,35 часот).

(Пауза од  од 15,35 до 16,10)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, ве молам седнете на своите места, продолжуваме со седницата.

Во што е работата господине Петров, имате процедурално?

Повелете.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван господине претседателе, еве и  денеска имам една деловничка интервенција околу работењето на Собранието на Република Македонија.

Предлагам и денешната сесија да продолжи со работа по 17,00 часот, затоа во врска со овој предлог барам поддршка од 10 пратеници или барам овој мој предлог да биде ставен на усвојување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на господинот Каме Петров го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, 59 гласале за, еден воздржан, еден против.

Констатирам дека предлогот на господинот Каме Петров е прифатен.

Повелете господине Стојановски и вие имате процедурално

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, сакав пред гласањето да го кажам тоа, но не пречи и сега.

Се поставува прашање, навистина не можеме да го планираме времето, се продолжува работата на Собранието, тоа може да биде ноќеска до 1,00  часот, до 2,00 часот, до 3,00 часот, навистина има работи кои треба да ги знаеме за колку време се продолжува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски не ви е јасно дека претседателот одлучува до кога ќе трае седницата.

Повелете господине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, и јас би сакал да реагирам на ваквиот начин на работење во Парламентот на Република Македонија, бидејќи сметам дека треба, ако веќе се продолжува времето треба да знаеме и што е најважно да знаеме до колку ќе работиме.

Вчера се случи да биде блокирано Собранието, па да престанеме. Тоа не е во ред, затоа треба однапред да знаеме до колку ќе работиме за да можеме да го планираме времето оти имаме пратеници од Битола, Ресен, Охрид, што треба да патуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски сите сме професионалци.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, вие можете како претседател на Собранието тоа да го направите за да можеме да го планираме барем крајниот лимит на работењето, а како што тргнало со амандманите не е проблем, тие ќе ги поминеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е право решение - Синдикат.

Почитувани пратеници, во наредните амандмани од списокот на амандманите по редоследот по кој се води претрес се наоѓаат и амандмани кои меѓу себе суштински се поврзани и тоа:

Амандманите на член 10 под б) за додавање четири нови точки и тоа 38-а, 42-а, 53-а и 54-а, по точките 38, 42, 53 и 54.

На член 12 за додавање четири нови точки 9-а, 18-а, 39-а и 40-а по точките 9, 18, 39 и 40.

На член 12 за менување на точка 62 поднесени од пратениците Цветле Јаневска и Нелко Стојановски.

Точките 106, 120 и 138 од списокот.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 38-а по точката 38, за додавање нова точка 42-а по точката 42; за додавање нова точка 53-а по точката 53 и за додавање точка 54-а по точката 54, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Амандманот на член 10-б за додавање нова точка 38-а по точката 38, за додавање нова точка 42-а по точката 42, за додавање нова точка 53-а по точката 53 и за додавање нова точка 54-а по точката 54, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Паљошкоски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 10-а по точката 10, за додавање нова точка 18-а по точката 18, за додавање нова точка 39-а по точка 39, за додавање нова точка 40-а по точка 40 и на точка 62 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 10-а по точката 10, за додавање нова точка 18-а  по точката 18, за додавање нова точка 39-а по точка 39, за додавање нова точка 40-а по точка 40 и на точка 62 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Паљошкоски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска.

Точки  107, 108, 121 и 122 од списокот.

Предлагам по овие амандмани да се води единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на  гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеника, од кои 62 за, нема воздржани, 3 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Молам, кој бара процедурално.

Повелете господине Трајановски процедурално

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, сакаме да реагираме и да го искажеме своето несогласување од промената на начинот на работењето по амандманите по овој закон. Бидејќи од 156 амандмани сега ги групираме по прашања што третираат иста општина или слична значи членовите 10 и 12 најчесто.

Само ќе кажам дека едвај го добивме списокот на амандмани, а кога веќе го добивме бевме збунети од редоследот, имено ќе кажам дека на член 10 е од први до 45 амандман, член 12 од 46-ти до 105-ти, на член 10 повторно од 106 до 118, зборувам по точките од сценариото. Член 12 од 119 до 143, па член 16 на 144, па член 10 повторно од 145 до 149 и член 12 повторно од 150 до 156.

Ако веќе се правеше вакво спојување сметам дека требаше да се направи порано и затоа реагираме на вакviот начин и сакаме да го искажеме своето несогласување, но бидејќи веќе го изгласавте, ние тоа неможеме да го промениме, меѓутоа, бараме во иднина однапред да знаеме какво ќе биде тоталното сценарио на работење поготово кога ќе има повеќе од 20 до 30 амандмани, во зависност кој закон ќе се гледа.

Затоа сметам дека со ова гласање парламентарното мнозинство на некој начин го злоупотребува мнозинството кое го има во Собранието, ние веќе работевме вака, го имавме сценариото, навикнати сме вака и ги очекуваме амандманите во оној редослед како што го имаме сценариото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво да одговорам.

Господине Трајановски, прво деловнички ова што го предлагам е во ред, тоа е по член 74.

Второ, вие во овие неколку дена сами инсистиравте на нелогичноста на одредени амандмани. Членот 74 вели дека може да се води единствен претрес за прашања што се меѓусебно поврзани. До сега ја имавме таа нелогичност, бидејќи навистина прашањата беа меѓусебно поврзани, но никој од вас не реагираше. Ја уважив вашата, користејќи го овој член од Деловникот.

Повелете господине Стојановски, процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Како пратеник на ова Собрание сакам да знам за што треба да гласам, на кој начин да гласам, а тоа треба да го направам ако знам за што се работи.

Вие во две минути ги прочитавте сите амандмани кои ние објективно немаме никаква можност да следиме што предлагате. Кои амандмани предлагате да бидат споени и од кои логични причини, со каква логична поврзаност за која зборувате согласно Деловникот.

Барам од вас да ни доставите точно кои амандмани се предмет на гласање за да знаеме како да гласаме, инаку не знаеме навистина за што гласаме. Јас лично неможам да кажам дека имав објективна можност да ве следам во сето она што го прочитавте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски, јас имав координација со координаторите.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не се работи за координаторите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, ние, ако добро се сеќавате, седницата ја почнавме со испретурани амандмани за потоа кога увидовме дека нелогично се работи на тој начин се договоривме да се направи едно сценарио или редослед врз основа на кој и пратениците ќе имаат увид во тоа што се работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски кажете во мојот предлог што е згрешено во процедурата. Само тоа, бидејќи е процедурално, деловнички. Јас ви го кажав членот 74.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Во иднина господине претседателе ќе мора да вметнеме одредба во Деловникот да не оставате да се доискажеме. Како да кажам кога не ме оставате да се докажам.

Предлагам, бидејќи прочитавте спојување на одредени амандмани, точки, предлагам да ни биде доставен редослед на пратениците, веројатно имам такво право да побарам. Бидејќи тоа ќе потрае - очигледно, предлагам да ја прекинете денешната расправа, да продолжиме утре, а доколку тоа не е можно, тогаш барам во име на пратеничката група пауза од еден час, а за тоа време да ни биде доставен редоследот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Паузата може да ја побара само координаторот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Може по овлстување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Колку барате пауза, господине координатор?

Повелете еден час пауза.

(Пауза од 16,20 до 17,20 часот)

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Го молам и министерот да влезе во салата.

Отворам претрес по амандманите на член 10 под б) за додавање четири нови точки и тоа 38-а, 42-а, 53-а и 54-а, по точките 38, 42, 53 и 54.

На член 12 за додавање четири нови точки 9-а, 18-а, 39-а и 40-а по точките 9, 18, 39 и 40.

На член 12  за менување на точка 62 поднесени од пратениците Цветле Јаневска и Нелко Стојановски.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 38-а по точката 38, за додавање нова точка 42-а по точката 42; за додавање нова точка 53-а по точката 53 и за додавање точка 54-а по точката 54, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

По амандманот на член 10-б за додавање нова точка 38-а по точката 38, за додавање нова точка 42-а по точката 42, за додавање нова точка 53-а по точката 53 и за додавање нова точка 54-а по точката 54, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев,

Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Паљошкоски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска.

Амандманот на член 12 за додавање нова точка 10-а по точката 10, за додавање нова точка 18-а по точката 18, за додавање нова точка 39-а по точка 39, за додавање нова точка 40-а по точка 40 и на точка 62 поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

И по амандманот на член 12 за додавање нова точка 10-а по точката 10, за додавање нова точка 18-а  по точката 18, за додавање нова точка 39-а по точка 39, за додавање нова точка 40-а по точка 40 и на точка 62 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Паљошкоски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска.

Списокот под редните броеви 106, 120, 138, 107, 108, 121 и 122.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го молам преставникот на Владата господинот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманите не се прифаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманите не се прифаќаат.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Јаневска, а потоа нека се подготви пратеникот Нелко Стојаноски.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитуван претседател..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само ве молам по амандманите, ве молам немојте да водите расправа по текстот, туку само по амандманите.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Уште не сум почнала претседателе,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почнете.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитувам претседател, колеги пратеници, почитуван министер,

Ќе го образложам амандманот 1 и ќе се обидам со силата на аргументите, се разбира, ако имаат разбирање за овие аргументи да ги убедам колегите пратеници да гласаат за истиот.

Во исто време, морам да признам дека сум исправена пред мошне сериозна и деликатна задача да положам испит пред граѓаните на Струга, но и пред граѓаните на цела Македонија и да потврдам дека Струга и покрај актуелните општински случувања не е тесноградa и не робува на локал патриотизмот и ќе опстои на светската поетска мапа.

Ќе го исползувам моето земање збор да ги одбранам и другите три амандмани кои го дообјаснуваат првиот.

На почетокот ќе се повикам на завршната реченица од моето обраќање по Предлог-законот за територијална организација на локалната самоуправа во првата верзија.

Тогаш се надевав дека Владата ќе искаже подготвеност и во струшко ќе ги остави општините во постојните рамки и граници и така ќе им овозможи на граѓаните да си ги решаваат основните локални прашања, согласно своите специфики како и подготвеност да го одржи и афирмира континуитетот во покажаните позитивни трендови во економскиот, социјалниот и културниот развој на населбите во постојните општини.

Доколку се прифатеше оваа реалност на локалната самоуправа во струшките општини, институциите на системот ќе покажеа осет и еластичност во процесите да ги урамнотежат интересите и односите и да ја градат стабилноста и реалноста на Републиката и локалната заедница во исто време. Но, тоа не се случи.

Амандманот кој го предлагам практично правно го дефинира ставот и барањето шесте општини да останат во постојните мери и граници. Истиот се заснова на основните начела на кои се заснова и законот и е во функција на постигнување на целите кои се сака да се постигнат со овој закон.

Појдовен критериум во амандманот е воедначеното ниво на економската развиеност на општините, функционалната и инфраструктурна екипираност на одделните простори, децентрализација и рамномерна дисперзија на активностите од доменот на стопанството и општествениот стандард.

Фундаментална основа на која го предлагам амандманот се евидентите специфики како главна матрица и основен облигаторен критериум за ваквата територијална организираност што ја предлагам, критериум сврзан со определените историски, културни, еколошки особености на населените места и традицијата.

Амандманот практично го темелам и на најголемиот адут - емпиријата односно искуството во успешното опстојување на сите шест општини од нивното организирање во 1996 година до денес.

Мислам дека со постојната територијална организација во Струга предвидените критериуми во Законот се најсоодветно применети и така применети, согласно спецификите, се извлече максимум во успешното функционирање на локалната самоуправа.

На примерот на достигнатиот степен до кој се подобри квалитетот на животот и еднаквиот пристап на граѓаните до развојните можности во постојните општини се покажа како треба да изгледа општината и што треба таа да биде. Пред се, таа треба да биде што е возможно пореална локална заедница со што е возможно похомогени интереси и потреби во делот на прашањата или на работите од локално значење, во која, згора на се ќе нема разлики во условите, во нивото на развој, во традицијата и начинот на живеење и општење помеѓу населбите и граѓаните. Таквата општина има поголем капацитет и е поспособна да ги активира и да ги решава заедничките потреби на граѓаните, мотивирајќи го нивниот човечки потенцијал и нивната позитивна енергија.

Постојните општини, вака како што се организирани во Струга го покажаа и докажаа тоа. Аргументите со кои се залага тие да останат и понатаму во постојните мери и граници се екстремно реални за да го дисциплинираат умот на било која етничка заедница и спротивставена страна на овие простори.

Оттука, предлогот на Владата за окрупнување на општината Струга со припојување на другите општини на постојната општина Струга го доживувам заедно со граѓаните на општината, како нешто што ќе го забави натамошниот нивни развој. Но, веднаш да кажам дека во взаемната интеракција на функционирањето со другите општини и тие ќе почувствуваат негативен рефлекс на својот развоен пат. Хронологијата на историскиот развој на локална самоуправа на овие простори е исто така со силна аргументација и афирмација на постојната организација на општините во Струга.

Во 1951 година, односно до 1951 година, Струга се наоѓаше во гломазната Охридска околија. Со растурање на околиите до 1963 година Струга егзистираше во одредени територијални граници кога од неа се издвоија селата од постојната општина Мешеишта. Од 1963, до новата територијална организација во 1966 година општина Струга егзистираше со сите постојни општини: Велешта, Вевчани, Лабуништа, Делогожда и Луково. Во овој период Струга станува препознатлив град со свои карактеристики и развој, традиција и култура.

Но, неспорен е фактот дека конфесија и хармоничност во општината не постоеше. Територијалната разграниченост на одредени делови, географски како и демографски влијае на разните несогласувања. Вевчани, Лабуништа, Делогожда и Велешта немаа кохерентни размислувања за својот развој, ја чувствуваа подреденоста од урбаната Струга. Тогаш, таквите диверзитети и несинхрони залагања и интереси ескалираа до познатиот Вевчански случај и случајот  Радолиште. Во двата случаи се работеше за комунален проблем, водоснабдувањето како стратешка определба, како и секогаш познатите барања на општината Велешта за својот самоопстанок.

Тогашната гломазна Струшка општина до 1996 година, заради централизацијата на локалната власт, во центарот на таа општина, градот Струга, доведоа до големи миграции од Долни Дримкол и Малесија, како и од другите средини кон Струга, а со тоа се создадоа празни и сини зони во препитомите предели на Малесијата. Но, Велешта, Делогожда и Лабуништа единствено останаа и ден денеска големи населени места со силна демографија. Истите, со Законот од 1996 година конечно одвај дочекаа да ја раскинат папочната врска со општина Струга.

Во 1996 година, со формирањето на новите 6 општини во струшко, се внесе мир и новите општини, растоварени од дотогашните спротивставености, почнаа да се развиваат со висока ставка на економски инфраструктурен, културен и административен план.

Општината Велешта, со придружните села, доживеа напредок во сите свери од живеењето. Административен центар за развој, плоштад, болница, со тенденција да стане поликлиника, повеќе хотели, мотели, ресторани и кафеани, три млина, две бензиски пумпи, стопански капацитети од сите области, спортска сала, игралиште, пошта и добри комуникациски врски.

Делогожда, општината, се развиваше со слични карактеристики на развој. Има административна зграда, млин, училиште, игралиште, водовод, пумпна станица и многу мали и средни претпријатија.

Лабуништа, со 10.444 жители со мешан етнички состав на населението, доживеа своевиден развој. Во Лабуништа егзистираат 273 фирми од сите стопански дејности што успешно стопанисуваат. Како илустрација да наведам дека само една од фирмите за само 6 месеци платила данок од 14 милиони денари. Со сопствени средства изграден е водовод и канализација и решена е комплетната инфраструктура. Во основното училиште има преку 2000 деца со реална претпоставка за изградба и на средно училиште. Има интензивна изградба со импозантни индивидуални стамбени згради, со последен крик на архитектонски решенија и сите подобности на современото живеење.

Луково е погранична општина и со својата територија од 230 км2 е најголема општина со своите 16 населби од Долни Дримкол и Малесија. Оваа општина почувствува благодет од територијалната организација од 1996 година. Во периодот од 1996 до 2004 година во оваа општина се направи повеќе од минатите 50 години. Граѓаните од оваа општина сметаат дека со нивната оддалеченост од 35 до 40 км од предвидениот со новиот Закон за територијална организација центар Струга, ќе бидат подалеку од власта. Има административна зграда, пошта, две амбуланти, училиште. Има три погони од кои што два работат текстил, тука се наоѓа рудникот за јаглен “Пискупштина”, се наоѓа Хидроелектричната централа Глобочица со една мини ХЕЦ, три рибници.

Општината Луково, како и многу други општини, лоцирани во напуштени и неразвиени региони, но со богати природни ресурси како што се шуми и богати пасишта ќе станат финансиски поспособни за опстанок ако централната власт го поттикнува активирањето на нејзините ресурси преку наменски инвестиции во инфраструктурата или други области што се вон локални општински надлежности. За таа цел е потребна визија за просторен развој на земјата.

Сакам да истакнам дека во сите овие општини има богата технички капацитивно дефинирана и димензионирана електро инфраструктура, како и по еден од повисок напонски ред електро енергетски објект 35 на 10 кило волти и секоја од овие трафостаници со капитална вредност е од по еден милион евра и е како основен енергетски предуслов за прифаќање и развој на мали и средни претпријатија.

Општината Струга, ќе прозвучи можеби и апсурдно, не може да го следи темпото на развој на една општина како што е општина Велешта или општина Лабуништа. Но, Струга има други особености и специфики. Општината Струга има веќе свои дефинирани релации и покренати иницијативи, создадени вредности и други негувани односи. Има изодено голем пат во својот развој, елоквентно испочитувајќи ги интересите на своите граѓани, нивната историска и културна традиција, компактноста на општината, нејзините природни ресурси. Струга го има најголемиот природен ресурс езерото, и тоа е основниот природен прерогатив што го предодредува и го детерминира нејзиниот севкупен развој и развоен добробит за сите нејзини граѓани.

Струга е еден од ретките локалитети на Балканот што е израз и одраз на еден нов квалитет во естетска и духовна смисла, град со извонредно стара архитектура и фолклор. Градот Струга, веднаш после Охрид претставува посебна историска и природна вредност за Македонија. Треба да се остави Струга да се сконцентрира и да се развива како езерски град и да го заокружува концептот за заштита на Охридското езеро. Да се ослободи енергијата на Струга од локални селски патишта и водоводи. Скам да го потенцирам и фактот дека Струга има богато културно наследство, мирен соживот, мултикултурна традиција, мултуконфесионална и мулти етнички живот.

Оттаму, етничките критериуми ама воопшто не држат во ново реорганизирање на општината Струга. Затоа, со амандаманот предлагам поедноставување и расчленување на еден сложен и хетероген комплекс на проблеми, нивно систематизирање и организирање, како и начин нарешавање на локалните проблеми со помалку тензии, со поголема заинтересираност на граѓаните. Со задржување на постојната територијална организација, ќе се овозможи исцело поиспочитување на постојните специфики, како реален начин, демократски начин и во крајна инстанца начин што нуди перспектива. Со други зборови полза да имаат и општина Струга и останатите општини. Да нема доминација на едни врз други и средствата за комунален и друг развој да не минуваат преку градот, туку да одат во односните општински институции.

На крајот, да ја објаснам и причината за временската рамка во која го сместувам амандманот да важи до 2004 година кога ќе се одржат другите локални избори. Практично со ова предлагам фазна децентрализација како начин да се анализираат резултатите од реформите и да се применат соодветни корективни мерки.

Конечно, предлогот го давам од причина што со новиот предлог на Владата, со територијалната концентрација на етничките заедници, административните реформи ќе имаат етнички импликации и истите вака треба да се даде можност да се избегнат.

Прашањето, премногу често се вжештува околу проблемот кој треба да има мнозинство на локално ниво и како резултат на тоа кој може да ги надгласува другите во општинскиот совет. Ова е еден од најголемите предизвици и ризици на новиот предлог на Владата применет на општината Струга. Во услови на слаба политичка култура, неподготвеност, ресурсите може да не се распределуваат во согласност со потребите, туку како резултат на притисокот на мнозинското етничко население.

Овој страв на населението, за кој што морам да проговорам, што сметам дека неправично беше окарактеризиран како непостоење желба за соживот на Македонците во Струга со Албанците, беше изразен и во одржаните референдуми што се важен индикатор за јавното мислење во која општина сака да припаѓа локалното население.

Оттаму, сметам дека треба да се прифати временската рамка до 2008 година за функционирање на постојните општини и како можност да се испочитува реалното

демократско ниво на локалната средина што ќе може исто успешно да се инкорпорира и во новата законска регулатива во истата таа година.

Да се создаде сега атмосвера за промени.

Да се зајакне довербата меѓу етничките заедници.

Да се влее сигурност од државата кај граѓаните за стабилноста и за границите.

Мислам дека може да се избегнат негативните ефекти со понудување рок на прилагодување, со оглед на недоволната демократска традиција и неодамнешната историја на етничката мобилизација на државно ниво.

Предлогов, ваквата територијална организација да остане до 2008 година го давам по аналогија на предлогот што Владата го нуди во Законот за општина Кичево. Претпоставувам дека идејата била да се примени принципот на постепено создавање услови за акцептирање на овој закон како процес со континуитет. Тогаш, од исти причини овој рецепт целисходно би било да се примени на струшките општини. Посакувам Владата да не биде крута по однос на предлогот за Струга и да создаде услови за постепено созревање на свеста и прифаќање на соживот, не само меѓу етничките заедници во Струга, туку и со оние кои се наоѓаат во другите општини. Впрочем, до тогаш, до 2008 година ваквата организација ќе помогне да се намалат и ризиците од идните евентуални меѓуетнички конфликти и ќе помогне Македонија да ја достигне својата цел и да стане целосно унифицира мултиетничка и демократска земја.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Јаневска.

Се извинувам господине Трајановски, пред да ви дадам збор процедурално би сакал во мое име да се извинам на госпоѓа Јаневска или оној збор што повеќе ми се допаѓа, да побарам прошка бидејќи упаднав од почетокот од нејзиниот говор е некоректно. Нема да се лутам ако ова мое извинување не се прифати, но чувствувам потреба јавно тоа да го кажам.

Благодарам.

Повелете господине Трајановски, имате збор процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, сметав дека требаше да реагирате на говорникот, со оглед на тоа што го образлагаше амандманот ИВ предложен од Цветле Јаневска и Нелко Стојановски кој што во сценариото што ни го дадовте воопшто не е во овој дел, туку е некаде подоцна. Тоа е точката 144, мислам дека е ова, во која што пишува дека треба да се одложи примената. Значи, тоа е амандман 106, 107, 108, 120, 121, 122 и 138. Сега по тој блок на амандмани дискутираме. Вие не ја прекинавте, мислам дека направивте грешка, дали поради тоа што згрешивте на почетокот што ја предупредивте, во секој случај тоа не беше на дневен ред на овој блок на амандмани што сега ги предлагаме да се дискутираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претпоставувам дека кога ќе дојде тој амандман госпоѓа Цветле нема можеби да дискутира.

Дали некој друг бара збор процедурално? (Никој).

За реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

Повелете, имате три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Слушнавме еден говор каде што госпоѓата пратеник се обиде да ме убеди дека ова се екстремно реални услови и карактеристики за општина Струга. Во тоа што беше образлагано за општините Велешта, за Делогожда и Лабуништа и Луково, мислам дека ќе го прифатам. Едноставно, за мене е неприфатливо зарем во досегашните 105 амандмани што тука ги образлагаме госпоѓата не најде за сходно никаде да најде, ајде да не речам екстремно реални или барем реални услови да поддржи барем еден амандман од овие општини за кои што говоревме досега: Ростуше, Бистрица, Боговиње, Каменање, Сарај и Кондово, сето тоа беше како што беше ...

(Реакции).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски ова навистина не е реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Како не е реплика. Говориме за екстремни услови што беа кажани во говорот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие зборувате фактички на министерот бидејќи тој не ги прифаќа тие амандмани. Ве молам, во однос на ...

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во однос на говорот на госпоѓата Цветле Јаневска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во однос на говорот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во однос на говорот на госпоѓата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам за говорот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во однос на говорот на госпоѓата, точно за тоа говорам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски имате уште ...

СПИРО МАВРОВСКИ:

Точно за тоа говорам господине претседателе, бидејќи од нејзиниот говор јас досега од министерот не слушнав за етнички принципи и етнички критериуми ни делби. Сега, прв пат од говорот на госпоѓата Цветле Јаневска слушнав дека токму етничките критериуми и мерки беа причината да се случи ова за да довиеме ваков член каде што се предлага сите општини да бидат припоени кон општина Струга.

Значи, дали госпоѓата Цветле Јаневска има погрешна информација, или господинот министер, кој досега во ниту еден критериум не слушнавме дека има етнички критериум, би сакал да прашам дали е тоа тоа. И, последниот амандман што беше предложен, прашањето е дали одлагањето од 4 години и повикување на соживот ќе донесе нешто што едноставно ќе избегнеме некои...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Макрадули, барате збор процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, како координатор на пратеничката група на СДСМ морам да реагирам и да му укажам на говорникот и на другите евентуално што сакаат да кажат, дека не се наоѓаме во комунизам и во едноумие и секој може овде да си каже и да си го застапува својот став.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули процедурално кон мене се обраќате.

Процедурално има г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Дали сме во комунизмот, или не, вие подобро знаете г-дине Макрадули.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа не е процедурално.

Повелете г-ѓа Јанеска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА:

Почитуван колега Мавровски, да одговорам на првото прашање, зошто не се вклучив во другите амандмани.Го држам принципот дека потекнувам од Струга и Струшко и најдобро ги познавам приликите и затоа се вклучувам во оваа расправа, односно да си го одбранам овој амандман кој е од суштествено значење од таму каде што ме избрале непосредно граѓаните. Ако добро ме следевте меѓу другите принципи сметам дека е и етничкиот бидејќи силно го поддржувам ставот дека критериумите што ги нуди Владата со овој закон вистински се од еден од друг случај различни, но мислам дека избрани се да се применат онаму каде што ќе дадат најголеми резултати. И тука нема што е спорно. А, зошто не сум реагирала и зошто сум реагирала, тоа е мое право и во кој дел ќе реагирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мене често ми се допаѓаат дискусиите во Собранието во стилот, но зависи тој што зборува, во стилот, јас не сум од тука. Но, не ми е јасно овој преоден период од 4 години дали со оваа намера на предлагачот на амандманот за некој преоден период од 4 години по примерот на предложеното решение за општина Кичево, не се поттикнуваат тезите и тврдењата дека од еден град и неговата потесна, или поширока околина сега се обидува предлагачот на овој амандман да ни посочи дека Владата на Република Македонија како краен предлагач на Законот за територијална поделба на Република Македонија, сепак издвојува во некаков недефиниран регион од Република Македонија два града и населението кое ги населува градовите и нивната околина за кои би важеле некакви поинакви принципи отколку за останатите 123 досега постоечки општини. Не можам да сватам зошто би имало преоден период од четири години и што се очекува да постигнеме со преоден период од 4 години. Да се примени истото правило како што предлага Владата со преоден период од четири години тоа е одложување на нешто неодложно, тоа е страв, несигурност, затоа што излегува дека предлогот кој е на маса пред нас е крајно несериозен и покажува дека во Владината коалиција не успеале да дојдат до некакво решение, па го оставиле тоа за подобри времиња. Мислам тоа е дозволено такви прашања да се оставаат во рамките на надворешната политика на секоја национална и суверена држава, апсолутно е недозволиво во рамките на Република Македонија одредени правила да се менуваат и две општини, или една општина, сеедно да добиваат некаков статус на екстериторијалност каде што ќе бидат тие исклучок. Не ми е јасно од што ќе бидат исклучок. Тоа не го разбрав во предложениот амандман од пратеникот кој доаѓа од Струга.

Инаку, за тој етнички критериум, зарем не го препознаа пратеникот од Струга етничкиот критериум и во другите општини. Мислам тоа што некој доаѓа од Струга, од Битола, или незнам од каде, сепак ова не е Совет на општина Струга, овде се бранат, или се разгледуваат прашања од национален интерес, не се разгледуваат само локалните прашања. Не ми е јасно како воопшто не се препозна поклопување. Од друга страна се инсистира на некаква екс-територијалност. Претпоставувам дека можеби ќе има

контрареплика и би сакал навистина да ми биде малку појасно што значи тоа дека се бара две општини да бидат екстериторијални, или исклучоци од Законот кој е на дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Цветле Јанеска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА:

Јас ќе почнам во одговорот на колегата пратеник да кажам со синтагмата: “Не верувај на Данајците кога дарови ти носат”. Тој правилно ќе ме разбере. Очигледно ја покажаа намерата пред целата македонска јавност и пред граѓаните како се залагаат да опстои Струга и другите градови во другите општини во сегашна територијална организација. Намерата и е опструирање на крајот на краиштата и не им е чиста и искрена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Пожитувана колешка Јанеска јас би сакал да реплицирам во оној дел каде што вашата дискусија по амандманот упативте апел, или сугестија Владата да не биде толку крута, поточно да ги прифати вашите аргументи овде што ги искажавте, со тоа што нели би требало да го прифати вашиот амандман. Би сакал само да ве потсетам дека Владата својот став си го кажа, уште пред вие да почнете да дискутирате, со тоа што не го прифати вашиот амандман. Јас не гледам сега тука што може Владаа да биде крута, или мека, кога е јасно кој е нејзинот став. Меѓутоа, од Вас очекував почитувана колешке дека ваков апел ќе упатите до Парламентарното мнозинство. Јас навистина ја сваќам вашата позиција, сигурно дека не ви е лесно.Меѓутоа, апелот кој што го упативте нема потреба Владата да ја оптеретувате дали ќе биде крута, или мека. Можете да упатите до Парламентарното мнозинство на кое што да ве потсетам и вие припаѓате, да го прифати со гласање вашиот амандман и тука работата е завршена. Тоа е во едниот дел.

Во вториот дел ако упатувате да речеме на Владата критика дека е крута во однос на овој став, па вашиот став по однос на преоден период од 4 години, е апсолутно мека.

И тука нема логика. Ако се борите за Струга да остане во рамките на постоечките граници, значи со овие општини што ги предлагате да бидат изземени од предлогот, тогаш борете се до крај. Зошто ви е преоден период, или тоа е некоја мимо внатре партиски договор или како да кажам, со тоа што го добивте правото овде да зборувате како опозиционен пратеник.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Јанеска, една минута.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА:

Го уверувам колегата пратеник Караџоски дека не постои никаков договор. Ако правилно ме следел, јас го започнав образлагањето на мојот амандман со голема сериозна задача да го убедам парламентарниот состав за да ме поддржи во амандманот. Зошто го нудам преодниот период, ако добро ме следеше,најголем дел се должи на фактот што имаше еден еволутивен развој во неколкуте фази од функционирањето на локална самоуправа. Кога луѓето во 1996 година се оргнизираа во соодветни 6 општини, очигледно формална му е забелешката на колегата и нема веќе причина за што да одговарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Со внимание го ислушав излагањето на колешката Цветле Јанеска, и искрено додека ги образлагаше амандманот 1, 2 и 3, најискрено верував дека се залага за опстојување на постоечките општини Струга и оние рурални општини кои беа Вележта, Делогожда, Лабуништа, и Луково. Меѓутоа да бидам искрена многу ме изненади следниот амандман кој го образлагаше колешката и каде што побара, така барем таа рече, фазна децентрализација. Прво, незнам каква е таа фазна децентрализација, затоа што Владата не предлага фазна децентрализација и побара временска рамка за функционирање на постојните општини. И сега ме чуди, ако таа искрено верува дека ставот на стружани според она што го кажа, да созреат условите за постепено созревање на свеста. Дали мисли дека Стружани за 4 години свеста на стружани ќе созрее и ќе прифатат да живеат

во доминантно албанска општина која вештачки се создава, или пак тоа и е само оправдување. Ако искрено верува во таквата временска рамка, зошто не побара таква временска рамка за опстојување на другите општини за кои ние се боревме да опстојат, еве, од нејзината  петта изборна единица, затоа што таа, да не заборавиме е пратеник од петта изборна единица, а тука се и Кичево и Охрид, и Битола, Ресен. Јас навистина се сомневам дали таа искрено верува во опстојувањето на општините какви што се сега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓа Јанеска, една минута, повелете.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА:

Многу ми е жал што колешката од иста изборна единица што покажува големо лицемерие и навистина ако треба да ме поддржи, треба со искрена намера да ме поддржи, а не на ваков начин да ја подрива и последната можност со преодниот период да може да се направи еден добар преоден период, затоа што Стружани не се само Стружани македонци, туку тука има од секакви етнички заедници. И многу е нецелисходно и непрактично, неучтиво да ги дели колешката по национален критериум, а Струга да може да опстане само како македонски етникум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Драго Шајноски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Почитувана колешке, како што рековте: не треба да им се верува на Данајците кога ти носат поклон. Токму овие 4 години преоден период што го барате за стружани се тој Данајски поклон.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА:

Да му дообјаснам на колегата, кога мислев на Данајците, мислев на нив, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Нелко Стојаноски.

НЕЛКО СТОЈАНОСКИ:

Благодарам г-дине пртседателе, г-дине министре, колеги пратеници,

Како што беше спомнато овде со овој амандман се предлага општината Струга да остане во постојните граници до 2008 година, односно без да дојде до нејзино спојување со општините Луково, Лабуништа, Велешта и Делогожда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, г-дине Нелко, не е тоа тој амандман. Тоа е посебен амандман и за него ќе зборуваме кога ќе дојдеме на дневен ред. Сега зборувајте за овој амандман.

НЕЛКО СТОЈАНОСКИ:

Ќе зборувам за тој амандман. Имено, овие општини да постојат и натаму беше пошироко елаборирано за сите. Јас нема да бидам толку опширен во моето излагање. Имено, поаѓајќи од критериумите што ги истакна Министерството, сметам дека сите овие општини можат да опстојат и натаму како посебни единици на локалната самоуправа. Имено, ако се тргне од демографскиот критериум, сегашната струшка општина има околу 37 иљади жители и го надминува просекот од 28 иљади односно на овој начин би станала една од најголемите општини во Република Македонија. И како што знаете постојната струшка општина е со мешан етнички состав, 47, 94%, се Македонци, 41,54% се Албанци, 5,44% Турци, 1,75% Власи итн. Ако се тргне од територијалниот принцип таа сега е заокружена територијална целина со релативно добра инфраструктура распослана покрај брегот на Охридското Езеро. Поаѓајќи од социјалниот принцип Струшката општина претставува туристички и индустриски центар со околу 8,5 иљади вработени што претставува солидна основа за нејзин натамошен развој, но и недоволен потенцијал да ја преземе грижата за развој после нејзиното опкрупнување. Да го спомнам и историско традиционалнот принцип, Струга е незаобиколен топоним во историската карта на македонскиот народ. Со прифаќањето на овој амандман според мене би се постигнале повеќе цели. Најпрво на сите ни е јасно дека со новиот закон  за локална самоуправа значително се зголемени надлежностите и обемот на одговорностите за поголем број области од животот на граѓаните. Тоа се области кои се од големо значење за нивниот живот како што се локалниот економски развој, комуналното уредување, одреднеи

прашања од здравството, образованието, социјалната заштита, културата, спортот, заштита на животната средина и природата итн. Според мене со ваквото окрупнување на општина Струга таа не ќе има капацитет тоа да го оствари. Од друга страна се покажа дека во овие осум години одделните општини кога самите се грижат за развојот постигнуваат подобри резултати. Навистина во историјата носители на прогресот биле урбаните центри. Но, во овој случај градот би бил помал од една четвртина со население од жителите на општината и наместо да се постигнат очекуваните резултати во развојот, тој би се кочел, како развојот на урбаната заедница така подвлекувам и на другите рурални средини. Од друга страна општините кои што треба да се приклучат на општина Струга ги поседуваат речиси сите предуслови за сопствен развој и за овие осум години тоа го докажаа, доживувајќи значаен економски, локален, комунален развој за што посебно овде беше спомнат случајот со Велешта, случајот со Делогожда и навистина таму се постигнати забележливи резултати на економски и комунален развој. И, со ваквата територијална организација би дошло до забавување на нивниот развој. Дури беше истакнато дека со општината Лабуништа е поинаков случајот. таму имаше и успешен референдум  за нејзино понатамошно опстојување како општина, бидејќи ги исполнува критериумите, има можности за самостоен развој. Можеби најмалата општина и најмалку се знае за најмалата општина по население е Луково, иако е таа најголема по површина, таа претставува посебна географска економска и културна целина, во која живеат околу 2200 жители од сите возрасти во 16 населени места и со околу 5 илјади жители кои повремено  доаѓаат и си ги одржуваат своите домови и својата земја. Инаку, оваа општина постоела и во времето на Отоманското владеење и претставувала посебна територијална единица, посебна територијална единица била и по Втората светска војна, но во состав на Охридската околија. Ваквиот статус е задржан се до последното окрупнување на општините кое се изврши во 1957 година, а со новата територијална поделба од 1996 година општината Луково повторно стана самостојна општина со свои функции и како локална самоуправа успешно ги остварува тие свои обврски како посебна единица. Инаку, овде беше истакнато дека општината Луково со што се располага, да речеме дека таму се наоѓа хидроцентралата “Глобочица”, има рудник за јаглен, 4

рибници, 3 дисперзирани текстилни погони, експлоатација на шумски фонд, сепарација на песок, итн. и сето тоа сметам дека се значајни можности за нејзин натамошен опстанок и натамошен развиток. Од друга страна самата сегашна општина Струга може да биде пример за општина по новите барања. Таа претставува една заокружена територијална целина со релативно добра инфраструктура. Нејзините интереси се насочни кон развој на туризмот што не е случај со другите општини што треба да и се приклучат. Таа е пример за добар меѓуетнички соживот, бидејќи општината е мултинационална и мултикултурна, односно со мешан етнички состав како што спомнав. И како што истакнав со своите скоро 37 илјади жители го надминува републичкиот просек што треба да се оствари односно од 28 илјади жители. Новата територијална организација треба да овозможи подобар и по перспективен живот на граѓаните, можност за развој на демократијата. Со ваквата територијална организација на Струга не и се дава шанса за подобар економски развој, туристички да биде поатрактивно, инфраструктурно поубаво уредена, културно побогата и етнички потолерантна. Напротив, сметам дека постојат големи шанси наместо напредок да се уназадат сите овие области, дури да се создаде меѓуетничка тензија, сметајќи дека ваквата организација е вовед во некаква делба и да се појават и други негативни реперкусии.

Затоа сметам дека општината Струга треба да остане во постојните граници бидејќи во целост ги исполнува условите и пронципите врз кои е заснован законот на новата територијална организација на Република Македонија .

На крајот сметам дека е потребно да го кажам следново: Донесувањето закон за новата територијална организација на Република Македонија претставува мошне значајна политичка одлука но за нас позначајно е, не се срамиме од своите постапки и одлуки да не направиме нешто лошо за поголем број луѓе за што не тера стравот од сопствената совест. Потребно е да постои верба во правдата во делувањето на правната држава, верба за подобар живот зан нас и за идните генерации.

Сенадевам дека одлуките кои што ќе бидат донесени ќе бидат така изнијансирани и ќе ја реализираат таквата наша заложба. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Почнуваме со првата реплика, г-дине Стојановски повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас сакам само да искажам еден факт кој што се виде преку искажувањето на колегата во овој период, претходно, а тоа е дека овој закон не претставува ништо друго туку чист политички договор за опстојување на којалицијата СДСМ и ДУИ, а тоа се гледа од фактот што пратениците од тие општини воопшто не биле прашани дали сакаат или не сакаат тоа да се случи, дали граѓаните им дале мандат да ги штитат референдумските изјаснувања

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дин Стојановски, никаде во своето излагање г-динот Нелко Стојановски не спомна ни СДСМ ни ДУИ нити некои политички аспекти.

Ве молам држете се до говорот на г-динот Стојановски ве молам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Опстојувањето на општина Струга во сегашните граници кое што беШе застапувано као став на претходниот дискутант се однесуваше на тоа дека волјата на граѓаните на Струга е таква да не се менува етничката структура во Градот Струга. Јас се надевам дека овој став го делат и неговите колеги пратеници и дека на овој начин објективно се виде дека Владата самостојно си носела одлуки без консултации со локалните власти и локалните претставници во Парламентот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, добро е што тоа е само ваше мислење.

Повелете г-ѓо Лалчевска, имате три минути реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе,

Она што го искажа колегата претходен говорник навистина потврдува дека сите критериуми за опстојување на овие општини се исполнети. Развојот би се кочел на градот така и на руралните средини, беше спомнат референдумот, значи имало референдум, не се почитувал референдумот.

Јас навистина го подржувам колегата во се она што го кажа, меѓутоа никако не можам да ја разберам неговата последна реченица: “стравот од сопствената совест”. Дали колега вашата совест е немирна за вкавата територијална поделба на Струга, па да се оправдате себе си ја ставате во временска рамка од четири години. Благодарам.

(реакција од место на пратеникот Макрадули)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам г-дине Макрадули, ве молам, реплика си е реплика, има и контра реплика. Може да се повикате на дуплата совест ако сака контра реплика. Нема контра реплика.

Повелете г-дине Љупчо Балковски.

Г-дин Оровчанец процедурално.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Молам г-дине претседателе во други вакви ситуации да ги прекинете дискусиите на фрустрациите на внатре партиските ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Еве сега ќе прекинам бидејќи тоа е иста таа дискусија. Сега ќе прекинам бидејќи вие тоа го баравте.

Повелете г-дине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, министре и претставници на Министерството за локална самоуправа,

Јас во оваа моја дискусија ќе зборувам конкретно за општина Струга и за околните општини околу Струга и за новиот предлог закон што е денеска во Собрнаието. Ќе

оставам за расправата кога ќе дојде по текстот да објаснам како овој нов предлог закон за општина Струга ќе се одрази во целокупната територија на Република Македонија.

Амандманот што го поднесов за општина Струга и за околните општини од Струга, поточно за Велешта, Лабуништа, Делагожда, Луково е со една цел, а тоа е да се постигне Струга да биде општина со мнозинско македонско население. Значи, сакам тоа да се дефинира на самиот почеток за да нема после нејаснотии зошто се поднесува овој амандман. Кога зборуваме веќе за општина Струга и за околните општини треба уште на самиот почеток да кажам дека едноставно овде во овој предлог закон поточно за општина Струга и околните општини не се земени во предвид аргументите, критериумите и сите други фактори што влијаат да кон општина Струга се припојат и другите општини. Значи конкретно и тоа сакамо овде во Собранието да го објасниме за Струга, за Кичево, за Скопје едноставно постои договор помеѓу  СДСМ и ДУИ. Значи овдека ги слушнавме сите аргументи од претходните пратеници и тоа е во ред. Кажуваа врз основа на што Струга може даопстои како самостојна општина  и врз основа на што другите општини околу Струга треба да бидат како самостојни општини.

Почитувани пратеници овде се работи за сосема друго, а тоа за односот помеѓу македонците и албанците. Зошто го кажувам ова? Го кажувам затоа што и сега општина Струга е мултиетничка општина. Немојте да кажувате некои работи како партијата ДУИ дека се залагаме мултиетиетничка општина, мултиетнички град, мултиетнички други општини. И сега Струга е мултиетничка општина. Таму живее мнозинско македонско население, живеат албанци, живеат Власи, живеат турци, живеат роми, срби и бошњаци.

И, што е сега толку страшно во таа мултиетничка општина Струга едноставно да биде мнозинство македонско населени. Значи тука не постои аргументација никаква туку ви смета Струга, точката на границата спрема Албанија како град да биде со мнозинско македонско населени. Зошто викам како град? Затоа што ако ги гледаме бројките во општината Струга ќе го имаме следниот резултат, а тоа е: 36000 жители живеат во општина Струга. Од тие 36000 некаде околу 18-19000 има македонско население, 15000 има албанско население и како што спомнав пред малку турци, власи, роми, срби, бошњаци и др.

Меѓутоа, што е карактеристично. Во самиот град Струга живеат повеќе од 2/3 македонци. И, сега дали е тоа проблем што во самата општина Струга и самиот град на целокупната општина живеат мнозинство македонско население, а сепак градот и општината е мултиетничка. Зборувам мултиетничка и навистина можеби најмногу во Струга треба да се забележи и да се практикуваа таа мултиетинчка општина затоа што во Струга не живеат само македонци и албанци. Ако сакаме да градиме мултиетничка општина еве ја имаме Струга како што е сега. Општина Струга мнозинство македонско население, албанско, турско, влашко, ромско, српско итн. Меѓутоа, очигледен е фактот и затоа реков дека овде треба да ги заборавиме аргументите професионални од Министерството за локална самоуправа, туку треба да го гледаме едноставно само договор  помеѓу СДСМ и ДУИ односно што добиваат сега албанците, а што губат македонците.

Одговорно кажувам дека македонците губат затоа што очигледни се бројките во таа мултиетничка општина дека македонците од мнозинско население во градот 2/3, сега во целата општина ќе бидат малцинство. Дали така само треба да се гледа мултиетничката општина и мултиеничкото општество што сакаме да го градиме во оваа наша држава. Дали мултиетнички односи добри се секогаш кога албанците се мнозинство, а македонците со останатите други групи се малцинство. И тогаш велимение да ете сега имаме добра мултиетничка заедница, добра мултиетничка општина.  А, никогаш албанците не се задоволни од нивниот однос кога во една мултиетничка општина македонците се мнозинство, а сите други заедници албанци, турци и др. едноставно се малцинство. Никогаш не е случено да албанците тогаш односно да ДУИ кажа во ред и во таква општина ние прифаќаме да живееме.

Сега почнавме со бројки да разговараме сакам да напоменам дека сите други општини Велешта со 8000, Лабуништа со 9000, Делагожда со 7000, Луково малку помалку има македонци, меѓутоа во вкупниот број на новата општина ќе имаме прочитувани пратеници 66000 жители. Од тие 66000 жители македонци ќе бидат 20000 и велиме дека сега е добра мултиетничката општина, а во моментот како што е сега и како што се залагаме сите и овде е многу добро што пратениците и од СДСМ и од ЛДП го кажуваат

истото. Друг е начинот по тоа како ќе се гласа затоа што тоа е договор и тука ми е јасна работата. Меѓутоа, сите го кажуваат истото затоа што ова се бројки. Нема аргументи, друго е ќе зборуваме за инфраструктура и за тоа како општина Велешта, Делагожда или Лабуништа имаат можност да бидат општини како што имаат и сега, како што опстојуваат.

Меѓутоа бројките се следни: ќе имаме нова општина со 66 иљади жители од тие 66 иљади жители, 20 иљади ќе бидат Македонци и тогаш да ДУИ е успех што е впрочем и вистина успех дека го постигнале тоа, дека тоа е добра мултиетничка општина, а не е добра мултиетничка општина сегашната кога имаме 36 иљади жителит во општина Струга, од нив 18 иљади Македонци, 15 иљади Аллбанци и останатите жители што живеат во општината. Зошто, ве прашувам. Дали секогаш ви смета мнозинството македонско население во овие општини и што е тука проблем за таква мултиетничка општина. Ќе ви одговорам сега. Тоа е што секогаш кога се работи за, би рекол, за зголемување на општината со мнозинско албанско население, за тоа јас реков дека ќе зборувам и во расправата по текстот на законот, како е тоа во однос на целата држава Македонија, меѓутоа сега конкретно за Струга очигледен е фактот дека ниедно село односно ниедна општина со мнозинско албанско население не се противи да се поништи нивната сопствена општина, локална самоуправа со мнозинство 99% албанско население како што се околните оштини околу Струга за да подпаднат под една нова зголемена општина Струга.

Јас овде поставив многу прашања и сакам да ми се одговори на тие прашања. Еве сега уште едно прашање, а тоа е дали ДУИ ќе се согласеше да се укинат албанските општини околу Струга, а пак да беше општина Струга со мнозинство македонско население. Одговорот е не. Значи, што сака и што постигна ДУИ, а што изгуби македонското население во општина Струга. Македонското население во општина Струга и Македонците во Република Македонија, жално е ова да се каже, меѓутоа изгубија еден град, изгубија град со Македонци жители затоа што македонското население тука ќе биде во малцинство. Ако не е така, еве кажувате дека не е, меѓутоа изразете добра волја и кажете дека не се согласуваме со вас, сакаме да живееме во мултиетничка општина, меѓутоа мнозинството да биде македонско население, како што е сега Струга.

Албанците односно ДУИ во тој договор едноставно ја добија територијата и проширувањето на албанското население во целокупната општина. Македонците од доминантно население во самата општина станаа малцинство и сето тоа под изговор дека градиме мултиетничка општина, а таа мултиетничка општина, јас неколку пати нагласив дека ја имаме и сега.

Ако зборуваме веќе за децентрализација зошто не се потрудивме, овде зборувам и како, да речам доминантно македонско население, меѓутоа и во Предлог законот зошто не се потрудивме да направиме институции внатре во доминантните албански општини, со албанско население, а тоа е во Велешта, Делагожда, Лабуништа, ќе го земам тука и Луково како општина со доминантно македонско население, меѓутоа зошто не направивме таму институции и во тие општини да се развива локалната самоуправа со зголемени ингеренции како што се сега со овој Предлог закон, ако сакаме навистина ако сакаме со цел зголемување на децентрализацијата и зголемување на надлежностите на локалната самоуправа кој што ќе бидат многу поблиску до тие што ќе ги уживаат сите тие работи, а тоа е најпрвин жителите од самата таа општина.

Бидете сигурни многу подобро и многу поефикасно ќе функционираше локалната самоуправа во овие околни струшки општини односно општини со сегашната локална самоуправа и сегашнава ситуација кога внатре во тие општини ги имаше сите институции да функционираат за добро на граѓаните и за развој на самите општини затоа што од 1996 година кога се формирани овие општини навистина бележат еден значителен развој во сите дејности на работата во својата општина и ние сега едноставно ги прекратуваме, ја зголемуваме општината на 66 илјади жители едноставно во еден центар за да се раководат сите тие дејности и сите оние што им се потребни на самите граѓани од сите општини кои што сега гравитираат кон општина Струга и ќе се доведеме до ситуација да жителите, зборувам за сите жители, дали од Луково, Велешта, Делагожда доаѓаат во Струга за да извадат само една потврда, а можеа да се направат институции во самите општини.

Едноставно мислам дека како Парламент, а овде зборувам како македонски парламентарци треба да размислиме затоа што и пратениците на пратеничката група на СДСМ и претставниците на ЛДП се со став дека не е добро вакво решение, меѓутоа, од друга страна  сигурно ќе се изгласа ова решение од едноставна причина што тоа е договор меѓу коалиционите партнери внатре во Владата. Меѓутоа, ќе се види и тоа многу брзо, дека самата општина ќе биде прегломазна во нејзиното функционира и сега тоа што го правиме заради децентрализацијата и заради подобрување на сите услови на граѓаните, нема да се постигне тој ефект како што е сега. Дајте да направиме во оваа мултиетничка општина Струга како што е сега да ги зголемиме ингеренциите,  да ги подобриме условите за живеење на сите жители. Општина Струга затоа е силна и сега, затоа што и сега е мултиетничка. Меѓутоа, немојте да дозволите од чисто партиски интереси да трпат жителите  во локалната самоуправа, а ја правиме локалната самоуправа за задоволување на потребите на самите граѓани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-дин Абдилаќим Адеми.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Господине Балковски, вие поставивте многу прашања. Да викажам право, не очекував од еден поранешен минситер и сегашен пратеник да дискутира на ова ниво и да спомнува реченици како “се изгуби Струга”, “ќе се иселат македонците” и т.н. Би сакал да го потсетам претходниот говорник и другите кои дискутираа за територијалната организација да имаат предвид еден факт.

Во Македонија после 2001 година, после Рамковниот договор има нова реалност, тргнвуајки од организацијата на државата се до донесување на одлуки во органите на општините, како и донесувањето одлуки тука во Парламентот на Република Македонија.

Исто така сакам да ве потсетам дека во периодот од 1991 до 2001 година сите одлуки и оние нај значајните во ова Собрание, односно најголемиот дел од овие одлуки се донесуваа без одобрување на сите, без гласот на сите етнички заедници и секогаш со надгласување од страна на пратениците кои припаѓаат на македонската етничка заедница. Тоа што го кажав за новата реалност во 2001 година е во тоа што после 2001

година значајните одлуки, било да се тоа политички или пак усвојување на одлуки кои произлегуваат од Рамковниот договор не можат да се донесат без гласот на сите етнички заедници. Значи веќе не псотои надгласвуањето. Вие г-дине Балковски не сте толку наивен и тоа го знаете доста добро и тоа исто така треба да им го објасните на граѓаните на РМ, а не тука да сеете омраза и раздор. Треба да се прекине со овој вид дискусии затоа што на тој начинне се добиваат политички поени. Најдобро го видовте тоа од опозицијата на  митингот кој го организиравте пред Собранието, како и вчера кога излеговте да шетате низ улиците на Скопје кога никој не ве подржа. Народот веќе “не купува магла”, г-дине Балковски. Нам не ни пречи македонското мнозинство во било која општина, затоа што воопштоне ни пречи македонското мнозинство на државно ниво. Г-дине Балковски, уште еднаш да ви кажам, вашиот неуспех, вашата дискусија беше на многу ниско ниво веројатно заради  недостиг на аргументи и ќе кажам дека не изгубија ни Струга ни Стружаните, затоа што Струга и натаму ќе остане на Стружани така  како што било и до сега. Сите ја сакаат Струга затоа што таа е убава, но уште еднаш ќе речам таа ќе остане на Стружани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете за контра реплика г-дине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Сакам да потврдам уште еднаш и овде да стане јасно дека сите аргументи за кои зборував и ги изнесував ги изнесував со бројки и тие се така.

Второ, немам ништо против албанците што живеат во општина Струга. Јас гокажав тоа јасно овде. Општина Струга и сега е мултиетничка, дајте да ги зголемиме ингеренциите за да уживаат сите во тие услови во општина Струга, и македонци, и албанци, и роми, турци, власи и т.н. Значи, немојте да правиме уште сега раздор за самата општина.

Кога веќе зборуваме дека не е се така после 2001 година, во Рамковниот договор во точката 1. 2 се утврдува  дека суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се случуваат и дека не постојат териротијални решенија за етнички прашања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-дин Хусеинџеват Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Ве сослушав со внимание и навистина сакам да ве потсетам дека оваа територијална поделба е добра и го нуди токму спротивното на тоа што вие го говорите. Вие велите да ја развиеме мултиетничноста. Мултиетничноста, г-дине, е констатација, не е развој. Едно општество е или не е мултиетничко. Токму оваа територијална организација го помага интеретницитетот, а тоа е тоа што ние сакаме да го постигнеме.

Албанците, г-дине, овде не се борат за привилегии, но пред се борат за делот на својата одговорност во државата и општините. Привилегиите ќе дојдат како резултат на дадената одговорност или недобро организираната одговорност. Ова е една слика на досегашните општини, ова е една виртуелна слика за вас, значи од далеку, но за нас е вистинска слика.

Да ви кажам нешто. Урбаните средини како што е Струга - да направам една споредба, за вас не е ова споредба, но би била за моите ученици, да не ве ставам на местото на ученици. На пример, имаме тврдина со крал, војска и неговата свита, а селаните и селата се надвор од тврдината. Животот се случува во тврдината, г-дине, во таа тврдина ние не сме биле, но би сакале да бидеме, бидејки местото ни е тука во таа тврдина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Контра реплика за г-динот Љупчо Балковски.

Се извинувам г-дине Хусеинџеват, официјално не се одјавивте, затоа причекав малку, но ако имате нешто да се доискажете, повелете.

Повелете г-дине балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Да објаснам нешто што е факт, а тоа го знае и целата македонска јавност, меѓутоа и жителите на Струга, и македонците и албанците. Имено, во Струга сега не постојат никакви проблеми меѓу македонците и албанците. И до сега околните општини како општини со општината Струга комуницираа на многу добро ниво и во инфраструктурните

објекти и во целокупниот секојдневен живот тие се поврзани со општина Струга. Зошто, го поставувам сега прашањето не се направи зголемвуање, како што се направи зголемвуање на ингиренциите и не се отворат дополнителни институции во самите албански општини околу Струга за да се подобри начинот на живеење на самите жители во тие општини.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Гзим Острени.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Би сакал во неколку зборови да му реплицирам на г-динот Балковски.

Прво, би сакал да истакнам дека во општина Струга веќе 36 години секогаш градоначалник на општината бил македонец и ова никому не му пречело.

Понатаму, би сакал да направам една разлика, кога говориме за Струга како општина и Струга како град. Составот на градот Струга е еднаков односно има 47% македонци, 41% албанци, турци 4% и други 7%. Би сакал г-дине Балковски да говоревте и за тоа како Струга станала општина со мнозинство македонци. Кога говориме за Струга треба да имаме предвид дека на Струга и се припоиле селата кои се на одалеченост од 30 км. како што се Радожда, Вишни, Мали Влај, Мислешево, Драслајца, Ложани, Раниште, Враниште, сите со стопроценти со македонско население, Белица со 50% и Франгово, Радолишта, Шум, Заграчани, Фериште и Теферич исто така. Исто така, мислам дека токму така е направено тоа мнозинство кое се посакува денес да остане, односно се направило со поделба и со земање предвид на етничкиот состав со цел градоначалникот секогаш да биде македонец. Ние не велиме дека нема да продолжи да биде така, тоа ќе биде по желбата на народот.

Сакам да потврдам дека Велешта која е само на 7 км. од Струга и не е некоја голема општина туку е село, кое нема од што да живее, меѓутоа, патлиџаните мора да ги продава во Струга, така што се очекува Стружанецот да прима луѓе од туризмот,овој да продава сирење и патлижани, меѓутоа, заеднички да го поделат профитот.

Имам забелешка и во однос на тоа што беше кажано дека некој сака Струга да биде разграничена меѓу албанците и македонците. Сте заборавиле г-дине Балковски

дека албанците се на македонската граница од Скопска Црна Гора до Преспа. Тоа го истакнувам само за да кажам дека ние не сме заинтересирани за поставување такви граници затоа што Европа е таа што сака да ги избрише границите и ние сме за тоа. Сега граничните единици се трансформираат во полициски сили кои извонредно ќе соработуваат со полицијата во Албанија, Грција, Бугарија и т.н.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-дине Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Јас се изненадив од г-динот Острени што тој и сега кажа дека му пречат македонските села што припаѓаат на општина Струга и заради тоа Струга е со мнозинско македонско население. Општина Струга е мултиетничка општина, дајте да дозволиме во таа мултиетничка општина да ги зголемиме условите за подобро функционирање на граѓаните. Немојте со зголемување на бројот на албанското население, само тогаш да велиме дека таа е мултиетничка средина. Децентрализацијата значи зголемвуање и подобри услови, зголемвуање на ингеренции за жителите и граѓаните на општина Струга со другите околни општини, да има подобар начин на живеење, затоа штокако што истакнав пред малку и сега нема никаков проблем во комуницирањето на албанските општини со општина Струга, во комуницирањето и пријателствата меѓу македонците и албанците во општина Струга. Дајте тоа да го зацврстиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За дискусија се јави г-динот Драго Шајноски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Овој амандман е поднесен во однос на предлогот на Владата за придодавање на селата Велешта, Делогожди, Лабуништа и Луково кон постојната општина Струга и сметам дека ваквото присоединување е чисто политиканство со цел СДСМ да ја зачува коалицијата, а со тоа и власта. Ова е класичен пример како се жртвува дел од својата територија, односно се врши предавство на една територија за да се зачува власта на останатиот дел, неводејки сметка дека тоа може да се повтори повеќе пати и да се остане без територија и без држава.

Во општина Струга не е во прашање сакањето или несакањето на македонците да живеат како малцинствосо албанците во Струга. Во прашање е начинот на кој тоа се сака да се постигне. Насилничкиот и вештачки пат кој е избран за да се протурка едно ваквоправење на малцинство или мнозинство не доведува до добри меѓуетнички односи и унитарна држава, туку до етнички раздор и распад на државата. Кога би се оставило природно да се развива населението во Струга, можеби во одредено време мнозинство ќе станат албанците. Во тоа нема ништо лошо, во таа природност, умствените реакции и реакциите на чувствата ќе бидат минимални, скоро никакви.

Заради сето ова и заради историските, националните и културните традиции на општина Струга и заради нивната јасно изразена волја на референдумот граѓаните на општина Струга одлучија општина Струга да остане во постојните граници. Тоа е нивно уставно право и власта треба да го почитува без поговор.

Кои се аргументите на граѓаните на општина Струга со кои потврдуваат дека тие треба да останат во сегашните граници? Покрај економските, демографските и географските, во оваа дискусија ќе истакнам и некои правни аспекти на Стружани. Имено, со овој предлог грубо се негира граѓанската димензија на Уставот затоа што при определвуањето на општинските граници конкретно на општина Струга се тргнува од етничкиот критериум. Со тоа овој предлог ја има изгубено својата уставна основа и е во колизија со граѓанскиот карактер на државата и граѓанскиот суверенитет утврден во член 2 од Уставот на РМ, со што се доведува во прашање суверената волја на граѓаните кои се изворни носители на суверенитетот на државата, а согласно со тоа и на општините.

Овој предлог грубо ги негира и формите на одлучување на граѓаните преку кои тие го изразуваат својот суверенитет. Имено, се негира референдумот, односно искажаната волја на граѓаните како директна непосредна форма на демократија, што е спротивно на член 2 став 2 на Уставот на РМ. Тоа значи дека Уставот не прави разлики во квалитетот меѓу овие две форми на изразување на суверенитетот на граѓаните.

Со овој предлог не се сваќа суштинската димензија на локалната самоуправа како една од темелните вредности на уставниот поредок на РМ, утврден во членот 8 на Уставот. Оваа темелна вредност во себе имплицира право на граѓаните на заедницата,

според нивните потреби и интереси, право на самоорганизација во локалната самоуправа, права на автономија во сферата на локалната самоуправа и воопшто принципот на автономност како основен принцип на граѓанското општество. Најпосле, оваа темелна вредност подразбира развој, негување и почитување на локалната демократија, без чие постоење оваа темелна вредност ја губи својата вистинска смисла како вредност.

Овој предлог воено е и дирекна спротивност со член 5 на Европската повелба за локална самоуправа, во која децидно се утврдува дека општинските граници може да се менуваат смао во согласност со локалните власти или по пат на референдум, ако тоа е пропишано во статутот на општината. Воконкретниов случај, во Статутот на општина Струга референдумот е исклучиво утврден како форма за менување на  општинските граници.

Оттука непочитувањето вољата на граѓаните е спротивно од општина Струга е спротивно на член 5 од горе наведената Европска повелба, што е во директен конфликт со напорите на Република Македонија за влез во Унијата.

Овој предлог на Владата исто така целосно е во коалиција со точка 1 од Рамковниот договор, а особено со точките 1.2 до 1.4 1.5  и 3.2.

Во таа насока извршена е повреда од точка 1 од Рамковниот договор каде се утврдува дека суверинитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се насочуваат дека не постојат територијални решенија за етничките прашања. Токму со овој предлог тргнувајќи од етничките критериуми се загрозува суверинитетот, територијалниот интегритет и унитарниот карактер на Република Македонија како држава. Тоа значи дека овој  предлог е антидржавен и национален односно  спротивен на државните и националните интереси на Република Македонија и со тоа на интересите на целокупното нејзино граѓанство.

Овој предлог на Владата е спротивен и на точката 1.4 од Рамковниот договор каде што се налага обврска на една современа европска држава постојано да се грижи да бидат исполнети потребите за сите нејзини граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди. Токму овие стандарди се нарушени со немањето слух на

актуелната власт за потребите и интересите на своите граѓани меѓу кои и на граѓаните на општина Струга. Со тоа актуелната власт го девалвира концептот за локална самоуправа во Република Македонија.

Овој предлог на Владата е спротивен и на точката 1.5 од Рамковниот договор во кој децидно се утврдува дека развојот на локалната самоуправа е од суштествено значење за поттикнувањето на учеството на граѓаните во демократскиот живот и за унапредувањето на идентитетот на заедниците. Ова не е спорно за граѓаните на Струга во која граѓаните сакаат на директен и непосреден начин да ја практицираат локалната власт и да се вклучат во демократскиот живот на својата локална заедница. Притоа граѓаните на Струга секогаш го имаат во предвид различниот етнички состав на населението во развојот на идентитетот на заедницата.

Со решенијата на овој предлог се оди по секоја цена да се оствари доминација на албанската етничка заедница на Македонската, со механички, догматски, деструктивен однос кој ќе ги доведе во прашање определбите на точка 1.5 од Рамковниот договор.

Најпосле, овој предлог е спротивен на точката 3.2 каде се утврдува дека ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти, ако треба и со меѓународно учество.

Од оваа точка на Рамковниот договор не произлегува обврска за ревизија на општинските граници, а тоа има намера да го стори актуелната власт со овој предлог.

Во наведената точка 3.2 од Рамковниот договор изричито е утврдено учеството на локалната власт во спроведувањето на ревизијата на општинските граници, што со овој предлог целосно е игнорирано.

Тоа значи дека овој предлог е наметнат од актуелната централна власт над локалната и дека ревизијата на општинските граници не може да биде спроведена затоа што отсуствува еден битен демократски фактор, локалната власт во Македонија.

Од овие причини бараме Владата на Република Македонија да го повлече овој предлог-закон од понатамошна расправа на Собранието на Република Македонија, што е и нејзина обврска која произлегува од Анексот Б точка 10 од Рамковниот договор поради

нарушени меѓународни стандарди и принципи во сверата на локалната самоуправа и локалната демократија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Благодарам господине Шајновски.

Јас мислев дека дискутирате за амандманот, но не ве прекинав бидејќи имавте интересно излагање.

Повелете господине Ѓорчев, а потоа господинот Трендафилов.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ

Почитуван господине претседател, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господин министер и претставници на Владата на Република Македонија.

Јас ќе почнам да дискутирам за амандманот, меѓутоа затоа и се споени амандманите, за да можеме да се произнесеме во целост за решението на еден регионален аспект на делење на локалната самоуправа.

Најпрво, во делот на амандманот за опстојувањето на општините Велешта, Луково, Делогожди, и Лабуниште. Дискусијата која што беше од госпоѓа Јанеска која што сигурно е и меѓу најкомонентните тоа да го каже, затоа што потекнува од тој крај и ги претставува интересите на граѓаните, но сепак во една политичка конотација и во една политичка димензија.

Очигледно е дека сите овие четири општини отстапуваат од она што претставува градско урбано подрачје и се протегаат од сртот на планината Јабланица ди сртот на планината Караорман, во средиштето на плодното Струшко поле по течението на Црн Дрим и зафаќајќи го делот на општина Делогожди и коритото на реката Сатеска. Значи сите овие четири општини, ќе зборувам глобално за нив, ридско планинско подрачје кое што се протега од Караорман на исток, до Јаблааница до запад, па потоа преку Велешта, која што ги опфаќа средишниот дел на Струшкото поле најплодниот дел од Струшкото поле, па до Делогожде која што се наоѓа помеѓу Црн Дрим и Сатеска и на крај Лабуниште кое што исто така е во делот на Струшкото поле и допира до зазарениот дел на реката Црн Дрим до езерото Глабочица значи претставуваат една специфична целина, која што многу карактеристики, за кои повеќе пати зборував населението во тие краишта се

здобило со право и во суверена самостоја и независна Македонија 1996 година да опстојува на темелот на парламентарната демократија во делот на локалната самоуправа. Да ги решава проблемите од локален карактер, да ги решава проблемите на своите граѓани преку непосредната форма на демократија началник и советот на општините на начин кој што ќе претставува сервис на граѓаните во посебна општинска заедница, а исто така во овие форми кои што сега ги говоревме можат тоа да го решава и преку непосредна демократија. Претпоставка затоа е постоење на мали општини. Сите овие четири општини се мали општини. Луково е мала, релативно средна големина по територијална величина, околу 200 м2, со мал број население, едвај 2.000 жители. 1929 жители во 1994 година, но затоа пак Велешта, Делогожда, Лабуништа се со голема демократска популација. Велешта со околу 7.000 жители, Делогожда околу 6.500 жители, Лабуништа околу 9.500 жители, меѓутоа сите тие се на мала територија.

Велешта на 23 км2, Делогожда на 55 км2 и Лабуниште на 57 км2. Но, и покрај сите овие аспекти овие граѓани што живеат во овие општини, своите општини посебно Велешта во најплодниот дел на Струшкото поле, Велешта многу година наназад важеше како едно гратче од типот на она што претставуваше Лас Вегас во делот на развојот на одредени активности, кои што во другите делови на државата не можат ни да се замислат а камоли да се реализираат. Еден град со високо развиена свест за развој на одредени активности кој што овозможуваат на луѓето задоволување на одредени потреби независно како ние гледаме кон тоа, или сме обремети со некој товар од едно минато време,  па на тоа гледаме со некоја резерва, меѓутоа факт е дека тие успешни предприемачи Велешта направија да биде модерна општина. Многу граѓани од општината Велешта имаше и претставници во државната управа,  граѓани кои што значат со име и презиме со својот минат труд отелотворени како компании, приватни компании, не ги спречуваше територијалната разместеност на Велешта да инвестираат во центарот на Струга најубави објекти, објекти кои што претставуваат гордост за градското урбано подрачје Струга, Трговски центри, мелници, инвестиции во други бизниси кои што се гордост за сите граѓани на Струга, независно од етничкото потекло.

Ова го говорам од аспект дека сите четири општини Луково, заради својот природен географски амбиент со надморска височина просечно околу 900 м. На сртот на планината Јабланица е граничната линија со Република Албанија и плодните долини на реките Црн Дрим и Сатеска кои што овозможуваат тоа население таму да обработува приближно околу 6.000 хекрати обработлива површина што претставува обработлива површина на цело Скопско поле. Целото Скопско поле обработлива површина има некаде, квалитетна обработлива површина како што е во Струшкото поле околу 5.500 хектари, а Скопје е еден мегалополиз со 600.000 жители и гравитација на уште 100.000 жители од руиалните средини, а Струга е едно подрачје кое што е многу помало и со таа обработлива површина не говорам за пасиштата и шумските површини и овозможува на таа популација многу солидно да си обезбедува економска егзистенција од тие параметри што ги говорам. Затоа, што основен ресурс за одредена активност е земјата, ако е во индустријата опремата, во земјоделството е земјата. Едни од најдобрите региони во Македонија се езерскиот регион, а езерсскиот регион е Ресен, Струга и Охрид. Тоа се центрите а потоа и полињата кои почнуваат да се делат од Подмоље на Струшко и Охридско поле и Ресенскиот крај, кој што е поделен на два дела.

Едноставно ние немаме аргументи во делот на онаа механичка димензија ние во години ќе ги детерминираме тие општини, тие треба да постојат до 2008 година, па после 2008 година во некоја наша визија ќе се соединат со оштината Струга, сегашниот облик на општината Струга кој сега постои, со новиот закон ќе видиме што ќе изгласаме. Тука имаме навистина реални аргументи да ги задржиме овие општини толку колку со темелот на парламентарната демократија ќе каже дека овие општини опстојуваат како сервис на граѓаните. Не говорам за политичката димензија, не говорам за етничката димензија говорам за димензијата дека локалната самоуправа не е само единица, таа е и заедница. Тие луѓе таму живеат. Јас говорам за локалната самоуправа секогаш почнувајќи од својот двор од својата улица, од своето маало, затоа што тие луѓе таму 90% од својот живот кога ќе заврши работното време, после 3,4 или 5 имаат исти проблеми. Имаат исти фудбалски клуб, имаат иста кафеана, имаат исти задачи за решавање на урбани зафати, комунални зафати, водовод, канализација, донесување на мерки за комунален ред, за

отпад и слично. За тоа говорам јас.  Ако така ја сфатиме локалната самоуправа ние како парламент ќе си ја извршиме задачата. Ако ја сфатиме ние во друга димензија тогаш тоа нема да биде дилектичка димензија, затоа што законот што го носиме тука, вклучувајќи го и овој амандман за четирите општини не може да биде механички. Тој не може да биде метафизички, времето ќе го мериме 2004 или 2008 година. Метафизички ако размислуваме тогаш на овој закон не му е местото во парламентот. Основата на движењето напред во парламентарната демократија, ама демократија точно на парламентарното мнозинство, но господа, почитувани пратеници овој пат опозицијата ви треба за Струга како пик и за некои други места, сега говориме за овие четири општини и за Струга ние како опозиција Ви требаме. Тоа е нормално. Ова е пресечна точка, тие се пикови, сите пикови треба да ги разрешуваме заедно, инаку од мудри луѓе ние тука ќе  се претвориме во внимателни луѓе. Внимателните луѓе убаво е да го чуваат позиционото единство, некој тука опозицијата ја нарече данејци, можеби и тројанци да не нарече затоа што Троја ја снема, а ние психолошки како што се однессуваме ние државата полека, но сигурно психолошки, ние и онака немаме доволно почитување кон државната власт, а сега без опозицијата носење на ваков закон клучна , пресечна точка- двојазично Скопје, ќе кажам дигресија пример, овие четири општини Струга, колку да е нагодување парламентарното мнзинство од доминација со демократија, што е природно доминација, има право параламентарното мнозинство за 75 општини така  да реши. Ниеден предлог од опозицијата да не прифати, но тука каде што се крши демократијата и се прави диктатура со демократијата ние ви требаме, затоа што има форма во Македонија, како што во друго време овој декор што седи од левата страна на парламентарната говорница беше позиција мораше да се седне за одредени прашања со тогашната опозиција и да се најде решение. Така мора да се работи затоа што психолошки дадовме верба на македонскиот граѓанин, независно дали е македонец, албанец, влав, турчин, србин или ром, или бошњак, но мислам дека единствениот начин да излеземе од оваа слепа улица, затоа што ако сме се зафатиле таму сега што правиме. По предлогот на Владата ние тука дискутираме 5-6 дена и сите предлози од опозицијата се дочекуваат со единствен одговор, јас ја разбирам улогата на министерот, јас лично за министерот

секогаш ќе кажам со најубави зборови тоа што го предлага, но ја разбирам и неговата должност кон Владата. Но секогаш со негација - амандманот не се прифаќа ќе се доведеме до таму ова решение да не биде дијалектичко и за овие четири општини. Не е дијалектичко затоа што ако е нешто програмирано единствено како света работа и нема мрдање затоа што сакаме да го сочуваме коалиционото мнозинство, тогаш ќе ја изгубите или ќе преминете психолошката бариера каде што ние се делиме веќе на данајци или тројанци, или мармадонци. Значи ние тука едноставно мораме да се надминеме психолошки тука. Јас не говорам за јазот, ќе говорам подоцна за етничката структура, но говорам за јазот психологијата дека сега ние како опозиција даваме предлози кои што се неодржливи. Не е точно. Пред неколку месеци во просториите на Владата госпоѓата министер за надворешни работи кажа дека Словенија е нашиот пилот, модел, урнек кој што ќе не води кон Европската Унија: Па видете го законот на Словенија. Словенија има 2.000 милиони жители иста географска конфигурација, а има друг закон за локална самоуправа и дури сега го менуваат, од кога станаат членка на Европската Унија, а таму има 182 општини. Па донесоа закон како може да се расформира и да се формира нова општина.

Ние тука почитувани пратеници не одиме во добра насока. Јас ова го говорам од практични примери. Не одиме во добра насока затоа што ние имаме добра волја да подржиме конкретен предлог каде што одредена етничка заедница ќе има доминација со демократијата како парламентарно мнозинство или како бројка, процент на влијание. Ама, не можеме ние другите етнички заедници да ги запоставиме. Јас ќе направам дигресија тука. Навистина тоа е неодржливо за некој, сега ние ќе правиме од една политичка димензија  една структура на етничка заедница која што треба да биде доминантна, а во друга димензија, во центар Жупа ќе кажеме амандманот е неодржлив. Значи ни треба некаква опозиција во Струга и не се согласувам со тоа дека некој тука е со задни или предни, сите сме со исти намери, тука сме четири години ќе ни помине времето и после ќе се сеќаваме што сме направиле, а тука сме дошле да направиме нешто добро, или да кажеме  нешто добро и да станеме непријатели. Да си го кажеме своето мислење на начин кој што никого нема да иритира, или да го кажеме така да предложеме некој, не

да го убедиме, само да му укажеме дека има различна размисла која што е исто толку вредна колку и другата размисла независно тоа кој како го гледа.

Оттука вечната реперкусија е како да стигнеме до заедничка цел, а тоа е да одиме кон прогресот. Значи Македонија без мали општини не може да оди кон прогресот. Ако сме мала земја, ако сме сиромашна земја ние не можеме да правиме големи општини особено таму каде што има историска димензија. Ако Струга била градско подрачје со 16.000 жители и придодадени населби од 15.000 жители со 35.000 жители градот Струга и природна конфигурација, природно е Струга да биде со Радожда, затоа што нема каде да оди Радожда, треба да оди со првото албанско село на другата страна, мора да биде со Струга или мора да биде со сртот на Јабланица каде што е граничниот премин Ќафасан, а овде овие четри општини што говориме се Струшко поле издвоени се од Струга. Тие се по течението на Дрим, на Сатеска, Караорман и навистрина географски се издвоени од Струга. Ние во Струга доволно сме направиле што селата Франково, Радолиште каде што живее албанско население, сме направиле како власт заеднички да не заборавиме во 1996 година немаше опозициона структура, таа беше надвор од парламентот. Во 1996 година е донесен овој закон за кој што сега говорам, јас за овие општини велам дека е добар закон.

Добар закон е. И тогаш била некоја позиција која што донела, меѓутоа, според мене со многу далеку поголеми просторни можности за маневри, кои што се сега за жал еве министерот ги нема и не може да прифати одредени отстапки. Отстапки од позицијата се потребни, а кога се прават отстапки помеѓу коалициони партнери, отстапка по отстапка и на крај последната отстапка ќе биде, за жал, можеби отстапката на централната државна власт по некои многу клучни прашања.

По прашањето за локалната самоуправа, мислам дека ние мора да имаме единство на потегот Струга, на потегот Кичево и на двојазичноста на Скопје, ако сакаме да излеземе сите здрави и ако сакаме да излеземе сите весели од оваа ситуација, не весели во смисла на радост, туку да излеземе со една долгорочна перспектива како Македонија, како држава, која што согласно европските стандарди се приближува до

Брисел и се приближува до Гроналд, центарот на Европската локална управа. Сега, зошто го говорам ова за овие четири општини дека не можат да имаат механички временски рок и дека ќе одат така до 2008 година, а потоа ќе ги споиме во Струга, затоа што тоа не е природно. Овие четири општини треба да опстојат, се согласувам и ќе го поддржам тоа, но не до 2008 година, туку да опстојат до таму додека не каже времето или потребите на граѓаните. Ние до 2008 година сигурно ќе донесеме закон како може една општина да се расформира и да се формира. Тоа ќе мораме да го направиме. Ако тоа го направиле словенците, тие многу работи направиле во 1991 година, а ние ги направивме после 10 или 15 години, а ќе мораме да ги направиме. Затоа, тие се во Европа, а ние сме на почетокот на европскиот пат. Во овој Парламент сме дискутирале дека треба да го следиме примерот на Словенија, сега навистина треба да го следиме примерот на Словенија, да ги копираме во делот на локалната самоуправа тоа што го прават.

Во делот на Струга, ако има подрачје од 136 км2, тоа не е подрачје за занемарување, тоа значи едно од средните општини со 35 илјади жители. Исто така во тој дел на северозападното протегање на Охридското Езеро, потребно е тој дел да има доволен простор да се развијат економски, културни, па би рекол сите други аспекти на меѓуетничка, на културна соработка, на сите аспекти на она населние кое живее таму, а тоа население ќе го кажам. Значи, во општината Струга живеат македонци 55,6%, албанци 37%, турци 2,8%, срби 1,5% со пописот од 1994 година во 18 населени места. Постои извонредна етничка хармонија во општината Струга во сите етнички заедници.

Во градот Струга од 15.641 жител, македонци се 61,3%, албанци 25%, турци 5,2%, власи 3%. Едноставно, сета оваа етничка разноликост и богатство и за општината Струга и за Македонија овозможува навистина да дадеме виза, пред се, од парламентарното мнозинство на еден начин како тоа да се избалансира и да дадеме виза таму каде што навистина нема проблем, да не правиме проблем. А, тука нема проблем, тука има двојазичност, тука имаме човекови права и слободи и индивидуални колку сакате, но сега ние не можеме да правиме колективни човекови права за одредена етничка заедница. Ќе им ги земеме колективните права на турците од Жупа, а ќе им ги дадеме колективните права на македонците од Кавадарци. Мислам таа работа не бива. Тука треба да бидеме

свесни дека и тука таа работа не бива, дека не можеме да правиме колективни етнички права за албанците во Струга, оти луѓето таму како албанци си ги имаат своите индивидуални човекови права, а тоа е пресудно од правото на својот двор, на својата улица, своето маало на Караорман, Фудбалскиот клуб "Струга" е индивидуално човеково право. Индивидуална определба е за кого ќе навивам и каде ќе седам, тоа не е колективно право. Колективното етничко право не постои во она што претставува модерен облик на локална самоуправа, на единица на локална самоуправа.

Од тука, со една ваква конфигурација, со една ваква разноликост и етничко богатство, јас тоа го нарекувам богатство, ние ќе дојдеме во ситуација природно, повторно ќе кажам како што зборував за Скопје, не е проблем, ние сме свесни за стапката на наталитет на македонското население, за стапката на наталитет во албанското население. Секаде во Европа имаме негативна тенденција на демографскиот прираст и тоа е во Македонија, освен во домовите каде што живее албанско население или пак во деловите  и во Турција е таа стапка исто позитивен демографски тренд. Така и во Македонија, ние треба да бидеме со отворени очи кон визијата. За пет, седум, осум, за 10 години по природен пат ќе си настанат природни процеси. Зашто и локалната самоуправа е природен процес. Ние не можеме природниот процес на локалната самоуправа на живеењето на граѓаните да го сведеме на тоа, сега механички ќе ги поделиме и ќе ги направиме во етнички, географски рамки, во економски рамки кои што ќе бидат перфектни. Јас не велам дека во 70% од предлогот дека не е така. Навистина, има издржани предлози, дека е тоа така и дека треба овој закон да биде така донесен. Меѓутоа,  за отповикувањата за кои што сите сме повикани, почитувани пратеници, ние мораме еднаш во македонскиот Парламент како што се согласивме за референдумот за независност, како што треба да се согласиме за грбот на Македонија утре, ќе мораме еднаш да го донесеме грбот на Македонија. Ние не можеме вечно да бегаме дали ќе биде лавот или ќе биде нешто друго, треба да го донесеме грбот, а ние бегаме од тоа. Поддржете го предлогот на опозицијата, верувам ќе го прифати и коалициониот партнер на албанската политичка партија, како што и тие се свесни дека во одредена димензија природниот процес си ги материјализира односно создава претпоставки за

материјализација, за доминација на демократијата и во делот на етникумите. Ние тие процеси не можеме да ги запреме од хумана димензија. Тие си течат и ќе си дојде тоа што треба да дојде. Ништо не може да настане ако не постојат претпоставки тоа да настане во Република Македонија.

Од тука, мислам дека треба навистина да не прифатите со нашите дискусии, затоа што пак ќе дојдам до делот на онаа друга димензија, а таа е еконмската димензија. Во Струга, ако некаде еве можеме да се пофалиме за интер етничко живеење, има три македонско чисти села, четири чисти албански села, пет мешани села, каде што две се со македонско мнозинство, три со албанско мнозинство, едно влашко село, па тоа е богатство за една држава. Тоа е богатство од аспект на тоа што претставува културна придобивка на една земја која што може да се пофали дека е многу поразвиена за човековите права, од некои западни земји кои што ни држат предавање и семинари тука како се решаваат човековите права и граѓански слободи. Ние, во тој дел имаме претпоставки, а во овие села имаме и ресурси. 12.750 ха. се обработливата површина во струшкото подрачје на општината Струга на 136 км2. Тоа е една огромна површина овие 18 населени места во сегашниот струшки регион и овие што ги говорев 6000 ха во струшкото поле кое е во потегот во долното течение на Дрим, едноставно нема зошто ние да правиме вештачки интереференци само од политичка природа. Тука, јас лично можам да кажам дека ко порано беше вклучена опозицијата, транспарентно во овој процес и вие не можете да избегате од критиката како парламентарно мнозинство, право на демократијата, да кажеме ако вие ја вклучивте опозицијата порано, како што во 2001 година се вклуи опозицијата, ние немаше да имаме сега вакви проблеми. После 10, 15 или 20 состаноци ќе се искристализирташе некаков став, ќе имавте отстапка за некои прашање и пред Меѓународната заедница и пред коалиционите партнери. Вака, ние доаѓаме до тоа пак да бидеме одбиени по прашања кои што ќе навлечат психолошки грев, затоа што бавењето со политика е немир. Политиката не е само презентација на став пред јавноста, пред македонската јавност, туку тоа е и внатрешен немир. Ние тука решаваме клучни прашања, од кои што утре зависи можеби цели преселнички движења, Можеби од тие 3.500 домаќинства кои живеат на потегот на селското население, можеби

ќе настане после определувањето на локалната самоуправа, ние не знаеме, ние претпоставуваме дека ќе одиме кон демократија. Но, што ако почне во ракавици иселување од општината Струга така како што ја замислуваме сега конгломератот 63 илјади жители, ќе биде поголема општина, од општината Охрид. Прво, нема географски претпоставки да биде поголема општина Струга од општината Охрид по број на население, а ќе биде поголема. И, што ќе се случи, ние сите ќе бидеме одговорни, јас исто лично чувствувам одговорност и не поставувам никакво прашање тука. Но, што ќе се случи ако настане голема преселба на семејства од Струга во Охрид, мислам на македонски семејства од Струга во Охрид или пак на албански семејства од Охрид во Струга да биде еквивалентно и рамномерно. Значи, за двете етнички заедници мораме да кажеме дека мораме да бидеме односно да гледаме со отворени очи кон нешто што претставува можеби невистина за сите нас, меѓутоа, некаква можност да се разбереме и во иднина повторно да живееме заедно, да се разбираме, можеби да се разбереме и на дистанца, но да имаме некакви претпоставки за отстапки помеѓу позиција и опозиција. Зашто, пак ќе кажам, отстапките само во рамките на опозицијата, доведуваат до неприродни процеси. Кога се вклучува и опозицијата во една демократија, тогаш имаме односно немаме диктатура со демократија, тогаш имате оправдување, ќе кажете и опозицијата застана зад овој предлог и донесовме ваков или таков закон.

Би привршил со дискусијата по овој амандман. Тука можеме да имаме и реплики, да дебатираме, меѓутоа, некогаш е нужно. Јас долго се мислев дали да настапам по овој амандман. Оценив дека е добро да настапам, затоа што сметам дека начинот ако се постави така како што се поставува со зајадување и со префрлање на едни како пријатели на амандманот и на Владата, други како непријатели, дека ние не постигнуваме ништо и сметам дека ваквиот пристап, ако го гледаме кохезионо македонското државно ткиво, ќе овозможи можеби и ќе дадеме простор на Владата ние како опзиција, па тие пикови за кои што говорев дека се клучни за иднината на Република Македонија во делот на парламентарната демократија, дека можеби ќе се направат и некои решенија, кои утре министерот ќе ни ги предложи сите заедно како што сме правеле во овој македонски

Парламент во други состојби што сме ги правеле, да ги изгласаме со акламација. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Почнуваме со првата реплика.

Повелете господине Џафери имате три минути време.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ви благодарам господине претседател.

Ќе се обидам по ред да одам со тезите кои ги поднесе господинот Ѓорчев. Ќе започнам од тезата и примерот во Словенија, кој според него и според сите се сложуваме дека Словенија треба да биде модел врз кој треба да се базираме. Но, тој модел не го кажувате до крај господине Ѓорчев. Не го кажувате, затоа што системот на организација на власта во Словенија е двостепено. Освен општините има и региони. Кога ние би предложиле еден ваков модел, се разбира, се знае поради што ќе не обвините. Затоа, нема да продолжам во врска со ова повеќе.

Зборувате за Струга од 1996 година до денес. Дали Струга не постоела до 1996 година? Што беше Струга до 1996 година, кој беше во Струга во 1996 година? Дали можеби селата во 1996 година беа рурални општини, биле на друго место, како што некој ги нарече албански села. Да, тоа се албански села, населени со албанци, но се наоѓаат на територијата на Република Македонија. Вие знаете кога се поставени тие граници, господине Ѓорчев.

Зборувате за наталитетот. Ние, навистина, воопшто не сме виновни албанците, ниту на Европа која што има намален наталитет, меѓутоа, ние го знаеме тоа и нема потреба да се потсетуваме во врска со тоа. За тоа треба вие да мислите.

Поставивте една погрешна теорија и многу опасна на крајот од вашиот говор, теорија за раселување на македонски семејства од Струга и раселување на албански семејства од Охрид. Господине Ѓорчев, во психологијата ова се нарекува повик за акција. Вие, дефакто, македонските семејства во Охрид ги повикавте на акција за да се изврши пресија врз албанските семејства таму, а истовремено оваа теорија навистина внесува страв кај семејствата во Струга, кај македонските без причина не треба да ги

заплашувате со оваа теорија. Како и да е одговорноста за да одат работите натаму, како што вие ги предвидувате, ја имате вие, како што ја имате одговорноста и за вчерашните настани, се обидовте да ја дезинформирате јавноста, но и Парламентот со наводно проблеми околу колоната, која што протестираше со возила низ Скопје. Навистина, пгрешни се овие тези господине Ѓорчев, немој да ги сеете. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Ѓорчев, контра реплика.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Македонија има региони и ќе дојде време кога ќе бидеме и ние двостепена управа, езерски регион, полог, тиквешки регион, ословски регион. Ќе дојде тоа време, ние само да ја следиме Словенија.

Второ, Струга во 1996 година се приклучи регионот со многу населени места со 19 илјади жители. Значи и тогаш се мислело како Струга да опстои.

Трето, наталитетот го зборував во позитивна димензија. Тоа е придобивка за државата. Секогаш младата популација е добивка.

Четврто, за раселувањето, јас говорев ако ме разбравте психолошки тоа да го спречиме. Но, говорев и за тоа што ако се појави како да дејствуваме. Како парламентарна демократија сите да ги вклучиме. Точно е тоа дека јас се чувствувам одговорен, ама секој треба да се замисли одговорноста не е само, би рекол, вистината не е единствена. Вистината не се докажува, ниту одговорноста. Таа сама излегува на виделина, па ќе видиме кој кога бил одговорен и за што. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Алити имате три минути реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе.

Навистина, јас со внимание го проследив почитуваниот колега Ѓорчев, но не можам да се согласам со еден дел од неговата дискусија, посебно со делот спомна дека плодното земјиште е покрај езерата, како што е Охридското Езеро, Преспанското Езеро и тн., нешто што е така како што го рече тој, но не значи дека со новата територијална

организација, тие земјишта нема да бидат плодни и нема да им припаднат на Охрид, на Ресен и тн. Повторно тоа земјиште ќе им припадне на стружаните и на жителите на Охрид или Ресен.

Тоа што го лансираше колегата Ѓорчев, тезата дека албанците треба да бидат задоволни со граѓанските права, мислам дека не држи. Не држи, поради причините дека албанците не се работници или гастарбајтери кои дојдоа да работат тука, туку албанците се автохтони жители кои живеат со векови овде во Република Македонија. Нормално, ние ги бараме нашите колективни права, покрај индивидуалните, значи и колективните права господине Ѓорчев. Додека во однос на раселувањето, навистина јас не би го коментирал ова, бидејќи ова го коментираше колегата Џафери, но не е добро за граѓаните кои ја следат оваа седница, не е добро поради причината дека не би било добро ова нешто да се случи ниту на албанците, ниту на македонците, па ниту на припадниците на други етнички заедници. Во однос на советите што господинот Ѓорчев се потруди да ги даде на позицијата како треба да работи, јас го разбирам дека тој е еден пратеник од опозицијата и другите пратеници кои не сносат одговорност толку, колку што ја сносат одговорноста на пратениците кои ги носат законите. Како и да е, доколку го донесовме законот за децентрализација, ние ќе бевме критикувани од ваша страна. Но, не е добро што се критикуваме врз етнички основи, бидејќи ако се вратиме и пред 1996 година со територијалната подебла ние како албанци, овие територијални поделби сме ги почувствувале дека се вршат или е наш впечаток дека се вршат на штета на албанците. И тие поделби се вршени врз етнички основи. Но, слушајте господине Ѓорчев, да привршам. Струга треба да ја изградат стружани. Охрид треба да го изградат охриѓани. Ресен треба да го изградат ресенчани и тн. Исто така, Струга треба да ја сакаат сите стружани, независно на која етничка заедница и припаѓа. Ова ќе биде иднината на Македонија и иднината на Струга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута котра реплика господине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Најнапред, уште еднаш да кажам на пратеникот Алити дека мојата дискусија немаше критика по етничка основа, туку напротив се надевам дека беше дискусија за правата на граѓаните на Република Македонија, независно на која етничка основа и припаѓаат. А, тоа што говорев за непорекливоста на индивидуалното право пред колективното, затоа што ако гледаме колективно непорекливи се вашите права, тогаш се непорекливи правата, колективните права на македонците. Од тој аспект тука не можеме да дискутираме. Затоа, подоро е да се држиме на индивидуалните човекови права, поголема степен на организираност, кохезија заедништво ќе постигнеме и понапред ќе одиме како граѓани на Република Македонија.

Инаку, во целост, уште еднаш ќе кажам нема потреба нешто да мистифицираме, да кажуваме нешто во ракавици. Јас говорев отворено, најпријателски кон сите политички субјекти во Република Македонија, не како совет, туку едноставно како мислење, кое што мислам дека може да придонесе. Немаше зла намера, имаше добра намера да се кажат сите работи, да се отворат некои таму теми за кои што се молчи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Ѓорчев.

Господине Жерновски имате реплика од три минути.

Повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван господине Ѓорчев,

Вие знаете многу често уживам во вашите дискусии, ова беше таква и ви честитам на конструктивното учество во оваа расправа. Како млад и помлад колега од вас секогаш можам да научам многу од вашите дискусии.

Спомнат е договор од вашата опозиција и тука се согласувам со вас. Јас сум еден од оние кои што тврдат дека мора да има договор помеѓу власта и опозицијата, особено заради вакво исклучително прашање. Особено сум поборник на ставот дека треба да има договор меѓу македонските политички партии, без разлика дали се на власта или не во

Парламентот и се надевам дека такво нешто ќе успееме да постигнеме кога ќе развовараме за грбот, како што вие го спомнавте тоа.

Меѓутоа, сакам да ве уверам дека немаше слух и од вашата страна, конкретно од вашите лидери на политичките партии, за да се постигне договор. Јас би сакал и тие да се конструктивни како што вие бевте сега во вашата дискусија, а особено да го спомнам господинот Балковски како пример за таа конструктивност. Во Маврово, од вашите колеги од опозицијата се спомна како дијалог, беа поканети и претставници од вашата политичка партија, кои што не се вклучија онака како што беше предвидено во врска со оваа тема. Амбасадорот Петерсен кога го прашаа, односно амбасадорот на Европската Унија во Република Македонија на прашањето што мисли за вклученоста на опозицијата, односно на критиките на ВМРО-ДПМНЕ дека не е вклучена во овој проект изјави, а со кого тоа власта да разговара, кога таму за жал се случуваат некои поделби. Јас не ја експлоатирам таа тема бидејќи и во мојата партија се случува таа поделба.

Јас сакам да ви кажам дека да бидеме до крај искрени дека и двете страни се виновни што во овој случај немаше договор помеѓу власта и опозицијата. Се надевам дека ќе извлечеме некоја поука за идните битни прашања во оваа држава и очекувам дека во оваа држава ќе постигнеме согласност понатаму. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Јас можам да кажам дека навистина немам учество во преговорите, како што можеби вие имате и можеби сте подобро запознаени начелно за принципиелни аспекти на соработката и мислам дека ако ништо друго во иднина така ако работиме ќе биде за благодет на сите граѓани на Македонија и на овој Парламент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега збор има господинот Трендафилов, а нека се подготви пратеникот Лилјана Поповска.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине Јордановски.

Сега се можеби на дневен ред амандманите кои најочигледно ја изразуваат политичката филозофија на самиот предлагач на СДСМ и неговиот клучен коалиционен партнер ДУИ, како тие го сваќаат процесот на територијалната организација на Република Македонија и воошто процесот на децентрализација.

Во изминатите денови, во неколку наврати зборувавме дека воопшто не станало збор за процес на децентрализација, кој би требало облиците на власта да ги приближи до граѓаните и да им овозможи што поквалитетни услуги конципирани во демократскиот процес на донесување на овие објекти кои се однесуваат на секојдневниот живот на истите тие граѓани.

Сега имаме две спротивставени гледишта, тоа е предлогот на Министерството за локална самоуправа, на видоизменување на општина Струга, на напуштање на принципот како што таа била уредена согласно Законот од 1996 година и амандман кој се залага за спротивното, општината Струга да остане во своите административни граници, регулирани согласно Законот за територијална организација на Република Македонија од 1996 година. Ништо необично за парламентарното живеење со две спротивставени гледишта кои третираат една иста појава, освен ако не се појави амандман кој бара временски период од четири години, кој малку ме збуни, затоа што и предлагачот на истиот амандман на почетокот на една сезија говореше после паузата, кој ме збунува, затоа што некои аргументи кои беа оспорувани беа кажувани од страна на ВМРО-ДПМНЕ, беа оспорувани од страна на некои пратеници од СДСМ дека ние немаме аргументи за тие тврдења, воопшто на амандманската расправа, за жал не упатува во насока сепак, во тоа сум крајно убеден дека СДСМ и ДУИ не размислуваат во насока да се направат да се започне или законски да се модифицира регулиран на начин што би одговарал на граѓаните целиот систем за децентрализација.

Кога спориме и за владиниот предлог и за амандманските решенија, барем добар дел од клучниот коалиционен партнер на СДСМ, пратениците од редовите на ДУИ не упатуваат практично почнувајќи од утринава на новата реалност, иако ние се обидуваме

да сватиме за каква нова реалност станува збор во Република Македонија никако не можат дел од нас да сватат дека има некаква нова реалност, ако некогаш се користат аргументи за или против овој амандман, па што би пречело ако се прифати предлогот на Владата на Република Македонија, општината Струга да се врати пред територијалната организација на Република Македонија во 1996 година.

Овие две тврдења се во спротивност, затоа што или ќе дискутираме од аспект на таканаречената за некого нова реалност, за некого кошмарна реалност, или ќе дискутираме од аспект на состојбите од 1996 година. Тие два момента се исклучуваат еден со друг. Не можеме истовремено да зборуваме за новата реалност и за Законот и за компарациите до 1996 година. Ќе бидам љубезен или нема да побарам да се врати претставникот на Владата, ќе полемизирам со дел од моите колеги пратеници, кои се сега присутни.

Амандманот кој се јавува меѓу овие две крајно различни тврдења како да се организира општината Струга, не навлегувајќи во сите оние настани кој се случија во рамките на демонстрациите кои беа во тој град. Останува за жал прашањето од четири години како предлог и тоа прашање предлагачот на амдманот го поврза со решение кое се однесува на една друга општина и ги истакна предностите на тоа решение, што е добро за таа област.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не зборуваме господине Трендафилов за тој амандман сега. Зборувме за овие четири општини.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Предлагачот на амандмаот за Струга во кој се вели дека треба да се прифати, тоа го искористи како еден од аргументите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие не се пријавивте за реплика. Вие се пријавивте за расправа. Според тоа, расправајте по амандманот, а кога ќе дојдете по амандманот можете да зборувате за размислувањата на предлагачот. Тука има повеќе предлагачи.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во секој случај, точно е тоа што го кажа еден од претходните дискутанти, дека општината Струга, така како што се сега регулирани административните граници, функционира добро, нема проблем, освен оние проблеми кои се идентични за сите граѓани кои живеат на територијата на општина Струга, без оглед на нивната вера, раса или боја на кожа. Значи тие се проблемите со кои се среќаваат жителите на Струга и сега се појавуваме ние и како Собрание на Република Македонија и воопшто како држава и создаваме проблем на територијата на таа општина. Причините поради кој тоа се прави, за жал не се во смисла да се подобри во функционална смисла да се подобри животот на граѓаните на Струга, впрочем како и сите останати амандмани за кои ние зборуввме, туку едноставно, станува збор за она што се прави знаете како се прави одбележување на територијата. И тука нема ниту трошка вистина во намерата тоа да го прикажеме дека е крајната намера, а тоа е дека ние се обидуваме да ја децентрализираме власта во Република Македонија. Можеби треба да го употребиме посоодветниот збор дека сакаме да ја дезинтегрираме власта, значи институциите на Република Македонија и никако не може да стане збор дека ние со овој владин предлог, дека ние ќе успееме да ја децентраизираме власта на територијата на сегашна општина Струга. Аргументот зошто не треба овој амандман да биде прифатен, значи зошто е добро да остане и понатаму, односно да се врати на статусот од 1996 година, го кажуваат луѓе кои навистина имаат искуство во бришењето на границите. Тие доста главоболки ни создаваа во минатото, токму бришејќи една од границите на Република Македонија, тоа е нашата северна граница, но тоа сепак не е европскиот начин на бришење на границите. Занемарувајќи ги човековите права за сметка на колективитетите. Нешто во таа насока зборуваше господинот Ѓорчев и беше кристално јасен и чист. Дека таа исклучивост и цел господинот Балковски како еден од првите дискутанти на оваа тема го истакна карактерот во смисла и на популација и на етничка застапеност и на македонците и на претставници на малцинските заедници во Република Македонија и верувам дека сите сме помалку или повеќе согласни дека таа функционира добро. Единствени проблеми им се тие што ги имаат, како што ги имаат сите луѓе без да се повикуваат на својата вера, раса и боја на

кожата. Сега ние ќе се обидеме за сметка на македонците за да докажеме дали да се легитимираме пред гласачко тело или незнам пред кого дека ние успеавме македонците во Стргуга да ги направиме малцинство и дека тоа е децентрализација. Неможам да сватам како може да биде тоа децентрализација, ако основното тврдење биде успеавме да ги сведиме македонците на малцинство. Апсолутно не постои ниеден логички, ниеден нормален, разумен и човечки аргумент кој некој би го искористил да ги легитимира своите политички погледи во процесот за децентрализација со тоа што ќе се дефинира себе си дека стои на страната на оние што велат дека децентрализацијата е успешна, доколку ги сведеме македонците на малцинство. Или доколку им покажеме на македонците дека тие се малцинство. Ние како Собрание, верувам дека повеќе или помалку, повеќето пратеници барем се надевам за одредени точки кои се на дневен ред се обидуваме со поголемо внимание да говориме за нив, за да не предизвикаме дополнителни радикализации на одредени состојби. За жал, почитуваната колешка од Струга се повика на една поговорка, како поткрепа на своите амандмани, но покрај бреговите на Охридското Езеро има еден многу убав стих кој вели:"Лицем светци, срцем волци". Расправата овде во Собранието би рекол дека во голема мера, воглавно одредени пратеници од СДСМ и од ДУИ, во врска со административните граници на општината Струга, личи токму на содржната на овие стихови. Ние можеме овде да зборуваме многу кротко, многу убаво, но за жал, пораката која се праќа, не само за граѓаните на Струга, не само за македонците и за албанците и за турците и за власите и сите тие што живеат таму, за жал обратно од ова овде што се зборува. Дури и во реалност се гледа така. Сосема случајно во еден дневен весник на албански јазик, јас денеска пред извесно време ја читам завршницата на еден прилог. Прилогот завршува со зборовите:"Албанците повеќе нема да бараат, албанците ќе земаат она што им треба". Но јас колку што знам во оваа земја постојат одредени закони кои точно дефинираат кој што може да земе, дали некој воопшто има право да земе, или нема право.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За амандманот ќе ве молам господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи зборувам дека целата атмосфера околу оваа амандманска расправа во поглед на административните граници на општина Струга и нејзината иднина, е дополнително обременета со одредени случувања во самата општина во Собранието на Република Македонија и однесувањето на институциите на Република Македонија во насока која е обратна од прокламираните намери. Наместо државните институции да бидат тие кои ќе даваат тон за смирување на состојбите, државните институции ги прават поборни состојбите. Интенцијата на овие институции е дефинирана сосема поинаку. Кога зборуваме за амандмаот кој се однесува на Струга и за нејзиниот период од четири години е токму таа причина за која зборувавме и пред малку дека тоа неможе да се случува во Република Македонија без некакво рационално објаснување. Можеби можеме да дојдеме до некакви решенија, каде што ќе дефинираме, зошто некој исклучок е исклучок. Не можеме ние да се однесуваме, да расправаме за законски педлог за општина Струга да расправаме и да се појавува предлог кој општина Струга ќе ја третира како да е таа надвор од границите на Република Македонија. Што се очекува во овој четиригодишен период, а за разлика да ве потсетам барањата од другата страна се секогаш сведени на следното. Веднаш и сега, без да се користат овие аргументи кои се користат. Да се видат резултатите и да се оствари еден природен, логичен развој во секоја смисла културолошка, социолошка, економска инфраструктурна. Промените се еволутивни, промените не се револуционерни, не се радикални, тоа неможе да биде поврзано со граѓанското општество со идивидуални права. Радикализмот и револуционерните решенија веднаш и сега најблагоречено некој ќе ги оквалификува како инфилтрирани барања. Ние гледаме дека тие инфилтрирани барања за жал ги радикализираат состојбите во Република Македонија и сега ние зборуваме, а некој од нас може да зборува од позиција на нова реалност, а некој од нас неможе да зборува од позиција на нова реалност. Таа реалност за некој е кошмар на реалност. Затоа амандманот е неприфатлив да чекаме четири години, макар што незнам што ќе чекаме.

Општина Струга, или ќе остане во сегашните административни граници заради рационалното образложување, заради тоа што дури и оној што вели дека е нова

реалност, токму заради таа нова реалност општина Струга мора да остане во сегашните граници за таа нова реалност да има двонасочен однос, двонасочна комуникација. Не може новата реалност во Република Македонија да вели македонците на територијата на градот односно општината Струга ќе станат малцинство и тоа е новата реалност и таа реалност треба да биде прифатена. Апсолутно е таквиот став бидејќи воглаво за тоа и зборуваме. Тоа се двете спротивставени  тврдења. Апсолутно неможам да го прифатам ставот дека општина Струга  треба да стане 65.000 жители, кон општина Струга треба да се приклучат соседните општини, доколку сакаме да градиме двонасочна комуникација, доколку македонското општество, македонската држава всушност, ќе го поттикнува развојот на граѓанското општество, би било доблесно и тоа можеме да го покажеме многу брзо. Можеме да се откажеме од дебатата сите што сме пријавени и на општина Струга да ги оставиме границите такви какво што се сега. Инаку, доколку помине  владиниот предлог тогаш верувајте дури и најдобро намерните граѓани во земјата нема да видат ништо двонасочно во таа нова македонска реалност која одвреме навреме некој се обидува да не потсети.

Значи како еден од потписниците на амандманите за кој зборуваме апсолутно, останувањето на општина Струга во сегашните граници ќе даде навистина знак дека нешто во Република Македонија имаме можност да ги приближиме во позитивна насока.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине, Хусеинџевад Хусеини, повелете реплика три минути.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Дали старата територијална поделба која ние се обидуваме да ја измениме ја донесе Македонија во една длабока криза од која едвај се спаси? Измените кои сакаме да ги направиме, кризата почитуван млад колега на кинески јазик има еден збор за криза и ист збор за шанса. Коалицијата се обидува кризата да ја претвори во шанса, а вие се обидувате кризата да ја продлабочите и да ја задржите како криза.

Дијагностицирана е болеста на нашата држава, а тоа беа не добри односи меѓу етникумите. Терапијата е донесена, а тоа беше Охридскиот договор, што неопходно бара

промени. Охридскиот договор не е цел, Охридскиот договор е терапија, а целта е право во државата или на државата каде граѓанинот сам својата судбина ќе ја воспостави врз своите способности, сепак судбина дадена од Господ.

Ние се бориме на парламентарен начин сите наши деца да имаат истоветна шанса во својот живот, ист старт, па нека се покаже способен, а способниот ќе се грижи и за тој што не е способен.

Дозволете да се излечи оваа држава од болеста, доколку учествувам во овие дискусии сигурно се чувствувам себе си, а верувам дека и вие. Ова не е Берлински конгрес господа. Не станува збор за поделба, за измена на државна граница, станува збор за преобразба, за реорганизација, за барање патишта за нова шанса. Ние не сме во состојба ниту да ги воспоставиме границите ниту да ги разурнеме, а вие тоа добро го знаете ниту албанскиот ниту македонскио народ сме ги поставиле овие граници. Доколку сакате тоа да го направите, а и да сакаме ние не можеме да го направиме, тоа најдобро може да се види кај вас пред 10 години прокламиравте дека конгресот ќе го одржите во Солун, а го одржавте? Не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мислам дека околу почитуваниот колега седат неколкумина негови колеги кои можат попластично да му објаснат како се руши границата, јас немам такво искуство, а не сум лекар и се плашам дека сепак со моето скромно познавање од таа област еутаназијата не може да биде оквалификувана како тератија. Ова што сега го препорачувате, доколку сте добронамерни, го ставате во таа содржина, вие правите еутаназија на Македонците, од што не сакате, претпоставувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Поповска, а нека се подготви госпоѓа Бонева.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам почитуван господине претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Давам поддршка на амандманите што се однесуваат на опстојување на сегашната територијална организација на општина Струга и околните рурални општини.

Поддршката ја давам од неколку причини.

Прво, концептот што се нуди со амандманите се совпаѓа со концептот што мене ми е прифатлив. Тоа е изразито децентрализирана локална самоуправа и поделба на селски и градски општини. Овој концепт би бил целосен со постоење политипни општини, што верувам дека секако ќе биде предмет на идни расправи на овој или на некој друг парламентарен состав.

Втората причина поради која ги поддржувам амандманите е тоа што сметам дека целосно се исполнети сите критериуми за постоење општини формулирани со предложениот закон. Нема да навлегувам во аргументираност, ја слушав дискусијата на мојот колега од ЛДП господинот Нелковски и сметам дека како роден стружанец многу добро ги презентираше аргументите зошто треба Струга и околните општини да останат во сегашната состојба. Јас ги прифаќам тие аргументи и ги поддржувам.

Трета причина поради која ги поддржувам овие амандмани е волјата на граѓаните. Ја спомнувам како трета причина, но не како последна, имено, и во Струга и во Лабуништа референдумите беа многу убедливи. Од друга страна и расположението ширум Македонија беше многу јасно искажано од различни сугестии и поединци.

Ќе завршам со тоа што токму Струга заедно со Кичево и Скопје се причина за создавање тензии какви што одамна не сме виделе во нашата земја. Сметам дека тоа не е добро за земјата, а не гледам дека е потребно и неопходно да се оди по овој пат.

Затоа со поддршка на овие амандмани би сугерирала тоа да се прифати и од колегите пратеници, мислам дека на тој нажин бинаправиле нешто добро за земјата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почнуваме со првата реплика. Повелете господине Рафис Алити имате реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Навистина потпретседателката елаборираше зошто ќе ги поддржи амандманите предложени од страна на опозицијата и амандманите сигурно ги има предложено самата таа. Во текот на кратката дискусија рече дека имавме многу успешни референдуми. Ќе и поставам едно прашање на колешката доколку и ние другите политички партии од позицијата им дадевме сигнали на населението да одржи референдум, еве на пример ДУИ да дадеше сигнал на албанското население во сите општини и села, сигруно дека денеска ќе имавме хаос во Република Македонија. Тие референдуми беа еднонационални, не беа референдуми на сите граѓани на Република Македонија. Мислам дека тензиите се кренати на неприроден начин за да се спречи оваа Влада и оваа власт во својата визија за иднината на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпоѓо Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван колега, кога зборуваме за референдумите ги спомнав Струга и Лабуништа, за составот и изјаснувањето на луѓето нема да зборувам, знаеме и двајцата, значи не се работи за едно национални референдуми односно луѓето од Лабуништа процениле дека би им било најдобро да живеат сами и сами да се организираат. Таа теза ви пропаѓа.

Второ што велите дека тензиите се создадени на неприроден начин, не се согласувам, напротив, за прв пат во Македонија се случува обединување по некое прашање независно кој од каде доаѓа, од која политичка партија и мислам дека тоа е нешто што доаѓа сосема спонтано и природно. Тука не гледам дека има организираност ниту гледам некоја сила која би можела тоа да го организира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева, а потоа нека се подготви пратеникот Блаже Стојановски.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, господине министре,

Како еден од предлагачите на овој амандман сакам да го искажам своето мислење зошто сметам дека општина Струга во границите кои ни ги предлага парламентарното мнозинство и извршната власт дека не се прифатливи и не се за доброто на граѓаните од општина Струга и од четирите општини кои во моментот се укинуваат и се припојуваат кон општина Струга.

Во овој случај конкретно во случајот со новата општина Струга излегува на виделина фарсата од примена на божемните критериуми врз основа на кои се прави оваа децентрализација, тука најмногу се гледа дека ниеден критериум не се применува, туку само демагошки се зборува за критериуми, а основниот критериум кој во овој случај е применет во случај на новата општина Струга е етничкиот критериум кој сите добро знаеме дека не треба да биде основ за идната територијална организација на општините во Република Македонија, а најмалку за ревидирање на границите нешто што е земено како обврска од Рамковниот договор.

Ќе повторам, тоа е наспроти основните принципи од Рамковниот договор точка 1.2. каде јасно зборува дека не постојат територијални решенија за етничките прашања.

Зошто го велам тоа дека единствен критериум е само етничкиот критериум. Ако општина Струга досега опстојуваше во граници во кои бројот на жителите беше некаде околу 36 илјади, а сега се додаваат уште 4 општини заедно со општина Струга и тоа општина Велешта која има некаде околу 7 илјади жители, па Делогожди со 6561 жител, Лабуништа со 9300 жители и најмалата по број на население општина Луково, а со најголема територија од овие 4 општини над 1900 жители.

Значи, вкупниот број на жители во овие 4 општини кој се додава на општина Струга е нешто повеќе од 25 илјади жители. Ако го земеме фактот дека општина Велешта, општина Делогожди од 1996 година до сега доживеа свој сопствен развој, понатаму општина Лабуништа, општина Луково, вистински економски развој и можност за враќање на иселеното население и тоа јасно го искажаа преку референдумите кои ги одржаа општина Лабуништа и општина Луково, во кои јасно ја искажаа волјата на населените во овие општини дека сакаат и понатаму да опстојат и самостојно да се развиваат и дека

навистина нестрпливо го чекаат овој процес на децентрализација кој ќе им овозможи на нивните граѓани подобри услови и подобри можности за живот.

Меѓутоа, со оваа територијална организација која се предлага единствено нешто што се прави тоа е зголемување на процентот на албанското население во новата општина Струга, а намалување на процентот на македонското население. Со бројки тоа би изгледало вака. Во моментот општина Струга има некаде околу 20 илјади Македонци, а нешто повеќе од 14 илјади Албанци, додека во новата општина Струга која сега од 36 илјади се зголемува на скоро 64 илјади жители, си останува бројот на македонското население нешто малку над 20 илјади, а албанското населени од 14 илјади се качува на 36 илјади.

Овде постојано се зборува за мултиетничкото живеење на граѓаните во Република Македонија и посебно на граѓаните во општините каде имаме повеќе етнички заедници.

Јас навистина не можам да сватам кога општина Струга еден прекрасен пример на мултиетничко живеење на повеќе етнички заедници, што е причината на тоа упорно инсистирање во таа општина да се спојат плус овие 4 општини за да може да се постигне мнозинско албанско население дури по цена на примена на сила за да се скроти револтот на граѓаните од постојната општина Струга.

Истото прашање го поставив, почитувани дами и господа, кога зборувавме за општина Гостивар и не добив одговор зошто тогаш селото Бродец неприродно кое не припаѓа на општина Гостивар се припојува кон општина Гостивар само заради фактот општина Гостивар да излезе на тромеѓето Албанија, Косово, Македонија. Тогаш не ми беше одговорено, меѓутоа, ја правам споредбата само заради тоа што и овде во овој случај немаме одговор зошто упорно се инсистира на мнозинско албанско население во општина Струга и навистина остава простор за сомнеж, остава простор за страв кај граѓаните од македонската етничка заедница да размислуваат во правец онака како што никој од нас не размислува и не би сакал да се случуваат вакви нешта на територијата на Република Македонија.

Навистина би сакала да го слушнам одговорот на министерот зошто упорно се инсистира општина Струга да и се промени етничкиот состав, да се зголеми од мнозинско

македонска општина со мнозинско македонско население да се зголеми бројот на албанското население од 14 иљади на 36 иљади. Дали е тоа смислата на децентрализацијата? Дали почитувани дами и господа посебно вие од извршната власт кога толку многу пари потрошивте во овие неколку месеци сакајќи да го промовирате процесот на децентрализација во Република Македонија, скоро сите весници ги полневте со флаери на кои пишуваше децентализацио да одлучуваме за тебе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке Бонева, се извинувам, ако може да се насочите кон амандманот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да почитувана госпоѓо потпретседател, зборувам за амандманот, зборувам за тоа зошто општините Велешта, Делогожди, Лабуништа и Луково треба да опстојат, а не да се приклучат на постојната општина Струга и со тоа етнички да го менуваме составот на населението. Јас не гледам навистина друга разумна причина. Ќе бидам многу задоволна доколку ми се одговори зошто не можат да постојат овие општини, што е тоа што тие во нивното досегашно постоење покажаа дека не можат да успеат да ги извршуваат надлежностите и процесот на децентрализација и што е тоа што ќе биде подобро на општина Струга со овие 4 општини кои ќе се додадат, дали со тоа ќе се зголеми економскиот развој на постојната општина Струга односно на новата општина Струга, дали ќе бидат поголем благодет граѓаните кога ќе патуваат од овие општини до градскиот центар, дали за тие многу подобро ќе се грижи градскиот центар за инфраструктурата во овие селски општини и што е тоа што ги врзува овие рурални средини со една градска општина, како што е општина Струга.

Повторно ќе кажам ова механичко припојување воопшто не оди во прилог на подобро и постабилно мултиетничко живеење на граѓаните од тој регион, а за процесот на децентрализација воопшто нема што да зборуваме, бидејќи не постои процес на децентрализација.

Во овој случај , навистина, за залагањето на претставницитер од албанската етнижка заедница да се направи една ваква општина со механичко припојување на овие 4 општини кон општина Струга, имам целосно разбирање, но навистина не можам да ги

разберам претставниците Македонци, кои учествуваат во власта, кои, само заради зачувување на коалицијата  се согласила за примена на овој етнички критериум. . .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам колешке Бонева за амандманот зборувајте.

(реакции)

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана г-ѓо потпретседател, не го измислив тоа. Тоа, беше  образложувањето на извршната власт, дури на Бранко Црвенковски. . .

(Реакции во салата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-ѓо Бонева, ве молам, ве молам, да не ги мешаме нивоата. Овде расправаме за амандмани за Струга. . .

СИЛВАНА БОНЕВА:

Точно така, и во овој случај, со овој амандман што го предлагаме, со кој што бараме општина Велешта, Делогожде и Лабуништа и  Луково да опстанат како самостојни општини и да не се придодаваат кон постојната општина Струга, сметам дека на тој начин, навистина, ќе им помогнеме на граѓаните и на процесот на Децентрализација, а не да се однесуваме како што се однесува коалицијата на власт, како да се плаќаат репарации во сопствената држава.

(Реакции во салата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке Бонева уште еднаш ве опоменувам, јас ве молам, последна опомена строго по амандманот.

(реакции со дофрлања во салата)

СИЛВАНА БОНЕВА:

Добро,

Еве, сега, почитувана госпоѓо потпретседателке, ќе се осврнам зошто бараме овие 4 општини да опстојат? Зошто сметаме дека општина Струга во постојните граници, навистина, ќе се оневозможи во нејзиниор развој доколку и се приклучат овие 4 општини.

Во моментот, општина Струга, се формира како општина во која што нејзините граѓани, нејзината локална самоуправа влегле во еден проект, пилот проект што е поддржан од повеќемеѓународни организации, пилот проект за реформа во локалната самоуправа и овој проект, фактички, во кој што велзе општина Струга е од интерес за понатамошниот стратешки и економски развој на локалната заедниц - општина Струга, меѓутоа, во постојните граници.

Овој проект го опфаќа развојот наопштина Струга за период од некоклу години и во него јасно се утврдени приоритетите што општина Струга, во постојните граници, си го зацртала заради нејзиниот подобар развој, заради решавање на проблемот со невработеноста, заради подобрувањето на земјоделското производство, подобрувањето на нејзината туристичка понуда и токму заради тоа, токму заради овие приоритети, јасно зацртани во Акциониот план што го има изготвено локалнага самоуправа на општина Струга, токму заради овие приоритети и заради нејзиниот зацртан иден развој според кој што тие работат, сметам дека општина Струга треба да опстојува во постојните граници.

Општината Струга, како општина, со овој Акционен план многу јасно ги зацртала своите цели на развој во кој што не стојат овие 4 општини што сега од 1.01.2005 година сакате да ги придодатете. Со цел да ја развијат општината како туристички центар, со богата вонпансионска понуда, се имаат поставено многу задачи пред нив, меѓу кои искористување на капацитетите во зимскиот период и имаат кажано кои се акции треба да ги преземат во кој период, јасно утврдени временски рокови и тоа во однос на изградба зимски туристички центар, со современ ски лифт, реконструкција на градско пливалиште, изградба на градска марина, простор за чување на пловни објекти, изградба на пешачка патека, покрај езерото до усјето на Црн Дрим, од усјето на Црн Дрим до село Калишта. Понатаму, центар за производство на домашни ракотворби, сувенири, занаетчиски производи со цел да ја промовираат туристичката понуда, имаат зацтано пред себе формирање на агенција за унапредување на туризмот во општината. Потоа за отворање нови работни места имаат предвидено производство на здрава и еколошка храна и формирање на капацитет за одгледување и преработка на риба. Понатаму, производство и преработка на печурки, проширување на постојните капацитети што ги

имаат, осовременување на мрестилиштето во село Шум, за порибување на Охриското езеро, натаму имаат предвиднео проект за осовременување на постојните капацитети, кланици, ладилници, млекари. Проширување на постојниот каменолом, рестартирање на повеќе индустриски капацитети што ги имаат, создавање услови за развој на индустриската зона со инфраструктурно уредување на индустриската зона, изградба на автобуска станица, современа депонија со фабрика за обработка и рециклажа на отпад итн., итн. Не би сакала да читам што се претставува цел на општина Струга во постојните граници.

Која е, повторно ќе кажам, целта, почитувани дами и господо, овој Акционен план, оваа желба на граѓаните од општина Струга за нивен самостоен развој, која е вашата цел да го сопирате овој развој, која е вашата цел да го сопирате развојот на општина Струга, на овие други четири општини, општина Велешта, Делогожда, Лабуниште и Лукво, наспротив волјата на граѓаните? Јас, навистина не можам да разберам како може да се лутите кога велиме дека само етничкиот критериум бил пред вас, бидејќи навистина нема апсолутно никаква друга смисла за укинување на границите на постојната општина Струга и правење на една вештачка општина Струга, една општина Струга со придодавањена уште 4 општини што само ќе ја оптоваруваат, што ништо нема да направат за аподобрување на состојбата на граѓаните во општина Струга. Јас незнам како ќе им го објасните вашиот процес на децентрализација со ваквото мото што го рекламирате “Децентрализација - да одлучуваме за себе”, со сите тие флаери што ги ставивте низ Република Македонија. . .

ЛИЛЈАНА ПОПОСКА:

Колешке Бонева. . .

СИЛВАНА БОНЕВА:

Навистина, почитувана потпретседателке не можат да сватат граѓаните на општна Струга, не можат да сватат граѓаните на општина Луково, на Лабуништа, што е суштината на процесот на децентралицацијата. Тие, суштината на процесот на децентрализација го сфаќаат во доближување на услугите кон нив. Доближување на централната власт до граѓаните. Нивно поголемо учество во структурите на одлучувањето. Повеќе советници,

повеќе кои ќе можат за нив да одлучуваат, ќе можат да водаст сметка за нивниот развој. Овде го имаме обратниот процес. Овде имаме процес на централизација.

Затоа почитувани дами и господо, сметам дека треба навистина да ја почитуваме Европската повелба, постојано спомнуваниот овде член што не обврзува како држава да го респектираме и мислењето на локалните самоуправи и конечно, сметам дека над интересот и политички и ваш коалиционен интерес треба да биде интересот на граѓаните од локалната самоуправа, интересот вкупно на граѓаните во Република Македонија и сметам дека овој амандман само ќе придонесе за подоброто решение, за подобрите услуги во овој процес на децентрализација, за подобро опстојување и развивање на сите овие општини и општината Струга во постојните граници и општина Велешта и Делогожди и Лабуништа и Лукво.

Доколку сакате интересот на граѓаните доколку не демагошки, туку вистински се залагате за овој процес на децентрализација, ќе го приатите овој амандман и ќе им овозможите на овие општини да го продолжат својот сопствен развој за доброто на граѓаните од овој регион.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално збор бара г-ѓа Ганка Самоиловска - Цветанова, повелете.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Почитувана потпртседателке,

Јас би ве замолила, сметајќи дека пратеничката Бонева апсолутно не излезе од темата, би ве замолила да овозможите непречено работење во собраниската сала. Доколку не им се допаѓа на пратениците тоа што таа го говори, нека ја напуштат салата. Или, доколку се заморени, може да ја прекинете седницата. . .

(реакции со дофрлања)

Еве, пример што се случува.

Затоа, ќе ве молам, принципиелно да реагирате. Доколку се нервозни, не им се слуша тоа што некој го говори, ве молам, да ја прекинете собраниската седница и утре да

продолжиме. А, ако не сакате да ја прекинете, тогаш ве молам да ги слушате пратениците да го говорат тоа што сакаат да го кажат и тоа што сметаат дека треба да го кажат.

(Реакции со дофрлања)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКСА:

Благодарам.

Ве молам колеги да се почитуваме и да се сослушаме.

Колешке Ганка Самоиловска - Цетанова, дали сакате одговор на вашето процедурално поставено прашање, одосно забелешка?

Според тоа што јас го сметам мислам дека сосема принципиелно ја водам седницата и ставам забелешки во секој момент кога сметам дека некој се одалечува од темата директно што е поврзана со некој амандман. Или пак доколку некој употребува зборови или изрази што можат да повредат некој присутен во салата или надвор од неа. Така што мислам дека во моментов дадов опоменување за г-ѓата Бонева во некоку наврати кога таа излезе од темата што беше, што беа амандманите што се на дневен ред и кога отиде веќе во една поширока расправа по текстот на Законот. Ние ќе имаме по овие амандмани, знаете расправа по текстот на Законот и тогаш ќе може пошироко да се елаборира за сфаќањата и за концептот на територијалната организација.

Процедурално збор побара г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам, г-ѓо потпретседател,

Јас процедурално би побарал да обрнете внимание на г-ѓа Самоиловска - Цветанова да не држи лекции што треба да правиме, особено кога таа само што е дојдена тука, а се повикува на тоа дека некој е заморен. Значи, да не држи лекции како треба да се однесуваме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Под процедурално сите реагирате онака како што сметате дека треба да реагирате, кога мислите дека нешто е прекршено. Тука сме сите да се договориме и се да оди во најдобар ред.

Одиме понатаму со преликите, според редоследот.

Прв е пријавен г-дин Хусеинџеват Хусеини.

Господине Хусеини, повелете.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Само кратко, многу се занесе колешката за големиот развој.

Да имавме развој, колешке, ќе бевме на одмор а немаше да бидеме тука.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму, за контрареплика се јави г-ѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега,

Јас воопшто не сум се занела за големиот развој. Интенција на овој закон е децентрализацијата, доближување на услугите до граѓаните, а не оддалечување. Самиот процес на децентрализација, велиме дека треба да овозможи позабрзан раст и развој на општините, општините што во моментов се во Република Македонија, сите мали општини од 1996 година, до сега, покажаа навистина еден интензивен развој. Тоа што не го беа направиле 50 години наназад успеаја од 1996 година до денеска многу да направат за сопствените граѓани. Токму заради тоа зборуваме за развој на овие општини. И, мислиме дека овој процес што сега вие го спроведувате, што вие го нарекувате децентрализација ќе го кочи ваквиот добар тек на развојот на овие општини.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

На ред пријавен за реплика е г-динот Томе Тромбев, повелете.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам, потпретседателке,

Веќе некоку дена слушаме, како расипана грамофонска плоча, се повторува членот 5 од Европската повелба за локална самоуправа.

Бидејќи министерот на повеќепати ја објасни смислата на овој член јас ќе се потрудам со фактите, со читање на самите членови и од Европската повелба и од

законите за локална самоуправа и од претходниот Закон и од овој закон да покажам дека не е така како што зборува пратеничката.

Имено, во членот 5 од Европската повелба за локална самоуправа е напишано: “За секоја промена на територијалните граници заинтересираните локални власти треба да бидат претходно консултирани евентуално по пат на референдум таму каде што тоа е дозволено со закон”. Кај нас тоа беше уредено со Законот за локална самоуправа од 1995 година, каде што беше напишано:”Основање на нови единици на локална самоуправа и промена на подрачјето и седиштето на единиците на локалната самоуправа се врши со закон по претходно консултирање на населението на односното подрачје, преку собири на граѓани, односно преку референдум”.

Сега доаѓа Законот за локална самоуправа во 2002 година што е донесен од пратениците на ВМРО во ова Собрание. А, тој гласи: “Територијалната поделба на Република Македонија, утврдувањето на подрачјата, имињата, седиштата и границите на општините, постапката за основање општини, спојување, поделба и промена на границите, и други прашања во врска со територијалната поделба се уредуваат со закон”. Ех сега, тука би сакал да ја прашам пратеничката Бонева зошто ВМРО му го ускрати, законското право на референдум на локалните самоуправи? А, од друга страна со овој закон се воведува пак тоа право, во членот 2. Само на тоа да ми одговори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам,

Повелете г-ѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА

Колега и јас пред мене ја имам Европската повелба за локална самоуправа и членот 5 кој што јасно кажува “границата на територијата на која се простира надлежноста на локалните власти не смејат да семенуваат без претходно консултирање на локалните заедници што се во прашање, а доколку тоа е можно, по пат на референдум кога е тоа предвидено со Статус”.

Е сега, обврска и според Рамковиот договор при ревидирањето на границите, онака како што е наведено е да ги консултурате локалните заедници. Зошто вие воопшто

не ги консултиравте локалните заедници, ниту пак ги земате предвид 41-от референдум на локалните заедници во Република Македонија.

(Реакции во салата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму со реплики.

Има збор 'Гзим Острени.

'ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Ви благодарам г-ѓо потпретседател.

Не би сакал да зорувам многу, би сакал да наведам некоку прашања во врска со дискусијата на г-ѓа Бонева.

Говореше за економскиот развој дека е правилен и добар. Во селата, не општината, бидејќи како што сака да ги именува Велешта, Делогожда и Лабуништа, не знам дали била во овие места, да види дека таму има само инвестиции што ги имаат направено самите граѓани, работејќи надвор од државата.

Понатаму, прашаа зошто се инсистира за албанско мнозинство? Не се инсистира за албанско мнозинство, туку еве што тие се мнозинство. Ако г-ѓа Бонева стаса да ги изнесе надвор од таа општина и да создаде едно село - општина за да ги изолира и да живеат во гето и да се занимаваат со работи како што ги вршеле досега?

Понатаму, рече и дискусијата и беше со прашања, што ќе добијат граѓаните? Ние, кога сме се определиле за една ваква територијална организација знаеме што ќе добијат. Но, таа треба да ни каже што ќе загубат граѓаните? Таа тоа не го кажа.

Понатаму, г-ѓата наброја што ќе прави Струга. Дали ќе може да наброи што ќе прават Велешта, Делогожде и Лабуништа, дали тие не се деливи на нашата Република.

Затоа, мислам дека дискусијата е еднострана и повторо доаѓа до границата, бидејќи сака да најде причини, но причините не постојат. Доколку имаше можност да ни каже каков развој ќе имаше Велешта, Делогожда и Лабуниште, тогаш јас ќе се согласев да го поддржам амамндманот.

Понатаму, не говореше дека општините треба да застапуваат една територијална целина и економска, демографска целина, еднакултурна и други целини. Таа само поставуваше прашања и прашања, а кој ќе одговори на ова?

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-ѓо Бонева повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван г-дин Острени,

Јас воопшто не сакам да го изолирам албанското население како што велие вие и да го ставам во гето. Вие самите тоа го направивте со албанските млади со Тетовскиот универзитет. Е сега, јас ќе ви кажам нешто друго. Вие почитуван г-дине Острени не дадовте одговор како коалиција зошто упорно инсистирате да го зголемите бројот на албанското население во општина Струга,  зошто етничкиот критериум ви е основниот критериум за кроење на новите граници на општина Струга? Ние се залагаме за рамномерен развој на сите општини. Помалите општини имаат повеќе можност да опстојат. Не значи ако соедините 4 мали општини кои што немаат финансиска моќ, дека ќе станат побогати, ниту пак ако ги соедините кон општина Струга дека ќе бидат побогати. Секоја општина има можност за поголем развој доколку остане самостојна има повеќе можности да користи многу средства и од европските фондови и на тој начин да го доживее сопствениот развој.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално има г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Потпретседателке, сметам дека не реагирате, бидејќи секогаш кога зборуваат пратеници од опозицијата, во конкретниот случај колешката Силвана Бонева толку е голема галамата од позицијата што навистина не доликува. Значи, би сакал да реагирате и да ги предупредите со ѕвончето, дека навистина ја надминуваат границата на бучавоста во Парламентот.Инаку, вака нема далеку да стигнеме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, благодарам. Ги замолувам сите пратеници внимателно да се слушаме и да се почитуваме за време на дискусиите.

Процедурално има г-ѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Ѓ-ѓо потретседател, ние не можеме да им забраниме на пратениците да разговараат меѓу себе, а нивото на бучава сигурно не е поголемо од она додека беше тропањето и лупањето за време на расправата за буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Би сакал да почнам со слоганот на Министерството за локална самоуправа, да одлучуваме за себе. Ова е официјалниот слоган на Министерството за локална самоуправа по повод процесот на децентрализација во Република Македонија . Меѓутоа, она што се случува во пракса навистина неможе да одговара на овој слоган на кој што се повикува Министерството, односно Владата на Република Македонија . Зошто го велам тоа? Затоа што најпрво референдумските изјаснувања значат граѓаните да можат да одлучуваат за себе. Тие се сметаат за необврзувачки и заради тоа Владата не ги почитува и донесува одлуки какви што донесува.

Втора работа која што несоодветствува воопшто со овој слоган се однесува на изјавите од типот: на маса е предлогот за Струга во постојните граници, Кичево со Осломеј, Скопје двојазично како и предлогот на ДУИ кон Струга да се припојат околните села со доминантно албанско население, Кичево со Зајас и Осломеј, а кон Скопје да се припојат Сарај и Кондово. Значи, одлучувањето за себе Министерството за локална самоуправа, односно пред се Владата на Република Македонија , затоа што сум сигурен дека Министерството направило максимални напори за почитување на критериумите при утврдувањето на границите на општините, го довело Министерството за локална

самоуправа да даде ваков предлог за општина Струга кој што не е резултат на критериумите на кои што се повикува Министерството, туку е резултат на политички договор на коалиционите партнери во Владата на Република Македонија . Од тие причини Велешта, Делогожди, Луково, Лабуништа сега стануваат дел на општина Струга, а не заради тоа што на тој начин жителите на овие општини ќе можат подобро да одлучуваат за сопствените локални потреби и за локалните работи, или пак дека на тој начин понепосредно ќе одлучуваат за она што им е неопходно во тие селски средини.

Општина Струга имаше референдум. На референдумот гласаа граѓаните, жителите на општина Струга. Локалната власт на општина Струга имаше многубројни барања за опстојување на нивната општина во сегашните граници. Како резултат на тоа и како резултат на протестите на жителите на Струга добивме 40-тина повредени, добивме околу 200 приведени во полиција, се случија шок бомби, гумени куршуми, солзавец. Ова не требаше да се случи, затоа што навистина почитувањето на волјата на жителите на општина Струга ќе значеше надминување на секакви шанси за вакви случувања. Меѓутоа, она што се предлага сега единствено значи наметнување на волјата на власта, на централната власт над волјата на жителите на општина Струга. Фактички ова беше признато и од високи официјални личности на Република Македонија каде што беше децидно кажано дека етничкиот критериум е вметнат во предложениот закон за тетиторијална организација и беше изјавата на Бранко Црвенковски дека Владата наивно се обиде да се одбрани од таквите обвинувања. Значи признавањето дека на овој начин мораше да се отстапи од експертскиот систем при донесувањето на решението за Струга децидно кажува од кои причини денес разговараме за вакво решение.

Ако е нешто смешно?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, имавме и полоши моменти.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, ова е нормална атмосфера за овој Парламент. Тогаш, продолжуваме понатаму. Значи, ова решение за општината Струга и потребата за прифаќање на компромисот помеѓу раководствата на СДСМ и ДУИ кои што на овој начин единствено

што прават, ја спасуваат коалицијата, меѓутоа создаваат услови за етнички делби кои што можат да се случат не само во општина Струга, туку и пошироко на ниво на Република Македонија.  СДСМ навистина не смее да си дозволи со цел да има некаква комоција..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е на ред  СДСМ, туку е амандманот.Ова ви е прва опомена.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не треба да си дозволи да не го прифати овој амандман и да остане на фактот дека политичкиот договор кој што е направен со ДУИ мора да опстои по секоја цена, па и по цена на создавање на етнички тензии во Струга. Од овие причини навистина заради таквиот метод и таквиот начин на цртање на границите на општина Струга се создаде народно незадоволство, затоа се случуваат и тие Струшки вечери на отпорот и затоа власта од општина Струга прави општина која сега има со овој предлог над 60.000 жители и села кои што се оддалечени од градот Струга дури и 50 километри. Затоа власта фактички ги поистоветува етничките критериуми, исто она што се случува во Тетово, или на други места со етничките критериуми кои што ги применува и за Струга. Меѓутоа, сепак, требаше да се има поголема доблест, или пак да се посвети поголемо внимание на референдумскиот бунт кој што се случи во Република Македонија, затоа што факт е дека огромен дел од постојните општини направија референдуми, како што е случајот и со Струга и со Лабиниште, фактички од четири општини кои што се припојуваат, односно од пет кои што се спојуваат, две општини се против тоа, а три се за. Разликата е во тоа што тие три кои што се за се со доминантно албанско население, односно децидно е применет етничкkиот принцип и пристап при определувањето на границите на општина Струга. Заедничкиот живот на албанците и македонците во Струга секогаш имал примарно место за жителите на општината Струга и затоа сите оние решенија кои што се наметнати со сила не водат никаде, освен кон етнички поделби и стануваат извор на нетрпеливост  и судири. Стружани се убедени дека жителите на околните селски општини не можат подобро од нив да ги организираат на пример Струшките вечери на поезијата. Тие се свесни дека со овој закон се цртаат етнички граници, се обележуваат територии,

се создаваат услови за идни делби по етничка линија. Со овој закон на маса, се реализира она што не се направи во текот на 2001 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски зборувајте за амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Цело време зборувам за Струга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувавте нешто за минато што не се реализирало тогаш. Ве молам зборувајте за амандманот. Ве опоменувам по втор пат.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, сегашната етничка структура на Струга, односно прифаќањето на амандманите кои што се предложени гарантира изразување и на културниот идентитет на албанците, задоволување на нивните јазични потреби и почитување на принципот на еднакви права за сите жители на Струга независно од нивната етничка припадност. Со овие решенија кои што се однесуваат на Струга, меѓутоа и Кичево е во слична ситуација се наметнува потреба за некаков нов договор за заштита на малцинските заедници на локално ниво со кој ќе се обезбеди почитувањето на нивните човекови права и со кои ќе се создадат услови за барање на решенија кои што ќе ја спречат мајоризацијата овој пат на локално ниво, како што фактички и албанскиот политички фактор се бореше против таа мајоризација која што според него владеела на централно ниво. Значи, она што важи на централно ниво за албанците, нормално е дека за малцинските заедници треба да важи на локално ниво, со цел тие да се чувствуваат заштитени од евентуалните вакви цртања на граници кои што предизвикуваат сомнежи дека етничкиот пристап е доминантен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, дали со ова ваше барање за Бадинтерово мнозинство вие се согласувате со решението на Владата? Вие не зборувате за амандманот. Имате расправа по текстот на Законот каде што можете тие работи да ги поврзете. Сега ве молам, за амандманот, станува збор за Велешта, за Делогожди, за Лабуништа и Луково.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Претседателе се обидувате да не замолчите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас само сакам да се зборува по амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Што мислите, дека ова не е политичко решение за Струга?

Припојувањето на Велешта значи потреба од зачувување на интересите на малцинската заедница која што со овој предлог станува ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа значи дека вие се согласувате со предлогот на Владата, штом се борите за Бадинтерово мнозинство.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Тоа значи дека не постојат тие механизми и затоа тој предлог не треба да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе дојдат тие закони, околу тоа веќе е објаснето и за тоа ќе дискутираме.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, не е дел од амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве опоменувам по трет пат, ве молам држете се по амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Добро, десетина пати можете да ме прекинете, нема проблем, јас ќе продолжам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ќе ви одземам збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Добро, тоа можете да го направите, меѓутоа ова насилие кое што го вршите, гласаме тука без да знаеме за што гласаме. Го признавате гласањето за заедничкиот претрес, сега ме исклучувате заради тоа што зборувам за амандманот. Значи, основната грешка на ова решение за општина Струга е тоа што наместо почитување на принципот

на мултикултура на општините, се применува концепт на создавање од малцинство, мнозинство. Затоа се случува и вакво произволно спојување на селски општини како општините кои што се припојуваат сега со Струга и се создава доминација на една над друга етничка заедница. Значи почитувањето на тој етнички принцип со спојувањето на селските општини кон градската средина Струга, дефинитивно води кон мајоризација на една етничка над друга етничка заедница. Спречувањето на тоа е почитувањето на принципот на мултикултурниот живот во општина Струга кој што се покажа како успешен начин на фунционирање на општина Струга во целиот досегашен период на нејзионото егзистирање како општина. Значи, на овој начин се нарушува и основната концепција на Рамковниот договор за Македонија како земја со мултикултурни атрибути, а не како бинационална држава. Или евентуално она што треба да претставува овој закон, можеби може да се свати како некоја преодна фаза за утврдување на границите на општина Струга со доминантно албанско население кое што може да се однесува и на други општини и кое што ќе значи подлога за реализација на некои други цели во иднина кои што се директно поврзани  со албанската етничка заедница. Меѓутоа, на страна од сето ова, сакам да спомнам дека доминацијата во Струга на албанското население кое што се носи од приградските општини, односно припојувањето на приградските општини во општина Струга може да претставува и дел од еден друг концепт кој што значи создавање на еден регион со сопствен политички идентитет кој во нормални услови навистина нема да може да се укине и ова евентуално создавање на таков регион со мнозинско влијание на албанците треба да биде некаква гаранција за амортизирање на сепаратистичките тенденции на албанската етничка заедница. Мислам дека на овој начин се создава од Македонија..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине Стојановски, ви го одземам зборот. Исклучето го господинот Стојановски.

За реплика се јави господинот Гзим Острени.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Господионе претседател, сакам да реплицирам на господинот Блаже Стојановски во врска со неколку точки. Како прво, прашањето, зошто не се почитуваше волјата на народот изразена на референдумот. Господинот Стојановски, кого нарекува народ, бидејќи референдумот во Струга беше еднонационален референдум.

Како второ, рече дека договорот ја спасува коалицијата. Не, господине Блаже, договорот го спасува соживотот во Струга, затоа што граѓаните во Струга имаа голема неправда во текот на изминатите години и сега таа неправда се поправа. Во рамките на општина Струга има 17 села. Ние сега ги враќаме и оние три кои што припаѓаат во оваа општина, Велешта, Делогожди и Лабуништа. Но, граѓаните беа многу попаметни од нас, од мене како политичари. Тие навистина направија протести, но на денот кога требаше да се одржи манифестација од културата на албанците во Македонија, тие им рекоа на своите сограѓани: Ние нема да демонстрираме вечерта кога вие имате манифестација. Значи, треба да одиме по патот на граѓаните. Рековте дека 50 километри се оддалечени овие села од Струга. Мислам дека Дебар е оддалечен од Струга 50 километри, Преспа и тн. Тоа се села кои што се оддалечени 7-8 километри од Струга, тоа се села кои што се поблиску отколку што се Радожда, Вишње и тн. Затоа мислам дека Предлог-законот за територијална организација е во ред и треба да се отфрлат аманманите кои што се обидуваат да ја поделат повторно Струга и да се создадата изолирани села.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Стојановски, контра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Со зборувањето почнува минутата, или со приклучувањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута од сега, почнете, не го трошете времето.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Морам да прашам бидејки се случуваат невообичаени работи.

Кога зборуваме за општина Струга г-дине Острени, вие постојано велите дека окрупнувањето на општините, значи враќање на општините кои што постоеле во социјализмот и каде што општинските власти беа именвуани од идеолошки центри, од партиски центри и каде што непостоеше вистинска автономија на тие општини.

Ако зборувате за децентрилизирана власт од тоа време не можете да ја споредувате таа власт, локална власт, со она што сега е предвидено со Законот за локална самоуправа,  затоа што со негосе предвиден ингиренции кои што значат изворни приходи, изворно финансирање,  изворни кадровски решенија каде што централната власт нема да може да влијае во случај на нарушување на одредени состојби во тие општини. Бараме функционалност на општините без нарушување на етничката рамнотежа каде што таа постои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Рафис Алити имате реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарма претседателе,

Јас навистина и од другите пратеници слушнав, еве како што рече и пратеникот Блаже Стојаноски, дека на локално ниво припадниците на македонската заедница се малцинство, нешто што не е виситна и не е точно. Јас мислам дека со оваа теза кој анонстоп се фрла од страна на опозицијата се настојува да се заплашат припадниците на македонската заедница или да се манипулира со нив бидејки тие кој го познаваат Уставот, мислам дека Стојаноски го познава Уставот и нему му е јасно дека припадниците на македонската заедница на ниво на Уставот им се гарантирани сите права во цела Република Македонија. Така што не е вистина дека тие по аутоматизам ќе бидат малцинство. Напротив, и уште еднаш да нагласам, сите права се гарантираат со Уставот на ниво на РМ и не е добро да се манипулира со граѓаните дека еве до денес се мнозинство, а утре ќе бидат малцинство.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас би ви поверувал на овие зборови доколку не се случуваше да бидат отпуштени македонци, а на нивно место примани албанци при реализацијата на застапеноста на албанците на централно ниво. Или доколку во Тетово има некое функционерско место каде што има Македонец кој што е застапник на македонците кои што живеат таму. Меѓутоа, тоа што се случува во реалноста навистина зборува за спротивни работи од ова што гокажувате.

Јас би ве повикал во реалноста да го направите тоа што го зборувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули имате реплика. Процедурално. Повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, во име на пратеничката група на СДСМ, ве молам за 15 минути пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се изморивте.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Не, процедурално, според Деловникот можам д апобарам пауза, во седум дена можеме и ние од СДСМ да побараме пауза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

15 минути пауза.

(Паузата започна во 20,55 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 21 и 10 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор г-дин Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господин претседателе имам среќа вие да сте сега зад мене инаку до сега беше Лилјана Поповска, па ќе имав можеби подобра дискусија, инаку вака верувам дека ќе ме прекинувате, но ќе гледам да се држам на амандманот.

На сите ви е познато почитувани колеги за една реченица или еденслоган којшто многу често се спомнува и се зборува, а тоа беше, како Струга нема друга. И, уште е така, како Струга нема друга, меѓутоа со предлогот кој што ни се нуди јас ве уверувам дека како Струга ќе има друга. Имаме многу сеиозен кандидат во Кичево.

Инаку, со амандманот почитуван претседателе, почитувани колеги, се предлага општината Струга да остане во оние граници како досега, значи со стариот предлог, тоа значи без општината Велешта, без општината Делогожди, без општината Лабуништа и без општината Луково кои што сега се придодаваат. Кога се расправавме јас кажав, и сега ќе кажам, апсолутно не логичен предлог ако може да се каже, ако е некоја потврда или правнички кажано корпус деликти дека овој закон е нелогичен е токму општината Струга токму онака како што Владата го нуди. И, сите, верувајте, сите критериуми паѓаат во вода. Сите оние кои што министерот упорно се обидува да ги објасни, да не ги набројувам, ги има многу. Овдека е еклатантен пример на чиста примена на етничкиот принцип односно критериум. И, тоа можеби не е толку спорно,проблемот е и се наметнува прашањето што е тоа што ја натера Владата да излезе со ваков предлог или уште подобро што е тоа што колешката Цветле Јанеска и г-динот Нелко Стојаноски ги натера да поднесат ваков амандман. Да не заборавиме и двајцата се пратеници на парламентарното мнозинство. Што е тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски не реплицирате, туку имате свој насатап, ве молам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ама јас не реплицирам, јас кажувам, предлагачите, ништо не реплицирам само кажав, предлагачите.

Добро, што е тоа што ги натера предлагачите да поднесат ваков амандман. Еве ќе ви кажам што е. Проблемот е тоа што јас го кажувам, значи, нелогичноста на предлогот Струга да се спои со општина Велешта, почитуван претседателе, со општина Делогожди, со општина Лабуништа, со општина Луково. Зошто, тоа ќе го потврдам со одредени показатели.

Овде ви е предлогот од првата фаза, дозволете само накратко, нема многу време да ви одземам, да не ја згрешам само Вевчани, значи општина Струга со првиот предлог, со првата фаза, би сочинувала 36892 жители, така стои овде, ваш е предлогот. Општина Велешта 8156, Делогожди 7884, Лабуништа 8935 и Луково 1509. Значи оној критериум општината исполнува минимум 5 илјади жители, овие ги исполнуваат. Тоа е оној критериум.

Од друга страна ако се земе каков е етничкиот состав ќе видите дкеа во сите овие општини што гинаброив и што се предмет на амандмнот се во доминантно албанско население. И, сега тука зборуваме, кажаа и други колеги, значи целта е според Рамковниот договор кој што многу пати се спомнува, мултиетничкиот живот и т.н. и т.н., а овде е еклатантен пример дека не е во принцип мултиетничкиот живот, овдека е почитувани колеги од ДУИ сосема, сосема јасна позицијата. Овде е преку Струга што нема друга да се дојде до бинационална општина. И, тоа се прави многу јасно и прецизно.

И денеска, сега го имаме вториот предлог односно Предлогот на закон, почитуван министре, вели Струга број на население 63376, македонци 20336,  тоа значи 32,09%, албанци 56 и другит ене би ги спомнувал. Наспроти претходно каде што македонците биле  34%. Значи во секој случај разликата била многу помала, да не ги барам сега податоците, ќе губиме многу време.

Значи основната цел да се нарпави од една општина која имала и двојазичност, а има и  по новиот Рамковен договор и по Уставот, не е спорно да се направи уште поголема општина во која што уште повеќе ќе доминира албанското население.

Сега јас ќе ви поставам неколку суштински прашања кои што се наметнуваат. Што е причината поради поднесување на ваков амандман или поднесување на ваков предлог.

Првото прашање се поставува, дали е тоа Рамковниот договор? Одговорот е не. Зошто? Треба ли да ви го читам сега Рамковниот договор кој што овде пред мене гоиспрочитаа, го искажаа дека нема блага врска. Значи не е Рамковниот договор. Ако сакате ќе ви читам, меѓутоа не сакам во интерес на времето.

Второ прашање, дали е тоа заради интересот на граѓаните на Струга. Одговорот е не, почитуван колега. А, ќе ви кажам и зошто. Затоа што ако некој ги гледал и почитувал интересите на граѓаните на Струга, денеска немаше да биде непожелна личност таму. Кој е непожелна вие добро знаете. Иницијали не сакам да спомнам затоа што претседателот ќе ме опомени. Личности исто така кои што не се присутни нема да ги спомнувам, а никој фала богу не е присутен од тие што не се пожелни, еден беше па се кае што појде. Еден најавува дека ќе оди, ама се чини дека нема да оди. Значи, ако некој ги почитувал интересите на граѓаните, се знае кој е интересот на граѓаните. Еве колешката добро кажа. Та кажа Струга сака да биде таква каква каква што била. Тоа го ажаа сите таму и со референдум и со оние протести и пратеничката на Струга која припаѓа на парламентарното мнозинство, не е реплика претседателе, и сите до ден денес протести не само во организација на ВМРО-ДПМНЕ туку и општиот граѓанин, спонтани коишто ви се случуваат секој ден, тоа е почитуванминистре ставот на Струга. Значи критериумот или прашањето кое го псотавив дали е тоа во интерес на граѓаните на Струга. Одговорот е не. И тука нема дилема.

Трето прашање дали е тоа заради некаков поголем развој економски и незнам каков на Струга. И, тоа не е точно значи, не е тоа. Зошто? што и фалеше на Струга до сега. Ништо не и фалеше. Што ќе добие Струга со овие 4 општини кои што се исклучиво рурални и кои што можеа сами без Струга, како што можат, и прашањето што ќе добијат на поле на некаков си развој. Ништо. И, тоа ќе го видиме, затоа што оние критериуми што ги кажуваше почитуваниот министер во делот на одредени општини кои што држат место, не велам не, за развојот како критериум економски и т.н. овде е апсолутно спротивно. Значи, тоа е одговор не.

Четврто прашање, дали е тоа за да се задоволи нечиј апетит или желба надвор од сите реални критериуми. Е, тука е одговорот да. И, треба ли да погодуваме чија е таа

желба, чиј е тој апетит. На сите ви е јасно. Јасно е дека овде не се работи токму за ни еденкритериум освен да се удоволи на нечија желба, желбата претставена преку одредена политичка партија, преку одредени политички фактори, преку одредена коалиција и преку еден кој што седи таму во Владата, не е министер, мислам ја посетува Владата, а не е минситер за да се задоволи тоа  што треба да се задоволи.

Следно прашање, е ова прашање мислам дека е суштинско, дали е тоа јас си го поставувам прашањето не мора да значи дека е став на некој друг, јас лично го поставувам прашањето, тоа е, дали не е тоа реализација на една претходна платформа зацртана во аналите на сега расформираната ОНА, а политички претставена преку ДУИ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски зборувајте за амандманот, прв пат, ова веќе е надвор. Тоа се веќе ваши хипотези кои што се надвор од амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, мислам дека струга не е надвор од тема. Имам право да зборувам за тези во врска со амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има, ама кажете ми во врска со амандманот овие, општините што ги враќате назад каде имаат основа во вашето тврдење.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Општините ги враќаме, не ние г-дине претседателе, туку предлагачите на амандманот, ги враќаме за да не се оствари оваа платформа, ајде ќе го кажеме во друга форма.  За да не се оствари таа платформа ние ги враќаме следните општини: Велешта, Делогожда, Лабуниште и Луково. Која е таа платформа ја знаете добро, не.  (реакција на некои од пратениците во салата), не е на Љубчо Георгиевски, туку ќе ви кажам на кого е.

Јас ќе ве потсетам почитувани колеги.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, без шеги, сериозна е работава.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Работата е крајно сериозна, ќе ве потсетам само на неколку реченици. Постоеше почитувани колеги една наредба потпишана од тогашниот, сегашен пратеник, а со име Али Ахмети, кој што во дел од наредбата вели, став 3 член 3 од наредбата. “Со намера за проширување на целата територија на Македонија да се продолжи со подготовки за отварање на борби во правци на тие, тие и тие и Струга”. Е, сега тоа беше наредба во време кога постоеше некаква си воена формација која се викаше ОНА.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, уште еднаш ве молам, навистина држете се до амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

До амандманот се држам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не се држите до амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Што е надвор од амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие и да ги одвоите овие општини како што се предлагачите, пак албанското население таму ќе живее. Според тоа развивате политички теории врз основа на амандман. Ве молам држете се до амандманот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сега ќе излезе дека се држам до амандманот. Значи, тезата која што ја кажувам го потврдува оној критериум претседателе кој со амандманот се предлага, се бара територијално разграничување на овие општини кои што се додаваат.

Тоа е оној принцип кога се зборува за територија заради територија, не е ништо друго и заради население за да има повеќе. Еве, министерот потврдува, вие постојано ме опоменувате дека не зборувам за амандманот.

Јас кажувам кога е целта да се спои, а предлогот на законот ја спојува таа општина, но јас сега велам дека амандманот ја раздвојува, значи ја враќа назад. Зошто

се направило така во законот, јас не можам да не кажам зошто. Затоа што според мене целта е некоја платформа која треба да направи територија, почитуван министре и се почнува од Струга, после четири години ќе биде Кичево, Скопје итн, да не зборувам која линија е.

Уште многу прашања поставувам. Знам дека претседателот ќе ме опоменува. Значи сето ова што го кажав за нелогичноста на предлогот, прашањата кои ги поставив на кои јас одговорив го потврдуваат она, почитуван претседателе, кое некој го објави дека резултатот е 3:0. Меѓутоа, сега имам уште едно прашање. Многу сакам да го дознам одговорот, ама во контекст на амандманот, зошто почитуваниот господин Црвенковски изјави дека ако не беше 3:0, ќе беше 5:0.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не спомнувајте имиња, ве молам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не го спомнувам, не можам да го кажам претседател затоа што не го признавам за претседател.

Значи зошто би бил резултатот 5:0. Тоа е навистина индикативно прашање. И зошто, ако никој друг, барем тој призна и јавно кажа дека токму етничкиот критериум бил клучен кога е во прашање Струга. Дури, упати опомена почитуван министре дека Владата треба да има храброст да каже да, - еве да се потрудам да го цитирам - етничкиот критериум беше пресуден, покрај другите тој најмногу. Меѓутоа, пак е прашањето што би било ако би било 5:0, која друга општина би отишла во рамките на ова што го кажав, а претседателот не ме остави да кажам за онаа платформа за која зборував. Но кога ќе дојде претресот на законот, тоа ќе го кажеме после.

Тука комплетно е нелогичноста. Кога станува збор конкретно за амандманот апсолутно е вред она што предлагачот го предлага, во делот кој вели дека општините Велешта, Делогожда, Лабуништа и Луково да се изземат од овој предлог на Владата, односно да останат каде што се и сега и тоа е апсолутно логично и го поддржувам. Меѓутоа, апсолутно нелогично е за другиот амандман кој го споивме, кој вели дека тоа

треба да се случи, односно тие општини кои се предлагаат со амандманот, а се бара да се изземат, да се припојат после 4 години или рецептот Кичево.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е тој амандман сега, тој е посебен. Ќе дојде на дневен ред подоцна.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Заедно се, претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мене господинот Коце Трајановски ме опомена дека не се заедно. И да знаете дека не се заедно, туку беа спомнати во настапот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, почитуван претседателе, ако вие го почитувате господинот Коце Трајановски за тоа што ви го кажал, еве и јас го почитувам со оглед дека е координатор на пратеничката група и за мене е должност да го почитувам тоа што ќе го каже господинот Коце Трајановски.

Еве, ја завршувам дискусијата за да не бегаме од темата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, поставивте осум прашања. Не се тешки, но се суштински. Бидејќи сум изморен, не можам да размислувам сега за нив.

Тука ја прекинувам седницата, а продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 21,30 часот).